РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА БЈБ 2016

ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ АНАЛИЗА

јануари 2017 година

Почитувани,

Во последните години и особено во извештајниот период кој измина, Бирото за јавна безбедност се соочи со сложени безбедносни закани, предизвикани од променливи форми на радикализација, тероризам, насилен екстремизам и организиран криминал. Заканите по јавната безбедност беа сè поразновидни, со меѓусекторски, прекугранични, регионален и меѓународен карактер. Овие закани ја наметнаа потребата од ефективен и координиран одговор на сите нивоа во рамките на Министерството за внатрешни работи, на национално но и на меѓународно ниво што претпоставуваше натамошна синергија и потесна соработка на сите наведени нивоа.



Независно од сложеноста на заканите и особено од правните, политичките, економските, социјалните и технолошките околности кои имаа силно влијание врз работата на Бирото за јавна безбедност, како полиција останавме посветени на гарантирањето на слободата и безбедноста на нашите граѓани со максимални напори за целосно почитување на фундаменталните права и владеењето на правото.
Во реализацијата на овие цели тргнавме од фактот дека превенцијата и борбата против каласичните форми на криминал, прекуграничниот криминал, организираниот криминал и тероризмот претставуваат заедничка одговорност на сите државни и недржавни субјекти како на национално така и на меѓународно ниво.
Нашите програмски цели беа, да постигнеме максимални ефекти особено во приоритетните области како што се тероризмот, организираниот и компјутерскиот криминал, со насочено преземање на повеќеслојни мерки и активности засновани врз идеалите вградени во клучните принципи:

Прво, целосно почитување на фундаменталните права и безбедноста кои се комплементарни политички цели во согласност со принципите на **неопходност, сразмерност и законитост**;

Второ, поголема транспарентност, одговорност и согласност со граѓаните за да ја зајакнеме нивната дверба;

Трето, проактивност во собирањето, размената на информации и зацврстување на оперативната соработка на национално и меѓународно ниво;

Четврто, поврзан меѓуресорски и меѓусекторски пристап заради целосна координираност меѓу сите релевантни субјекти на национално и меѓународно ниво.

Се поставува прашањето, дали успеавме?

Успеавме во значителна мерка да ги реализираме програмските цели, меѓутоа, бегалската криза која не претставуваше само внатрешно прашање, длабоката политичка криза, насилствата и вандализмот кој беше манифестиран во текот на таканаречената "шарена револуција" и воспоставувањето на техничка влада, имаа силно негативно влијание врз амбиентот и околностите во кои функционираше Бирото за јавна безбедност.

Како никогаш досега, како полиција се соочивме со предизвиците од злонамерни и смислени политички инспирирани напади врз полицијата која и покрај таквите околности успеа да ја одржи и обезбеди стабилноста во јавната безбедност.

Воспоставувањето на техничка влада, наместо да овозможи политичка инклузивност во спроведувањето на политиките на министерството и реализацијата на клучните системски тековни проекти, беше злоупотребена за грубо кршење на стратешката цел за целосна имплементација на системот на кариера а системските проекти како полициско работење во соработка со заедницата и полициско работење водено од разузнавање беа ставени на страна со што неповратно се изгуби драгоцено време во имплементацијата.

Сепак, досега изградените институционални капацитети покажаа отпорност на овие ретроградни процеси и неповолни околности, полицијата успешно се справуваше со сите наведени предизвици а кулминацијата во манифестирањето на капацитетите беше одржувањето на јавниот ред и мир при масовните протести без да дозволиме да бидеме вовлечени во сценарио на судир со граѓаните и особено обезбедувањето на безбедни услови за спроведување на предвремените избори.

Се разбира, сето тоа се одрази на прекумерното трошење на материјално-технички ресури и особено на максимално зголеменото прекувремено ангажирање на припадниците на полицијата. Покрај тоа, цената од работењето на полицијата во наведените околности беше платена и со значителното дефокусирање од вистинските безбедносни приоритети.

Ние сме свесни за предизвиците кои и во иднина ќе ја условуваат работата на полицијата, свесни сме околностите кои произлегуваат од се повисокото ниво на политичка и правна зрелост на граѓаните, за нивната свесност за потребата од гарантирање на безбедноста и почитувањето на човековите права како комплементарни а не конфликтни цели, што ги прави вистински критичари и коректори на полициското работење, во наредниот период како императив се наметнува потребата од истрајност во имплементацијта на основните принципи во полициското работење.

Затоа, како никогаш досега се наметнува потребата од создавање на сопствени капацитети за развивање на научен пристап во истражувањето, превенирањето и сузбивањето на безбедносните појави. За таа цел, потребно е во иднина да се развијат стратешки документи за долгорочен, среднорочен и краткорочен развој на полицијата во кои ќе бидат вградени напорите за развивање на филозофија и доктрина за лидерство и менаџмент во полициското работење.

Овие стратешки приоритети, ќе создадат претпоствки за понатамошно зајакнување на институционалните капацитети на полицијата и особено полициско работење во согласност со граѓаните како идеал.

Директор на БЈБ
м-р Митко Чавков



**СОДРЖИНА**

1. МИСИЈА, ВИЗИЈА, ДЕЛОКРУГ И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ ... 8
1.1 МИСИЈА ... 8
1.2 ВИЗИЈА ... 8
1.3 ДЕЛОКРУГ ... 8
1.4 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ... 8
2. ВОВЕД ... 9
2.1 БЕЗБЕДНОСНА ПРОЦЕНКА ... 9
3. ГЕНЕРАЛНА СЛИКА НА СОСТОЈБИТЕ СО КРИМИНАЛИТЕТОТ, ЈАВНИОТ РЕД И МИР И СООБРАЌАЈОТ ... 10
4. КЛУЧНИ НАОДИ ... 12
5. ОРГАНИЗИРАНИ ВИДОВИ КРИМИНАЛИТЕТ И КОРУПЦИЈА ... 16
5.1 Кривични дела против државата ... 16
5.2 Корупција ... 18
5.3 Трговија со луѓе ... 20
5.4 Фалсификување пари ... 21
6. ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ... 22
6.1 Мигрантска криза ... 22
6.2 Криумчарење мигранти ... 25
6.3 Злоупотреба на безвизниот режим ... 27
7. ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛИТЕТ ... 27
8. КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛИТЕТ ... 32
8.1 Кривични дела со елементи на насилство ... 34
8.2 Имотни деликти со елементи на насилство ... 35
8.3 Имотни деликти ... 36
8.4 Други карактеристични кривични дела од класичниот криминал ... 37
9. НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГИ ... 39
9.1 Организирани криминални групи ... 40
9.2 Меѓународни канали ... 41
9.3 Меѓуинституционална соработка ... 42
9.4 Меѓународна соработка ... 42
9.5 Превенција ... 43
10. НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ ... 44
10.1 КРИУМЧАРЕЊЕ АКЦИЗНИ И ДРУГ ВИД СТОКИ ... 46
11. ЈАВЕН РЕД И МИР И ОСТАНАТИ ПОЛИЦИСКИ РАБОТИ ... 46
11.1 Статистички податоци од областа на јавниот ред и мир ... 50
11.2 Превентивно полициско работење ... 51
12. ПАТЕН СООБРАЌАЈ ... 51
12.1 Сообраќајни незгоди со потешки последици ... 52
12.2 Загинати лица ... 53
12.3 Превентивно-репресивни мерки ... 54
12.4 Превенција во сообраќајот ... 55
13. ГРАНИЧНИ РАБОТИ И СТРАНЦИ ... 57
14. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И ПРИМЕНА НА ОВЛАСТУВАЊАТА ... 59
15. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКА ПОЛИЦИЈА ... 62
15.1 Сектор за недозволена трговија со droги, оружје и опасни материи ... 62
15.2 Сектор за насилен и општ криминал ... 63
15.3 Сектор за економски криминал и корупција ... 64
15.4 Сектор за економски криминал и корупција ... 65

16. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА УНИФОРМИРАНА ПОЛИЦИЈА.................66
16.1 Сектор за полициски работи од општа надлежност.............................................66
16.2 Превенција.............................................................................................................68
16.3 Сектор за сообраќајни работи и превенција.........................................................69
16.4 Сообраќајно инженерски работи...........................................................................70
16.5 Мобилна единица за безбедност на сообраќајот на патиштата............................71
17. АКТИВНОСТИ НА СЕКТОР ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА СОСТОЈБА.........................................................................................................................72
18. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ И МИГРАЦИЈА ......73
18.1 Превенција во областа на граничните работи......................................................74
19. АКТИВНОСТИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, СТАНДАРДИ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ.............................................................74
20. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ И АНАЛИЗА..........................................................................................................................76
20.1 Разузнавачки процес...............................................................................................78
21. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ 80
21.1 Сектор за управување со човечки ресурси и обуки..............................................80
21.2 Стручни усовршувања на работници во БЈБ.........................................................81
21.3 Одделението за финансиски работи.......................................................................83
Буџет на Бирото за јавна безбедност...........................................................................83
21.4 Сектор за правни работи и заштита на лични податоци.......................................84
22. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ 85
23. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО-ТЕХНИЧКИ ИСПИТУВАЊА И ВЕШТАЧЕЊА............................................................................86
24. АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА.....................................................................................................................89
24.1 Учество во заеднички меѓународни операции.......................................................90
24.2 Одделение за НЦБ Интерпол..................................................................................91
24.3 Одделение за ЕВРОПОЛ.........................................................................................91
24.4 Активности на офицерот за врски со СЕЛЕК........................................................93
24.5 Одделение за потраги..............................................................................................93
25. ОДДЕЛОТ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН И СЕРИОЗЕН КРИМИНАЛ 95
25.1 Меѓународна соработка на ОСОСК.......................................................................97
25.2 Останати активности во меѓународната соработка...............................................98
25.3 Посебни истражни мерки........................................................................................98
25.4 Криминалистичко разузнавање-организиран криминал.......................................99
25.5 Криминалистичко разузнавање и анализа..............................................................99
25.6 Насочено собирање на информации.......................................................................99
26. АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ И ДИГИТАЛНА ФОРЕНЗИКА.........................................................................................100
27. АКТИВНОСТИ НА ЕДИНИЦИТЕ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ...........................102
27.1 Активности на Аеродромската полициска база...................................................103
АКТИВНОСТИ НА ......................................................................................................104
РЕГИОНАЛНО НИВО ..................................................................................................104
28. СВР СКОПЈЕ............................................................................................................105
28.1 Криминалитет.........................................................................................................105
28.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир........................................................106
28.3 Превенција..............................................................................................................107

29. СВР БИТОЛА ..... 107
29.1 Криминалитет ..... 107
29.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир ..... 108
29.3 Превенција ..... 109
30. СВР ВЕЛЕС ..... 109
30.1 Криминалитет ..... 109
30.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир ..... 110
30.3 Превенција ..... 111
31. СВР КУМАНОВО ..... 111
31.1 Криминалитет ..... 112
31.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир ..... 113
31.3 Превенција ..... 113
32. СВР ОХРИД ..... 114
32.1 Криминалитет ..... 114
32.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир ..... 115
32.3 Превенција ..... 115
33. СВР ШТИП ..... 116
33.1 Криминалитет ..... 116
33.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир ..... 117
33.3 Сообраќај ..... 118
33.4 Превенција ..... 118
34. СВР СТРУМИЦА ..... 119
34.1 Криминалитет ..... 119
34.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир ..... 120
34.3 Превенција ..... 121
35. СВР ТЕТОВО ..... 121
35.1 Криминалитет ..... 121
35.2 Прекршоци областа на јавниот ред и мир ..... 123
35.3 Превенција ..... 123
36. РЕГИОНАЛНИ ЦЕНТРИ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ - Прекугранichен криминал на северната, западната,источната и јужната граница ..... 123
37. РЦ ЗА ГР СЕВЕР – Состојба со северната граница ..... 123
37.1 Криминалитет ..... 124
37.2 Илегални преминувања на границата ..... 124
37.3 Илегална миграција ..... 124
37.4 Криумчарење мигранти ..... 124
37.5 Фалсификувани документи ..... 125
37.6 Криминал со возила ..... 125
37.7 Злоупотреба на безвизниот режим на Р.Македонија со земјите членки на ЕУ ..... 125
37.8 Прекршоци ..... 125
37.9 Превенција ..... 125
38. РЦ ЗА ГР ЗАПАД – Состојба со западната граница ..... 126
38.1 Криминалитет ..... 126
38.2 Откриени фалсификувани документи и моторни возила ..... 128
38.3 Прекршоци ..... 128
38.4 Превенција ..... 128
39. РЦ ЗА ГР ИСТОК- Состојба со источната граница ..... 128
39.1 Криминалитет ..... 128
39.2 Криумчарење мигранти ..... 130
39.3 Криумчарење на акцизна стока, droги, оружје и останата стока ..... 130

39.4 Фалсификувани документи ..... 130
39.5 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир ..... 130
40. РЦ за ГР ЈУГ- состојба со јужната граница ..... 131
40.1 Криминалитет ..... 131
40.2 Илегална миграција ..... 132
40.3 Криумчарење мигранти ..... 132
40.4 Откриени фалсификувани документи ..... 133
40.5 Прекршоци по закони ..... 133
40.6 Присуство на странски полициски сили ..... 133

# 1. МИСИЈА, ВИЗИЈА, ДЕЛОКРУГ И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

## 1.1 МИСИЈА

Мисијата на Бирото за јавна безбедност е унапредување на полициската служба, која ја ужива довербата на сите граѓани во земјата и која ги гарантира, штити и ги почитува основните слободи и права без дискриминација по која било основа. Дел од мисијата е развој и зајакнување на проактивен модел на полициско работење кој ќе обезбеди повисоко ниво на заштита на животот, имотот и личната безбедност на граѓаните, како и брз и ефикасен одговор на полицијата на сите можни предизвици.

## 1.2 ВИЗИЈА

Визијата на Бирото за јавна безбедност, како составен дел од Министерството за внатрешни работи е да обезбеди владеење на правото и етичка и професионална работа на вработените, преку развој на концептот на полициско работење водено од информација кое во својот делокруг го сублимира полициското работење во заедницата. Само со јасно развиена функционална организациска структура, воспоставен партнерски однос со граѓаните, а во согласност со стандардите на Европската Унија ќе се овозможи побезбедно живеење на граѓаните на Република Македонија

## 1.3 ДЕЛОКРУГ

Делокругот на работа на Бирото за јавна безбедност е пропишан во Законот за полиција и во 2016 година беше насочена кон заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните; заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела; одржување на јавниот ред и мир; регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата; контрола на движење и престој на странци; гранични проверки и граничен надзор; укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба; обезбедување на определени личности и објекти и други работи утврдени со закон.

## 1.4 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Во 2016 година, Бирото за јавна безбедност ги извршуваше работите од својот делокруг, раководејќи се со утврдените осум стратешки цели кои се фокусираат на криминалните истраги, финансиите и единиците за поддршка, граничните работи, транспарентно и демократско полициско работење, ефективно користење на ресурсите и соработката.
Во изминатиот период, согласно усвоената стратегија за развој на полицијата 2016-2020 година, беа детектирани повеќе фактори кои влијаат на успешноста на

полицијата, меѓу кои од круцијално значење е недоволната кадровска пополнетост.
Со несмален интензитет се работеше и на реализирање на приоритетите и приоритетните задачи во делот на остварување на безбедност и сигурност на граѓаните, бескомпромисна борба со криминалот во сите сфери на живеење и работење, откривање на криминални групи кои за остварување на интереси и профит вршеа разни недозволени активности, како и натамошно интензивирање и продлабочување на националната и меѓународната соработка.

# 2. ВОВЕД

Бирото за јавна безбедност во 2016 година продолжи со процесот на реформи и зајакнување на капацитетите, како приоритетни цели преку повеќе проекти а како најзначајни може да се издвојат **"Понатамошна надградба и градење на капацитетите на полицијата во областа на граничното управување, работа на полицијата со заедницата и борбата против организираниот криминал"**, во чии рамки е изготвена Стратегија за развој на полицијата 2016-2020 година, потоа **„Развивање на напреден систем за собирање и анализа на разузнавачки информации во борбата против организираниот криминал"** за имплементација на полициското работење водено од разузнавање, **„Подобрување на капацитетите на секторите за стратешка анализа и стратешка проценка на Министерствата за внатрешни работи на Македонија, Србија и Црна Гора"** од кои произлегоа стратешките аналитички продукти Национална и Регионална проценка на закани од организиран криминал.

Заради зајакнувањето на разузнавачките капацитети се отпочна со имплементација на ИНТЕЛ ДаТА која ќе овозможи собирање и складирање на информации за разузнавачки цели, а во делот на зајакнување на информатичките капацитети во тек се активности за развивање на систем на електронско управување со документи „Document management system" и проектот „Национален информационен систем за евиденција на сообраќајни незгоди".

Согласно направената анализа на потребите заради зајакнување на човечките ресурси на територијата на целата држава, договор за вработување е склучен со 462 лица за пополнување на работни места полицаец, како и стручен кадар од различни профили согласно нивните стручни квалификации.

## 2.1 БЕЗБЕДНОСНА ПРОЦЕНКА

Во делот на остварување на приоритетните цели за одржување на стабилноста на јавната безбедност и ефикасноста во борбата против тероризмот во 2016 година повеќе настани и состојби имаа влијание на безбедноста и условија зголемено ангажирање на севкупните капацитети и ресурси на Министерството заради справување со предизвиците, спречување на нивна ескалација и одржување на поволна безбедносна состојба.

На почетокот од годината, импакт на безбедносната состојба имаа напливот на мигрантите на јужната државна граница, додека второто тримесечје од годината се карактеризираше со зголемен број на протести, како резултат на

донесена одлука на Претседателот на РМакедонија за аболиција на повеќе државни функционери и други носители на јавни функции, иницирани од страна на неформални здруженија на граѓани кои **го изразуваа незадоволството со фрлање на боја** при што предизвикаа оштетување на фасадите на објектите на државните институции и споменици од историско и културно наследство.

Официјалното затворање на границите долж „Западно балканската рута", придонесе да се зголеми бројот на лица кои се обидуваат на илегален начин да ја преминат македонско-грчката граница, а со тоа повторно се активира и делувањето на криминалните групи и вршењето на кривичните дела „криумчарење на мигранти".

Затворањето на границите резултираше и со насилен и агресивен однос на мигрантите кои се наоѓаа на грчката територија, при што во текот на годината беа регистрирани **четири гранични инциденти**, во кои мигрантите изразувајќи револт заради нивното непропуштање, се обидуваа насилно да влезат на територијата на РМакедонија со пробивање на оградата и каменување на безбедносните сили, притоа повредувајќи 24 припадници на безбедносните сили.

Учеството на полицијата во Штабот за справување со криза и кризни ситуации при поплавата што се случи во месец август во скопскиот регион, предизвика дополнителен ангажман на полициските службеници и преку нивното професионално постапување допринесе во спасувањето на човечки животи и имотот на граѓаните зафатен при поплавата.

# 3. ГЕНЕРАЛНА СЛИКА НА СОСТОЈБИТЕ СО КРИМИНАЛИТЕТОТ, ЈАВНИОТ РЕД И МИР И СООБРАЌАЈОТ

Статистичките показатели на кривичните дела по службена должност покажуваат дека криминалитетот во РМакедонија, генерално во последните години бележи тенденција на намалување.




Графички приказ бр.1 Вкупен криминалитет гледано по години

Состојбата со криминалитетот е на исто ниво во однос на минатата година, односно

поднесени се кривични пријави за сторени **24.771 кривично дело кои се гонат по службена должност** и според статистичките податоци најмногу намалување на бројот на сторени кривични дела бележат подрачјата кои ги покриваат Секторите за внатрешни работи Охрид, Струмица и Куманово.

| | 2016 | 2015 | зголемување / намалување |
|---|---|---|---|
| СВР Скопје | 11.895 | 11.212 | 6,1% |
| СВР Битола | 3.305 | 3.288 | 0,5% |
| СВР Велес | 1.208 | 1.150 | 5% |
| СВР Куманово | 1.502 | 1.739 | -13,6% |
| СВР Охрид | 1.564 | 1.858 | -15,8% |
| СВР Струмица | 1.202 | 1.378 | -12,7% |
| СВР Тетово | 2.050 | 1.965 | 4,3% |
| СВР Штип | 1.931 | 2.026 | -4,6% |
| ОСОСК | 114 | 136 | -16% |
| ВКУПНО | 24.771 | 24.752 | 0,1% |

Табела бр 1. Вкупно кривични дела по организациони единици во БЈБ

Покрај ова, пријавени се **15.328** (15.974) **кривични дела по приватна тужба** по кои полицијата исто така, постапувала во откривање на сторителите. Истите се во најголем дел од областа на класичниот криминалитет.

Континуирано како и во претходните години, најголема материјална штета е предизвикана кај кривичните дела од областа на класичниот криминалитет.

| МАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ВО 2016/ 2015 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2016 | 2015 | зголемување/намалување |
| Материјална штета од економски криминал | 377.263.503 | 1.932.047.419 | -80,5 |
| Материјална штета од класичен криминал | 969.316.523 | 1.295.031.090 | -25,2 |
| Материјална штета од организиран криминал | 7.910.399 | 240.032.433 | -96,7 |
| Материјална штета од недозволена трговија | 7.600 | 126.300 | -94,0 |
| Материјална штета од дела против државата | / | 66.000 | / |
| **ВКУПНО** | **1.354.498.025** | **3.467.303.242** | -60,9 |

Табела бр 2. Вкупно материјална штета по области на криминал 2016/2015

[1] Во вкупниот број на кривични дела влезени се и делата од Регионалните центри за гранични работи, како и кривични дела од други Закони (Закони за странци и Закон за игри на среќа)

# 4. КЛУЧНИ НАОДИ

**Класична корупција - активностите на полицијата беа насочени кон ниското ниво на корупција, додека кај кривичните дела со коруптивни елементи борбата против корупција беше насочена кон лица од ниско и средно ниво.**

**Сузбиени се вкупно 12 организирани криминални групи со вкупно 103 членови.**

**Преземени се значајни мерки и активности во делот на справување со глобалната закана од тероризмот.**

**Успешно справување со напливот на мигранти, како и преземање на мерки во борбата против криумчарите на луѓе, трговијата со луѓе, како последица на мигрантската криза.**

**Меѓународната размена на информации во делот на недозволената трговија со droги, како глобален проблем резултираше со повеќе успешни операции за апсење на лица и криминални групи, заплена на дрога и пресекување на меѓународни канали, како на територијата на РМакедонија, така и на територијата на други држави.**

**Нестабилната политичка состојба предизвика континуирано одржување на протести и насочување на полициските сили во одржувањето на јавниот ред и мир и стабилна безбедносна состојба.**

**Ангажирањето на полициските сили на активности за зачувување на јавниот ред и мир влијаеше на зголемувањето на кривичните дела од имотниот криминал, особено тешките кражби во куќи и станови.**



*Разузнавачки продукти:*

- *Стратешки продукти 312*
- *Аналитички продукти 589*
- *Оперативни извештаи 6.754*
- *Оперативни информации 9.052 од граѓани*
- *Извештаи од информатори 606*



*Криминалистички контроли 221*

*Криминалистички обработки 100*



*Заеднички операции:*

- *Меѓународни истраги 3*
- *Царинска управа 3 случаи*
- *Меѓународни операции 2*



*ПИМ во 27 случаи*
*Наредби:*

- *Судија на претходна постапка 112*
- *Јавен обвините 14*



*Приведени лица 6.080*
*Задржани лица 3.223*

*Употреба на средства за присилба – 557*

- *огнено оружје 3*
- *физичка сила 111*
- *полициска палка 16*



*Марихуана 623 кг и 783 гр.*
*Хероин 814 гр.*
*Кокаин 717 гр.*
*Екстази 469,5 таблети*
*Стебла 2.414 канабис сатива*



- *134 парчиња огнено оружје*
- *4.995 парчиња муниција*
- *654,3 грама експлозив*



*Спречени илегални преминувања 127.358*
*Влез 121.132*
*Излез 140*
*Внатрешност 6.086*



*Поднесени вкупно 11.182 кривични пријави против 15.913 сторители за сторени 24.771 кривични дела*



*Кривично пријавени се 10.431 физичко лице*



*Материјална штета 1.354.498.025 денари*



*Потрошени буџетски средства од програмите на Буџетот на МВР*

*Предмети вкупно 2.911*



*INTERPOL 2.405*
*SELEC 176*
*EUROPOL 84*



*Загинати 165 лица во сообраќајни незгоди*





*Обуки вкупно 590 од кои 203 реализирани надвор од РМ*

- *Обучени вкупно 15.610 вработени*
    - *мажи 13.363*
    - *жени 2.247*



*Нововработени*

- *Полицајци 411*

*Стручен кадар со високо образование 51*

# СОСТОЈБИ ПО ОБЛАСТИ НА КРИМИНАЛИТЕТ

# 5. ОРГАНИЗИРАНИ ВИДОВИ КРИМИНАЛИТЕТ И КОРУПЦИЈА

Активностите на Бирото за јавна безбедност и оваа година, беа насочени кон водење на криминалистички истражувања, прибирање на сознанија и обезбедување на докази за организирани облици на криминал. Борбата против организираниот криминал се оствaруваше преку законит, стручен и проактивен пристап во водењето на криминалистичките истраги и спроведување на полициски операции на национално, регионално и меѓународно ниво заради сузбивање на организирани групи вклучени во повеќе криминални области. Ефикасното справување со сите облици на криминално делување се имплементираше и преку сузбивање на организираните криминални групи кои делуваат како на подарачјето на РМакедонија, така и на регионално и меѓународно ниво.

Сузбиени се вкупно **12 организирани криминални групи со вкупно 103 членови,** а како и претходната година доминираат криминални групи инволвирани во активности поврзани со недозволена трговија со дрога. Сите криминални групи се сузбиени од страна на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал.




Криминални групи




Членови

Табела бр 3. Сузбиени криминални групи и членови во 2016 споредено со 2015 година

Кај две од овие криминални групи утврдени се три кривични дела **„злосторничко здружување“** за што се пријавени 20(33) сторители. Пријавени се 93 македонски државјани и 10 странски државјани, а помеѓу членовите на криминалните групи идентификувани се и професори на факултет, демонстратор и сопственик на правен субјект.

## 5.1 Кривични дела против државата

Бирото за јавна безбедност и во текот на 2016 година, продолжи да постапува по безбедносни настани насочени кон загрозување на безбедноста на

државата. Реализирани се вкупно шест дела и тоа: три дела „учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“ за кои се пријавени пет сторители, две дела „тероризам“ за кои се пријавени двајца сторители и едно дело „терористичка организација“ за кое се пријавени седум сторители.

Сузбиена е **терористичка криминална група**, при што кривично се пријавени седум лица кои биле регистрирани во евиденциите на терористичката организација „Исламска држава“. Во временскиот период од октомври до декември 2013 година, групата извршила неколку напади во околината на Дамаск и на воена база во Сирија, а потоа од април до август 2014 година, извршиле напад на градот Деризор (воена база во градот Рака, Сирија), по што на официјалниот граничен премин помеѓу Сирија и Ирак објавиле снимки од погубување на 50 затвореници.

Пет лица се пријавени за кривични дела **„учество во странска војска, полиција паравоени или параполициски формации“ во обид,** кои со намера да заминат за Сирија за да учествуват во странска војска во текот на 2016 година отишле во Истанбул, Р.Турција, а инструкции за начинот како да стигнат до Истанбул добиле од лице кое претходно било кривично пријавено за истото кривично дело и се наоѓало во Ирак. Потоа стапиле во контакт со лице од Ирак кој бил организатор за префрлување на лицата во Сирија, кој ги сместил во куќа во Истанбул, но откако од страна на турската полиција била спроведена акција лицата биле приведени.

За кривичните дела **„тероризам“**, сторителите кривично се пријавени поради постоење на информации за инволвираност во подготвување на извршување на кривично дело „тероризам, а при извршени претреси на дом и други простории кај пријавените се пронајдени мобилни телефонски апарати со сим картички, фотоапарати со микро картички, метален боксирач, регистарски таблици, разновидна документација, куршум, компјутерски куќишта и сл.

Кај кривичните дела **перење пари и други приноси од казниво дело** е регистрирано намалување за 42%, односно откриени се четири дела за кои се пријавени 32 сторители (истиот период во 2015 година-седум дела-24 сторители), меѓутоа зголемен е бројот на пријавени сторители за 33,3%. Сторителите вршејќи препродажба на дрога, набавка на оружје, муниција и друга воена опрема, како и намерно предизвикување на стечај на правен субјект се стекнале со противправна имотна корист од околу 293,5 милиони денари.

Сузбиена е **организирана криминална група** составена од 31-член, чии членови обезбедувајќи илегален премин на припадниците на групата, набавка на оружје, муниција и друга воена опрема и локации за безбедно сместување и дејствување на групата, пуштале во промет во Косово и Македонија нелегални финансиски средства, во вкупен износ од 4.770.647 евра или 293.394.790 денари. Членовите на оваа криминална група во 2015 година се пријавени и за „здружување заради непријателска дејност” и “терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста”.

Во останатите случаи два случаи се работи за парични средства прибавени преку намерно предизвикување на фирма во стечај кои што биле подигнати на име на материјални трошоци и други лични примања, како и преку препродажба на дрога, при што стекнатите нелегални парични средства биле легализирани

купувајќи движен и недвижен имот.

## 5.2 Корупција

Борбата против корупцијата сеуште не е на задоволително ниво, без разлика на тоа што бележиме зголемен број на реализирани кривични дела, како и зголемен број на кривично пријавените сторители.

| | **2016** | | 2015 | |
|---|---|---|---|---|
| | **дела** | **сторители** | дела | сторители |
| Примање поткуп | **10** | **12** | 6 | 7 |
| Давање поткуп | **3** | **4** | 6 | 13 |
| Примање награда за противзаконито влијание | **2** | **3** | / | / |
| Неовластено примање на подароци | **2** | **15** | 1 | 1 |
| Неовластено Давање на подароци | **1** | **2** | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **19** | **36** | **14** | **22** |

Табела бр 4. Кривични дела од областа на класичната корупција

**Сузбиена е криминална група** составена од осум члена во која се пријавени тројца професори и еден демонстратор на „Економскиот факултет“ во Скопје и сопственик на правен субјект со подружница регистрирана со седиште „Економскиот факултет“ Скопје. Во текот на 2015 и 2016 година, во рамките на своите службени овластувања директно или индиректно барале парични средства извршат дејствија што не би смееле да ги извршат, односно да им овозможуват на студенти да се стекнат со преодна оцена по предметите кои тие ги предаваат, без притоа студентите да покажат соодветно знаење. Лицата се пријавени за кривичните дела „примање поткуп“, „давање поткуп“ и „примање награда за противзаконито влијание“.

*Висината на поткупот во зависност од услугата што требало да биде завршена се движел од 50 евра - полициски службеник до 3.000 евра примен од страна на вештак.*

Во останатите случаи се работи за поединечни случаи на **примање поткуп,** каде пријавените во својство на полициски службеници-двајца и по еден судија, надзорник во Казнено поправна установа, инспектор, лиценциран вештак, царински службеник, инструктор во автошкола и референт примиле парични средства, заради вршење незаконски службени дејствија на одредени лица, односно добивање одредена корист.



Имено, идентификувани се следните причини поради кои овластени, одговорни и службени лица, во девет случаи побарале и примиле поткуп и тоа:

- во два случаи сообраќајни полициски службеници зеле поткуп за да не поднесат прекршочни пријави за сторен прекршок;

- во еден случај судија зел поткуп заради преиначување на судска пресуда;
- во еден случај јавна установа (одговорно лице зело поткуп за да овозможи бесправна сеча на огревни дрва од Национален парк;
- вработен во јавно претпријатие-референт од претпријатието зел поткуп за да изврши бесправно жигосување на бесправно исечена дрвна маса;
- во еден случај надзорник во казнено-поправна установа зел поткуп за да дозволи притворено лице да внесе телефонски апарат;
- во еден случај царински службеник зел поткуп за да не поведе прекршочна постапка;
- во еден случај лиценциран вештак од Бирото за судски вештачења зел поткуп за да изврши незаконско вештачење;
- вработен во авто-школа зел поткуп со цел да овозможи на кандидат да положи возачки испит.

Кај кривичните дела **давање поткуп** сторителот, во својство на осуденик во Казнено -поправен дом понудил поткуп на полициски службеници за да му биде вратен мобилен телефон и физичко лице во друг случај, дало поткуп на полициски службеник за да не му биде поднесена прекршочна пријава.

Сторителите на кривични дела **неовластено примање и неовластено давање на подароци,** примиле или дале подароци во вид на парични средства, мобилни телефони и друга корист на вработени во Здравствена установа со цел да овозможат преку телефонски јавувања приоритетно јавување и превземање на одредени оператори за вршење на услуги.

Во случаите на **примање награда** за противзаконито влијание пријавени се инспектор во СВР Битола и јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Битола кои влијаеле да се одложи почеток на издржување на казна затвор на осуденик.

Во делот на **злоупотреба на службена положба и овластување со коруптивни елементи**, откриени се **43**(38) **случаи**, а пријавени се **78**(119) **лица,** од кои раководни и одговорни лица-24, управители-17, директори-седум, вработени во полиција (полициски службеници, началници, командири)-осум, референти–четири, градоначалници, шумски полицајци и доктори-по тројца, наставници и градежни инспектори-по двајца и по еден командир на Шумска полиција, член на акционерско друштво, ликвидатор во акционерско друштво, поранешен вработен во Агенција за катастар и стечаен управник.

Материјалната штета причинета со овие случаи се проценува на околу 105,4 милиони денари (908,8 милиони денари) на штета на државниот Буџет, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност.

*Во делот на класичната корупција активностите на полицијата се насочени кон ниското ниво на корупција, додека кај кривичните дела со коруптивни елементи борбата против корупција е насочена кон лица од ниско и средно ниво.*

Во овој дел сузбиена е **организирана криминална група** составена од шест

члена, кои делувале така што едно од лицата во својство на ветеринар пречекорувајќи ги границите на своите службени овластувања и со неизвршување на својата службена должност прогласил заразна болест кај добиток озвозможувајќи им на останатите пријавени лица противправно да се стекнат со право на субвенции на штета на Буџетот на РМ во износ од 2.884.200 денари. Лицата се пријавени за кривични дела од областа на економски криминал(„злоупотреба на службена положба и овластување“ „измама при добивање кредит или други погодности“, „издавање и употреба на невистинито лекарско или ветеринарно уверение“, „фалсификување исправа“ и „пренесување на заразна болест“).

## 5.3 Трговија со луѓе

Борбата против трговијата со луѓе и покрај тоа што не преставува сериозна закана за РМакедонија, се третира со особено внимание од причини што најчестите жртви на трговијата со луѓе се жените и децата кои се и најосетливите и најранливите категории во врска со овој вид на криминал. Документирани се два случаи на трговија со дете и еден случај на трговија со луѓе.

| | Малолетни жртви | Полнолетни жртви | потенцијални жртви |
|---|---|---|---|
| **домашни жртви** | **3** | **2** | **1** |
| **странски жртви** | **0** | **1** | **36** |
| **присилни бракови (трудова и сексуална)** | **1** | **0** | **0** |
| **сексуална експлоатација** | **2** | **3** | **0** |
| **вкупно жртви** | **3** | **3** | |

Табела бр 5. Жртви на трговија со луѓе

Полицијата сузби шестчлена **организирана криминална група** која имала за цел вршење на експлоатација по пат на проституција на женски лица-жртви на трговија со луѓе. Пријавени се четири лица кои во временски период од јуни до октомври 2016 година, за износ од 3.000 денари (од услуга) им овозможувале на лица клиенти, користење на сексуални услуги од жртвите на трговија со луѓе во угостителски објект во Охрид. Експлоатацијата по пат на проституција се вршела секојдневно во ноќните часови во просториите на угостителскиот објект, а по барање на лицата-клиенти, женските лица на други локации и објекти се превезувале или со такси возило или пак со возила во сопственост на самите клиенти. Лицата се пријавени за кривично дело „трговија со луѓе“ и „организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти“.

Реализирани се и два случаи **на трговија со дете**, при што поднесени се две кривични пријави против седум лица за сторени пет кривични дела „трговија со дете“. Случаите се реализирани од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, а се работи за сексуална експлоатација на две лица на возрас т од 12 и 17 години.

## 5.4 Фалсификување пари

Ефикасноста во расветлувањето на кривичните дела **„фалсификување пари“** изнесува 65,2% (33%), односно регистрирани се 115 (114) вакви дела, од нив 75 (38) се расветлени и се пријавени 98 (47) сторители, од кои само двајца се државјани на РГрција.

Пуштени се во оптек 273 (277) фалсификувани банкноти*, како и* 921 монета во апоени од по пет швајцарски франци, а за разлика од претходната година кога најмногу беше фалсификувано еврото, оваа година во **најголем број се пуштени во оптек фалсификувани денари** вкупно 159 (79)банкноти.




Графикон бр.2 Фалсификување пари

Карактеристичен е случајот на подрачјето на Скопје каде непознат сторител во менувачница во неколку наврати разменил 921 монета во апоени од по пет швајцарски франци. Инаку, во останатите случаи банкнотите се пуштени во оптек при купување разни производи и плаќање услуги во продавници, угостителски објекти, менувачници, банки, бензиски пумпи и сл.

- *Забележан е зголемен број на фалсификувани македонски денари во апоени од 500 денари најчесто пуштени во оптек на подрачјата на Охрид, Струга и Македонски Брод.*
- *Од странските валути најчесто е пуштена во оптек фалсификувана банкнота во апоени од 50 евра и тоа во пограничните градови со РБугарија Струмица, Куманово и Крива Паланка).*
- *Пуштени се во оптек швајцарски монети кои бараат посебна техника на изработка.*

# 6. ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА




Илегалната миграција како глобален проблем се рефлектира и на РМакедонија со голем број на обиди за илегално преминување и тоа во најголем дел на јужната граница на влез во државата и на излез на северната граница, а во помал обем поради промена на рутата забележани се илегални преминувања на источната граница како резултат на мигрантската криза. Западната граница најчесто илегално ја поминуваат албански државјани од пограничните региони заради економски причини, односно нелегален престој и работа во РГрција и РМакедонија.



Обидите за илегално преминување во најголем дел или 95% се откриени на влез во државата, од кои 90% на јужната граница.

Инаку, барање за признавање право на азил врз основа на претходно искажана намера за признавање на азил поднеле **30 лица (22 од Сирија, седум од Авганистан и едно лице од Нигерија)**.

## 6.1 Мигрантска криза

Масовниот прилив на мигранти кои доаѓаа од земјите засегнати со воени состојби-Ирак, Сирија и Авганистан и активностите кои се преземаа за нивно контролирано движење низ т.н „Западно-балканска рута", беа главно обележје и во текот на оваа година. Состојбата со големиот прилив на мигранти во претходната година, со ист интензитет продолжи и на почетокот од оваа година, што допринесе земјите во Европската унија да донесат политички одлуки со кои се измени политиката на отворени граници, преку заострување на критериумите за прием на бегалци, намалување на бројот на прифатните кампови и намалување на средствата предвидени за мигрантите.



Следејќи ги одлуките на државите членки на Европската Унија и земјите долж Балканската рута надлежните институции во РМакедонија презедоа серија на мерки и активности, во насока на полесно справување со миграциската криза и тоа:

- имплементирање на мерката-ограничување на протокот на мигранти до 3.000 лица дневно и изготвување на листа на мигранти (почнувајќи од 11 јануари 2016 година);
- пропуштање на мигранти само од земјите зафатени од воени конфликти кои во потврдите за регистрација јасно ги имаат наведено Германија или Австрија како крајна дестинација (од 21 јануари 2016 година);
- официјално затворање на Западно балканската рута (на 08 март 2016 година), со што повеќе не се пропуштаа мигранти на влез и излез од државите долж оваа рута и во РМакедонија;
- на 24 мај 2016 година, од страна на грчките власти беше извршено дислоцирање на грчкиот камп „Идомени" во близина на македонско-грчката граница и затекнатите мигранти на грчка територија беа преместени во други Прифатни центри за бегалци на територијата на РГрција.

Официјалното затворање на границите долж Западно балканската рута, придонесе да се зголеми бројот на лица кои се обидуваат на илегален начин да ја преминат македонско-грчката граница, а со тоа повторно се активира и делувањето на криминалните групи и вршењето на кривичните дела „криумчарење на мигранти".

Затворањето на границите резултираше и со насилен и агресивен однос на мигрантите кои се наоѓаа на грчка територија, при што во текот на годината беа регистрирани **четири гранични инциденти,** во кои мигрантите изразувајќи револт заради нивното непропуштање, се обидуваа насилно да влезат на територијата на РМакедонија со пробивање на оградата и каменување на безбедносните сили, притоа повредувајќи 24 припадници на безбедносните сили.




Исто така, регистрирано е **едно нарушување на воздушниот простор** од страна на борбени авиони од Р Грција, како и **два обиди на илегално преминување на државната граница** од страна на мигранти меѓу кои имаше и странски новинари, волонтери и припадници на невладини организации.

За зачувување на поволна безбедносна состојба на македонско грчката граница, покрај секојдневното ангажирање на македонските безбедносни сили значителен придонес во оваа насока даде и ангажирањето на странските полициски службеници. Во текот на годината реализирана е заедничка операција за засилен надзор на јужниот дел од државната граница на РМакедонија со учество

на полициски службеници од странство. Истата беше целосно организирана и координирана од страна на Одделот за гранични работи и миграција, во која учествуваа **1.171 полициски службеник** од осум земји и тоа Чешка, Полска, Унгарија, Словачка, Србија, Словенија, Хрватска и Австрија.




Во заедничките гранични операции на македонската полиција и армијата со странските безбедносни сили, успешно се справуваа со миграциските предизвици давајќи позитивни резултати во делот на спречувањето на криумчарење мигранти, прифат и профилирање на мигрантите, откривање на случаи на употреба на фалсификувани документи итн.



Заради зајакнување на капацитетите за стправување со мигрантската криза како поддршка од Европската унија во рамките на специјалните мерки за јакнење на капацитетите на државите од Западен Балкан за ефикасно справување со зголемениот мигрантски бран. Набавени се 33 теренски возила (31 за МВР и 2 за ЦУК) марка SsangYong Rexton и договорот е во вредност од 789.624 евра. Исто така, набавена е опрема од Меѓународната Организација за Миграции - ИОМ со финансиска поддршка од Банката за развој на Совет на Европа и од Кралството Норвешка, односно на Министерството за внатрешни работи донирани се вкупно 24 возила (патнички автомобили, сецијални возила/марици, теренски возила, мини автобуси, комбиња за превоз, патнички автобус). Допонително, реализирана е донација на компјутерска опрема (десктоп комјутери, лаптоп комјутери, принтери) како и дополнителна опрема (скенери, камери, поставување на оптичка мрежа од граничен премин „Богородица" до Привремениот транзитен центар „Винојуг", како и во Транзитниот центар „Табановце"; административни контејнери опремени со канцелариска опрема) со цел опремување на центарот за регистрација на мигранти во ПТЦ „Винојуг" во Гевгелија и ТЦ „Табановце". Исто така, донирани се и сместувачки контејнери на кота 59 за привремено сместување на граничната полиција, како и ИТ опрема наменета за зајакнување на ИТ капацитетите во регионалните центри во Гранична полиција.Проценетата вредност на донацијата е 700.000 евра.

Од страна на Чешка Република на билатерална основа донирани се 740.000 евра. Со поголемиот дел од овие средства набавени се 25 возила (*ŠKODA Yeti).* Покрај ова, добиени се и два генератори за струја, 10.000 ќебиња, 5.000 мантили за дожд, 4.880 изотермални фолии, 500 термални подлоги за вреќи за спиење, 500 навлаки од вреќи за спиење, 500 вреќи за спиење.

Воедно, РУнгарија донираше 10 компјутери, 10 читачи за прсти и 10 апарати за фотографирање, наменети за регоистрација на мигранти/баратели на азил.

## 6.2 Криумчарење мигранти

При преземањето на организирани мерки и активности за справување со илегалната миграција откриени се 108 случаи на криумчарење на мигранти, при што се спречени да се прокриумчарат околу 1.961 мигранти низ територијата на РМакедонија.



Намален е бројот на откриените кривични дела **„криумчарење мигранти“ за 56,3%,** односно откриени се **80**(142) **кривични дела** сторени од **123** (212) **сторители** и **едно дело** „организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти“ за што се пријавени **10 сторители.**



Успешно е реализиран случај во кој се пријавени шест лица странски државјани (четворица од Пакистан и двајца од Авганистан) како дел од меѓународна криминална мрежа кои организирале криумчарење на мигранти по потекло од Сирија, Авганистан, Пакистан и други земји од Р.Грција преку Р.Македонија до Германија.

Покрај ова, разбиена е **организирана криминална група** составена од 15 члена (двајца албански државјани), чии членови освен што вршеле кривични дела од областа на насилниот криминал, Недозволена трговија со дроги, недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи и коруптивни кривични дела, 10 лица од нив се пријавени и за „организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење на мигранти“ и „криумчарење мигранти“.

Со реализираните случаи спречено е криумчарење на вкупно **1.014 (1.005) мигранти**, од кои најголем број или 74,3% се по потекло од Авганистан-344 мигранти, Пакистан-189 мигранти, Сирија-121 мигранти и Ирак-100. Евидентно е зголемувањето на криумчарени мигранти по потекло од Авганистан и Пакистан, а намален е бројот на криумчарени мигранти од Сирија.




Графикон бр.3 Спречени мигранти во обид да се прокриумчарат по земја на потекло

Најголем број од сторителите на овие кривични дела се македонски државјани-107, а пријавени се и 16 странски државјани (Србија-пет, Пакистан-четири, Авганистан и Албанија по двајца и по еден државјанин на Италија, Грузија и Германија).

Што се однесува **до рутите и модусот на криумчарење,** мигрантите во Р Македонија преку јужната граница влегуваат илегално со помош на лица-водачи, по што се сместуваат во напуштени објекти близу државната граница, од каде се превземаат од лица превозници и за одреден паричен надомест ги превезуваат до пограничните населени места во близина на северната граница со РСрбија

*При крајот на 2016 година, забележано е и илегално преминување на мигранти кои на северната граница во обратен правец од РСрбија кон РМакедонија, а се работи за државјани од земјите од воените подрачја – Авганистан, Ирак, Сирија, кои илегално престојувале или се откриени на територијата на РСрбија.*

Идентификувани се неколку рути преку кои се криумчарат мигрантите кои доаѓаат од кризните региони од Блискиот и Средниот Исток и тоа:

- **главна рута на илегален влез се пограничните села со РГрција во гевгелискиот и дојранскиот регион, при што мигрантите се криумчарат** со користење на автопатот Гевгелија – Скопје или регионалните патни правци – Радовиш, Штип, Кавадарци, кон Велес, Куманово и Скопје, **до кумановските** села Лојане и Ваксинце кои се лоцирани долж северната граница**;**
- **втората рута на илегален влез од РГрција во Б**итолскиот регион преку Прилепскиот од една страна и Кавадаречкиот регион од друга страна, повторно кон Скопје и Куманово;
- **третата рута на илегалниот влез од РГрција** во Дојранскиот регион преку **Струмичкиот регион, Радовиш, Штип, Куманово;**
- **четвртата рута на илегален влез од РБугарија преку планината Беласица, Новоселскиот регион-под Беласичките села, планината Осогово-северните падини и повторно на излез кон северната граница;**
- **петтата рута на илегален влез од РГрција** преку Охридско-струшкиот регион кон РАлбанија;

Во однос на модусот на извршување на криминалните активности, од страна на криминалните лица и групи се обезбедуваат возила кои ги набавуваат за мал износ на парични средства и со истите вршат пренесување на мигрантите, а доколку бидат забележани од страна на полициски службеници, во тие случаи ги напуштаат возилата заедно со мигрантите или ги оставаат необезбедени. Забележано е уништување на возилата со нивно туркање во некоја провалија, со цел да не може да се обезбеди доказ и фаќање на сторителите. Карактеристично е тоа што патничките или комби возила што се користат за транспорт и

криумчарење на мигрантите се со украдени, фалсификувани или изгубени регистарски таблици, како и возила со непренесена сопственост. Исто така, криумчарите ги пренесуваат мигрантите пеш преку зелените гранични појаси, а откако ќе ја преминат границата, истите можат да бидат придружувани до безбедна куќа или некое друго место на средба каде привремено се задржуваат пред да бидат преземени на следниот дел од нивното патување низ РМакедонија, а понатаму кон земјите на Европската Унија.

### 6.3 Злоупотреба на безвизниот режим

Во делот на спречување на **злоупотреба на безвизниот режим,** регистрирано е намалување на откриените кривични дела за 50%. Имено, откриени се 13(26) кривични дела, извршени од 14(41) сторители. Сторители на овие кривични дела се македонски државјани, освен едно лице - државјнанин на РСрбија, кои со патнички возила за паричен износ од 200 до 300 евра по член на семејство потикнувале, организиралеи превезувале наши државјани-потенцијални баратели на азил чија крајна дестинација била некоја од земјите на Европска Унија, најчесто Германија.

## 7. ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛИТЕТ

**Кривичните дела од економскиот криминал** во 2016 година, бележат **намалување** во сите негови сегменти во однос на минатата година, односно откриени се вкупно **989** (1.012) **кривични дела,** со кои се пријавени **1.169** (1.326) **сторители**. Со извршените инкриминации во оваа сфера, причинета е материјална штета на Буџетот на државата, акционерските друштва, друштвата со ограничена одговорност и други субјекти во висина од **377.263.503 денари** (*1.931.575.300* денари), која е многукратно намалена, а како таква претставува **27,7% од вкупната материјална штета** на целиот криминал.

Генерално е намалена откривачката функција на кривичните дела од областа на економскиот криминал, со исклучок на Секторите за внатрешни работи Скопје и Битола, кои бележат зголемување на откриените кривични дела.

| ПОДРАЧЈЕ | КРИВИЧНИ ДЕЛА | | | СТОРИТЕЛИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2016 | 2015 | | 2016 | 2015 |
| СВР СТРУМИЦА | | 91 | 133 | | 115 | 151 |
| СВР ШТИП | | 122 | 139 | | 154 | 153 |
| СВР ОХРИД | | 131 | 178 | | 129 | 191 |
| СВР БИТОЛА | | 152 | 134 | | 192 | 176 |
| СВР СКОПЈЕ | | 200 | 123 | | 203 | 225 |
| ОСОСК | | 25 | 30 | | 48 | 81 |
| СВР ВЕЛЕС | | 47 | 58 | | 46 | 122 |
| СВР ТЕТОВО | | 97 | 95 | | 100 | 95 |
| СВР КУМАНОВО | | 123 | 122 | | 182 | 132 |
| ВКУПНО | | 988 | 1.012 | | 1.169 | 983 |

Табела бр.5  Кривични дела и сторители од областа на економскиот криминалитет

Во економскиот криминалитет доминираат кривичните дела „злоупотреба на службена положба и овластување“ и при преземените мерки и активности откриени се ***218***(328) дела, кои бележат значително намалување од 33,5% во однос на претходната година. Со вршење на ова кривично дело предизвикана е материјална штета во висина од 133.528.900 денари (1.607.732.100 денари) која исто така е многукратно намалена. Инаку, оваа штета процентуално е застапена со 36,2% од вкупната материјална штета предизвикана со сите останати кривични дела од областа на економскиот криминалитет.




Графички приказ бр.4 Кривични дела од економскикриминалитет

Откриените кривични дела поврзани со злоупотребата на службената положба и овластување се извршени најчесто во 103 случаи во јавните претпријатија, образование и локалните самоуправи, а во 45 случаи во приватните правни субјекти (акционерски друштва, друштва со ограничена одговорност), од страна на одговорни лица во наведените субјекти.

Службената положба и овластување ја злоупотребиле вкупно **322 сторители**, а според функцијата што ја извршувале во времето на вршењето на кривичното дело најголем број се референти-31, управители на правни лица-24, одговорни лица-22, директори-16, девет-полициски службеници, шест-шумски полицајци, пет-градоначалници, потоа претседатели на одбори, стечајни управители, инспектори, професори на факултет, како и други одговорни и службени лица.

Злоупотребите се вршени најчесто со постапување од страна на службените лица спротивно на Законот за сообраќај, Законот за здравствено осигурување, Закон за стечајна постапка, Законот за јавни набавка, како и на останати интерни акти и правилници во институциите и др. на следните начини:

- непреземање на службени мерки во врска со бесправна сеча на шума во однос на злоупотребување на постапката за издавање на испратници, одобренија, елаборати и др;
- трошење парични средства без соодветни одлуки на Совет на општина за репрезентации, награди и др.;

- незаконско преименување на сопственоста на катастарските парцели од сопственост на РМакедонија на име на физички лица;
- вршење продажба на правни субјекти без почитување на постапката за стечај;
- продолжување на важноста на сообраќајна дозвола без поднесување барање од сопственикот на возилото;
- користење службени возила надвор од работното време;
- носење незаконски одлуки за набавка на гориво за службени возила без одлука на Совет на општина;

Бирото за јавна безбедност и оваа година, продолжи со откривање на инкриминациите поврзани со бесправната сеча на шума и нелегална трговија со дрвна маса, реализирајќи ги планираните активности со преземање на координирани мерки и активности во содејство со други надлежни државни институции (УЈП, ДПИ, МЗШВ и ЈП „Македонски шуми") во рамки на **Оперативната акција за пустошење шуми,** при што се поднесени вкупно **263** (250) **кривични пријави,** против **784** (469) **сторители**, за сторени **357** (455) **кривични дела.**

Во најголем број се расветлени кривичните дела кражба- 149 (156) кривични дела за кои се пријавени 146 сторители од кои 45 се непознати и 57 (71) кривични дела „пустошење шума", за кои се пријавени 63 (88) сторители.

Со реализираните случаи е утврдено дека бесправно се исечени вкупно ***11.722,99 метри кубни дрва (32.320,05 м$^3$),*** при што е причинета материјална штета на Буџетот на РМакедонија во висина од **39.213.169 милиони денари** (*126* милиони денари).

Карактеристично е да се напомене дека во овие криминални активности, освен невработени лица пријавени се и **65 вработени лица во државни институции** (ЈП „Македонски шуми", шумска полиција и Агенција за катастар на РМакедонија) кои ја злоупотребиле службената положба, несовесно постапувале и фалсификувале документи. Имено, пријавени се 58 – службени лица - референти во ЈП, по шест – шумски полицајци и управители на приватни правни субјекти, тројца референти во Агенцијата за Катастар на РМакедонија, по двајца раководители во ЈУ Национален парк – Маврово и директори во ЈП Македонски шуми и еден геодет.

Во делот на откриени кривични дела **„несовесно работење во службата",** забележано е исто ниво на откривачката фунција, односно откриени се **43** (45) **кривични дела**, за кои се пријавени - **66** (32) **сторители**. Се работи за 16 - одговорни лица, шест раководители, пет директори, четворица извршители, по тројца лица за обезбедување и градежни инжинери и по еден раководител, командир во Полициска станица, главен инспектор, управител, главен инспектор, кои несовесно постапувале во вршење на своите овластувања со пропуштање на вршење надзор во работењето. Причинетата материјална штета со овие кривични дела се проценува во висина од **30 милиони денари** (61 милион денари).

Во делот на избегнувањето на плаќање на даноци бележиме зголемување во однос на минатата година, односно документирани се **36**(28) кривични дела **„даночно затајување",** а кривично се пријавени **40** (38) **сторители,** од кои во

најголем број се управители - 14, одговорни лица - четири, претседатели на фондации – двајца, директор – еден и др.

Со расветлените кривични дела затаени се даночни обврски во висина од **25,7 милиони денари** (38 милиони денари), на штета на Буџетот на државата.

Кривичните дела се извршени во правни лица со ограничена одговорност, а најчесто модусот на извршување е со:

- неподнесување на даночни пријави согласно законските обврски;
- неприкажување на вкупниот промет од нивното работење;
- непресметување на данок на додадена вредност;
- прикажување на лажни факти и фактури во книговодствената евиденција и сл.

Во областа на злоупотребите на јавните финансии, платниот промет и стопанството најзастапени се кривичните дела ***„фалсификување или уништување на деловни книги“,*** односно документирани се - **40** (82) **кривични дела** за кои се пријавени - **40** (103) **сторители**. Овие дела сторителите најчесто се извршуваат заедно со други кривични дела, а се однесуваат на фалсификување или уништување на испратници, изготвување на договори со невистинита содржина, фалсификување потписи, елаборати, дозволи и друга службена документација, како и нередовно внесување или уништување на службена документација и сл. Материјалната штета предизвикана од овие дела е **11 милиони денари** (шест милиони денари).

Во делот на кривичните дела ***„лихварство“***, откриени се - **осум** (10) **кривични дела**, за кои се пријавени - **девет** (17) **сторители,** при што со сторувањето на овие дела предизвикана е материјална штета од – **3,7 милиони денари** (24 милиони денари).

Во областа на ***компјутерскиот криминал*** – вкупно се регистрирани - **96** (57) **кривични дела** извршени од **69** (42) **сторители**, а најзастапени се кривичните дела „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем“- *70 (40)* **кривични дела** *потоа* „изработка или употреба на лажна платежна картичка“- *13 (девет)* **кривични дела** „компјутерска измама“- *12 (осум)* **кривични дела** *„компјутерски фалсификат“* – ***едно*** **кривично дело.** Со овие дела причинета е материјална штета во висина од – **27 милиони денари** (5,5 милион денари).

Во оваа област доминираат кривичните дела „***оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем*“,** каде најчесто станува збор за претходно извршени кражби на дебитни и кредитни картички од граѓани, од кои подоцна сторителите подигале парични средства од банкомати или купување на производи преку електронско плаќање и др.

Исто така, застапени се и делата „***изработка и употреба на лажна платежна картичка***“, каде сторителите преку интернет на различни начини и употреба на соодветни технички уреди прибавувале банкарски податоци од странски државјани, кои потоа ги употребувале како вистински - платежни картички за вршење нелегални трансакции. Карактеристично е да се напомене дека во текот на оваа година е ***сузбиена криминална група*** сочинета од пет члена која е пријавена за кривични дела „злосторничко здружување“, „правење,

набавување или отуѓување средства за фалсификување“ и „изработка и употреба на лажна платежна картичка“. Членовите на групата во периодот од ноември 2015 година до јули 2016 година, неовластено прибавиле уреди за снимање на банкарски податоци од вистински платежни картички и податоци за носители на платежните картички, со помош на кои изработувале лажни платежни картички. Притоа, групата во 13 наврати поставила скимер уреди на банкомати на банки лоцирани во градовите Куманово, Битола, Охрид, Штип, Скопје, Прилеп и Тетово, со кои извршиле прибавување на банкарски податоци на македонски државјани. Со ваквите дејствија пријавените успеале од 209 платежни картички, да извршат вкупно 201 нелегална трансакција, стекнувајќи се со противправна имотна корист од 1.299.427 денари.

Оваа година, регистрирани се и **три кривични дела** (во шест случаи) за кои се пријавени тројца сторители за ***„производство и дистрибуција на детска порнографија преку компјутерски систем“***, кои преку мобилни телефони и социјалната мрежа „facebook“ објавувале фотографии и видео снимки со порнографска содржина со деца.

Согласно планот за активности во 2016 година за заштита на правата од **интелектуална и индустриска сопственост,** службите на Бирото за јавна безбедност во соработка со Координативното тело на Владата спроведоа - **девет** (15) **акциски контроли** во повеќе правни лица, такси возила и зелени пазари, каде се утврдени неправилности во однос на декларирањето и фалсификувањето на производите, односно користење на нелиценцирани софтвери, неовластено користење на лого, продажба на пиратски дискови и сл.




Графички приказ бр.5 Заплена при акциски контроли за заштита на правата од интелектуална и индустриска сопственост

Документирани се вкупно 22 (54) кривични дела од кои 20 (20) дела се „повреда на право од индустриска сопственост и неовластена употреба на туѓа фирма“ за кои се пријавени 21 сторител и две (18) кривични дела „повреда на авторско право и сродни права“ за кои се пријавени тројца сторители.

Бирото за јавна безбедност учествуваше и во ***две акции за уништување на пиратски и фалсификувани производи*** спроведена од Координативното тело за интелектуална сопственост во депонијата „Дрисла“ во Скопје, каде се уништени вкупно 48.027 фалсификувани текстилни производи.

# 8. КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛИТЕТ

Дополнителниот ангажман на полициските службеници влијаеше на превентивното и оперативно покривање на подрачјата, но сепак Полицијата ги презеде сите неопходни мерки и активности во своето работење што резултираше со незначително зголемување на кривичните дела од само 1%, но трендот во однос на претходните години е во намалување.




Графикон бр.6-Тренд на кривични дела од класичниот криминал во последните пет години

Во текот на годината се **регистрирани 22.732(25.516) кривични дела** и е најзастапен е класичниот и учествува во вкупниот криминал со 92%. Од страна на Полицијата **расветлени се 10.536 (10.312) дела**, за што кривично се пријавени вкупно 13.483 (13.132) сторители и е постигната **ефикасност** од 46% на исто ниво од минатата година. Ефикасноста при расветлување на кривичните дела извршени од непознат сторител во тековната година изнесува 20,8%, а расветлени се и 70 кривични дела извршени во минатите години.

| | расветлени дела од други години | член 235 | член 236 | член 242 |
|---|---|---|---|---|
| СВР Скопје | | | | |
| СВР Битола | 40 | 6 | 33 | |
| СВР Велес | | | | |
| СВР Куманово | 12 | 3 | 7 | |
| СВР Охрид | 2 | 1 | 1 | |
| СВР Струмица | 3 | 1 | 2 | |
| СВР Тетово | | | | |
| СВР Штип | 13 | 2 | 10 | 1 |
| ВКУПНО | 70 | 13 | 53 | 1 |

Табела бр.6 Расветлени кривични дела од претходни години

***Согласно параметарот 1:100.000 по глава на жител,*** најмногу кривични дела по градови се регистрирани на подрачјето на Скопје-1.676 дела, потоа Прилеп-1.659, Штип-1.446, Битола-1.104 и Кочани-1.037 од областа на класичниот криминал, а ***по подрачје/регион стапката е највисока на подрачјето што го покрива СВР***

*Скопје, а најниска на подрачјето што го покрива СВР Тетово.*




Мапа бр.1 Стапка на криминал по СВР

Зголемувањето на класичниот криминал, се должи на незначителното зголемување на кривичните дела од областа на имотните деликти за 2%, а од нив најголем пораст бележат тешките кражби - 4%, при што во најголем број на случаи се одземаат пари, златен и скапоцен накит, техничка стока и други предмети.

**Модус на вршење на тешките кражби**

**Куќи и станови-Модусот на извршување** на овие кривични дела е различен, но како најчести начини се со употреба на физичка сила или употреба на погоден предмет со делување на влезните врати, потоа со насилно отворање на прозорците или со прекачување преку балкони. Исто така, регистрирани се повеќе случаи на тешки кражби во станови со употреба на подесен клуч од блиндирани врати, без да се оштети бравата.

Тешките кражби во возила најчесто ги извршуваат од едно до две лица со кршење на стакло од возилото, насилно отворање на врата или хауба, при што се одземаат радиа, акумулатори, лап топ комјутери, парични средства и други предмети кои сопствениците ги оставаат во возилата.

**Возилата** најчесто се одземаат пред влез од зграда, од паркинг простори и улици. Сторителите, кривичните дела ги вршеле така што откако сопствениците ги оставале клучевите на контакт бравата, со употреба на сила кршеле дел од предната маска во делот на контакт жиците од бравата, како и на други начини.

Освен кривичните дела против имотот, кои имаат најголемо учество во класичниот криминал, главен индикатор за перцепцијата на граѓаните за ефикасноста на полицијата претставуваат и кривичните дела со елементи на насилство, заради карактерот на овие деликти. Токму во преземањето на мерки и активности во врска со овој вид на криминал полицијата беше максимално

ефикасна што резултираше со висок степен на расветлување на кривичните дела: убиства, грабнувања, противправни лишувања од слобода, изнуди, сексуални деликти и.т.н.

Во текот на 2016 година, бележиме зголемување на кривичните дела извршени од деца во класичниот криминал за 8%, односно извршени се **929**(858) кривични дела, за што се пријавени 1293 сторители-деца. Од расветлените 929 дела, 100 дела се извршени од деца на возраст под 14 години.

Најмногу од нив или околу 79% се кривични дела од областа на имотни деликти-736 дела, тешки кражби-532, кражби-117, одземање на моторно возило-52, разбојништво-23 дела итн.

| **член** | **2015 година** | **2016 година** |
|---|---|---|
| Кражба | 4090 | 3861 |
| Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас | 841 | 855 |
| Тешка кражба | 10432 | 10858 |
| Разбојништво | 278 | 248 |
| Разбојничка кражба | 34 | 39 |
| Затајување | 83 | 91 |
| Послужување | 4 | 5 |
| Одземање на моторно возило | 400 | 426 |
| Оштетување туѓи предмети | 7 | 15 |
| Измама | 308 | 305 |
| Изнуда | 18 | 24 |
| Уцена | 21 | 21 |
| Прикривање | 162 | 242 |
| **вкупно** | **16.679** | **16.990** |

Табела бр.7 Кривични дела од областа на имотни деликти

## 8.1 Кривични дела со елементи на насилство

Во 2016 година на подрачјето на РМакедонија, регистрирани се вкупно **17**(22) **кривични дела „убиство“**, при што лишени од живот се вкупно 18 лица, што претставува намалување за 23% во однос на минатата година. **За обележување е тоа што сите 17 убиства од страна на полицијата се расветлени.**

Исто така, оваа година во февруари се расветлени и две убиства извршени во 2014 и 2015 година на подрачјето на Македонски Брод и Тетово. Се работи за убиство на дете при породување-случајот на пронајдено мртво новороденче во Клиничка болница Тетово, за кој е пријавена 36-годишната мајка и убиството во кое жртва е 71-годишен маж, за кое се пријавени неговиот 21-годишен внук и уште едно 20-годишно лице од селото Пласница.

Најголем број од овие дела се извршени на подрачјето на Скопје и Куманово

по четири, две во Битола и по едно во Тетово, Велес, Радовиш, Охрид, Гостивар, Струмица и Крушево.

Според начинот на извршување, најголем број односно пет убиства се извршени со употреба на огнено оружје, додека во останатите случаи четири се извршени со употреба на физичка сила, три со употреба на погоден предмет и две со употреба на нож. Во останатите два случаи е извршено убиство на дете при пораѓање и во еден случај убиството е извршено со неукажување на помош на немоќно лице.




Графички приказ бр.7 Начин на извршување на кривичното дело „убиство“

Жртви на овие кривични дела биле 18 лица, од кои 11 од машки и седум од женски пол. Во еден случај се работи за двојно убиство, односно лишени се од живот две лица, а останатите 16 убиствата се извршени врз поединци. Во две убиства, жртви се новороденчиња, додека најстарата жртва е 82-годишен старец. Жртва на убиствата е и полициски службеник од СВР Куманово, кој постапувајќи по пријавено семејно насилство во Куманово и преземање на службено дејствие, со употреба на нож од страна на лице со нарушено психичко здравје му е нанесена убодна рана, по што подоцна им подлегнал на повредите.

За извршените убиства кривично се пријавени 20 лица (двајца од нив се пријавени за помагање), од кои 18 се од машки пол и две од женски пол. Годинава три убиства се извршени од по двајца сторители, а останатите од поединци, додека во еден случај сторителот по извршување на убиството се самоубил. Најмногу од убиствата се извршени поради претходно настанати меѓусебни расправии помеѓу сторителите и жртвите.

**Намалување бележиме кај кривичното дело *„противправно лишување од слобода“*- 27 (*32*) дела**, додека кај кривичното дело **„грабнување“, состојбата е скоро на исто ниво како и мината година,** односно регистрирани се 10 (*11*) дела. При расветлувањето на овие видови кривични дела постигната е висока ефикасност, односно нерасветлени останаа само две противправни лишувања од слобода. Мотивите за извршување на овие дела најчесто се поради раскинати љубовни врски или нерасчистени должничко-доверителни односи.

## 8.2 Имотни деликти со елементи на насилство

***Разбојништвата, како најнасилни кривични дела од областа на имотниот криминал се застапени со само 1,4%***, но сепак поради начинот и

употребата на насилство при нивното извршување и предизвикување на несигурност кај граѓаните, се третираат со особено внимание од страна на полицијата. Како резултат на преземање на превентивни активности продолжува континуираниот тренд на намалување на овие кривични дела и во оваа година, односно бележиме **намалувањето од 10,7%**. Имено, регистрирани се **248**(278) разбојништва, а воедно зголемена е и ефикасноста **42%**(50%) при нивното расветлување во однос на минатата година.

Според местото на извршување околу 86% од разбојништвата се извршени во урбани средини, при што околу 41% се извршени на отворен простор, односно се работи за улични разбојништва. Повеќе од половина или 61,3% од разбојништвата се извршени на подрачјето на Скопје-152, потоа во Битола-14 и Куманово-10, додека на другите подрачја се извршени во помал број.

При извршување на разбојништвата, сторителите најчесто употребуваат физичка сила -60%, додека во 32% од случаите употребиле огнено оружје-пиштол како средство за закана, при што најчесто одзеле парични средства и мобилни телефони.

На 24 жртви на разбојништвата им биле нанесени телесни повреди, потоа три лица се тешко телесно повредени, додека при извршување на едно разбојништво во стан во Свети Николе, сторителите со употреба на тврд предмет му нанеле повреди на 91-годишно лице кое подоцна починало, а сеуште се преземаат мерки за негово расветлување.

Покрај ова, регистрирани се и **39**(34) кривични дела **разбојничка кражба**, а при расветлувањето е постигната ефикасност од 72%. Како најкарактеристично дело можеме да ја издвоиме разбојничката кражба извршена во февруари во Кичево, при која двајца сторители на возраст од 19 и 20 години, откако биле затекнати од страна на 76-годишниот сопственик на куќата и истите употребиле сила со намера да ги задржат украдените предмети, при што го лишиле од живот.

Годинава се регистрирани **24**(18) кривични дела ***„изнуда“*** **и 21**(21) дела ***„уцена“*, а од нив нерасветлени се пет изнуди и 13 уцени.** Инаку, изнудите се вршени поради нерасчистени должничко-доверителски односи или изнуда на пари од лица, при што сторителите со сериозни закани по животот на жртвите им изнудувале парични средства, додека кај уцените, барањето на парични средства е најчесто за да не бидат објавени компромитирачки материјали.

## 8.3 Имотни деликти

Најголем број на кривични дела во класичниот криминал се од областа на имотните деликти-75%, односно регистрирани се **16.990**(16,679) дела, што значи дека бележиме минимално зголемување од 2%. При нивното расветлување е постигната е вкупна ефикасност од 30%(29%), односно расветлени се 5.166 дела, додека ефикасност при расветлување на кривичните дела од непознат сторител изнесува 19%.

Имотниот криминал, најмногу го сочинуваат ***тешките кражби***, чиј број годинава изнесува 10.858 дела и се зголемени за 4% во споредба со лани, а при расветлувањето на овие дела постигната е ефикасност од 22,8%(20,7%). Најчесто објект на напад се куќи и станови-2.420 кои се во зголемување за 3% и тешки

кражби во моторни возила-1.482 случаи  кои се во зголемување за 24%.

Материјалната штета причинета со извршување на тешките кражби изнесува околу 548 милиони денари.




Графички приказ бр.8 објект на напад при извршување на тешките кражби

| Организациона единица | 2016 | 2015 | зголемување / намалување | ефикасност од НН дела | вкупна ефикасност |
|---|---|---|---|---|---|
| **СВР Скопје** | **6.186** | 5.628 | **9,9%** | **6,5%** | **14,5** |
| **СВР Битола** | **1.777** | 1.762 | **0,9%** | **22%** | **25** |
| **СВР Велес** | **385** | 366 | **5,2%** | **45,8%** | **46,2** |
| **СВР Куманово** | **383** | 442 | **-13,3%** | **24,2%** | **25,6** |
| **СВР Охрид** | **539** | 634 | **-14,98** | **47,4%** | **48** |
| **СВР Струмица** | **266** | 277 | **-3,97** | **45,2%** | **45,9** |
| **СВР Тетово** | **556** | 638 | **-12,85** | **28,5%** | **31,5** |
| **СВР Штип** | **764** | 685 | **11,53** | **38,9%** | **39,4** |
| **ОСОСК** | **2** | | | | |
| **ВКУПНО** | **10.858** | 10.432 | **4,08** | **17,9%** | **22,8** |

Табела бр.8 Тешки кражби по СВР

## 8.4 Други карактеристични кривични дела од класичниот криминал

Оваа година кај кривичните дела ***против слободите и правата на граѓаните,*** бележиме намалување од 3%, односно регистрирани се 519 (537) кривични дела, од кои за **40** кривични дела се нерасветлени и се преземаат мерки за нивно расветлување. Во оваа област најбројно е кривичното дело **„загрозување на сигурноста"–403**(435), главно извршено во рамките на семејното насилство (73% кривични дела).

Во текот на годината беа регистрирани **846**(1.008) кривични дела од областа на ***семејното насилство***, односно бележиме намалување од 16%. Најранлива категорија во семејното насилство и понатаму се сопругите и родителите, а според начинот најмногу од кривичните дела се извршени со  употреба на физичка сила или закана. Вообичаено најбројни се кривичните дела ***„телесна повреда"***-**513**(630) и ***„загрозување на сигурноста"*** **298**(338) дела, а оваа година при семејно насилство извршени се **и 19 дела „тешка телесна повреда", шест дела „убиство во обид", пет дела „против правно лишување од слобода", три дела „присилба" и по едно**

**„убиство“ и „посредување во вршење на проституција“.**

| | **2016** | **2015** |
|---|---|---|
| Убиство-**чл.123 ст.2** | 1 | 2 |
| Убиство-**чл.123 ст.2 в.в. чл.19** | 6 | 4 |
| Телесна повреда-**130ст.2** | 513 | 630 |
| Тешка телесна повреда-**чл.131.ст.2** | 19 | 24 |
| Присилба-**чл.139 ст.2** | 3 | 7 |
| Загрозување на сигурноста-**чл.144 ст.2** | 298 | 338 |
| Прот.прав.лишув.од слобода-**чл.140ст.2** | 5 | 2 |
| Посред.во врш. прост.-**чл.191 ст.3** | 1 | 1 |
| **В К У П Н О** | **846** | **1.008** |

Табела бр.9 Кривични дела извршени при семејно насилство

Што се однесува до прекршоците, годинава регистрирани се **349** (491) прекршок, при што бележиме намалување од 29%, што најмногу се должи на намалување на прекршоците „малтретирање на друг во стан“ и „физички напад“. И кај пополаките оваа година бележиме намалување од 14%, односно регистрирани се **2.335** (2.725) поплаки.

Годинава е забележано намалување од 5% на кривичните дела ***„против половата слобода и половиот морал“***, односно регистрирани се **114**(120) дела, а кривично се пријавени 101 сторител. Најзабележително е намалувањето на делата „Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години“-30(40) дела и „силување“-36(42) дела, додека кривичното дело ***„Прикажување на порнографски материјал на дете“***-осум(три) бележи повеќе од двојно зголемување. При расветлувањето на овој вид криминалитет постигната е **висока ефикасност од 83,3%.**

Во областа на криминалитетот кој се однесува на **културното наследство и природните реткости** регистрирани се **три** (пет) дела, од кои две дела „ Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости“ и едно дело „оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости“, кое сеуште е нерасветлено. При овие дела сторителите вршеле археолошки ископувања на различни локации во РМакедонија без одобрение, од каде одзеле монети, надгробни плочи и др.

Зголемување од 17,2% бележиме кај самоубиствата, односно се преземаа мерки за расчистување на **136**(116) ***самоубиства*. Од извршената анализа во најголем број на случаи** самоубиства вршат лица од машки пол-103, на воздраст од над 30 години. Според начинот на извршување, најголем број од лица животот си го одзеле со бесење, а причината за самоубиствата најчесто е поради нервни растројства-37 или болест -36. Воедно, оваа година се регистрирани 177 обиди за

самоубиства и доминираат лицата од женски пол -109.

# 9. НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГИ

**Борбата против недозволената трговија со дроги и оваа година е еден од најзначајните стратешки приоритети** кон кои беа проактивно насочени активностите во работењето на различни организациони единици во Бирото за јавна безбедност и нивниот континуиран ангажман и посветеност придонесе за успешно справувањето со овој вид на криминал и резултираше со:

- **сузбивање на пет криминални групи;**
- **пресекување на осум меѓународни канали;**
- **реализирање на повеќе успешни оперативни акции;**
- **заплене над 600 килограми наркотични дроги;**
- **елиминирање на поголем број на улични дилери и дилерски мрежи на територијата на РМакедонија;**
- **континуирана размена на разузнавачки информации со државите од регионот и земјите од ЕУ;**




| Кокаин | Марихуана | Хероин | Синтетика |
|---|---|---|---|

Мапа бр.2 Рути на влез на наркотична дрога

Напорите на полицијата беа насочени кон спречување на снабдувањето на пазарот со дроги, а преземањето на превентивните мерки и активности во континуитет во изминатите години, доведе и до намалување на побарувачката на дроги на домашниот наркопазар. Во оваа област, реализирани се **608**(611) **кривични дела**, од кои **488** „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“ и **120** кривични дела „овозможување на употреба наркотични дроги“**.** Мерки на кривичен прогон беа

преземени против **708 сторители**.




Графички приказ бр.9 Реализирани кривични дела и сторители

Во рамки на овие случаи беа запленети:623 килограми и783 грама **марихуана**, 814 грама **хероин**, 717 грама **кокаин**, 2.414 стебла, 254 парчиња и два килограми и 618 грама семки од растението „**канабис сатива**“, 16,2 грама **хашиш** и 72,9 милилитри **хашишово масло**, 1.736 милилитри **метадон**, 469,5 таблети **екстази,** 52 таблети и 312 грама **амфетамин,** 0,5 таблети и 0,11 грама **метамфетамин,** 5.397 таблети **трамадол**, 972,9 грама **мешавина од кофеин и парацетамол**, две парчиња **ЛСД**, 105 парчиња **бупренорфин**.

Од извршените согледувања, споредбено со истиот период минатата година, евидентно е **зголемувањето на запленитe на марихуана, кокаин, синтетички таблети и стебла „канабис сатива**“, а намалување е забележано кај запленитe на хероин. Висок процент-80% од запленетата дрога е реализирана од Секторите за внатрешни работи, во најголем дел со поддршка или во координирани акции со Одделот за криминалистичка полиција.

## 9.1 Организирани криминални групи

Особен акцент беше ставен на елеминирањето на организираните криминални групи инволвирани во оваа криминална област, при што сузбиени се **пет организирани криминални групи,** во кои дејствувале **24 членови. Инаку, три криминали групи се поликриминални (се занимаваат со недозволена трговија на различни видови на droги), додека две од сузбиените групи се инволвирани во недозволена трговија со марихуана.**

За одбележување е случајот реализиран од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во кој е сузбиена **меѓународна криминална група** составена од четири членови и тоа двајца државјани на Македонија и по еден државјанин на Косово и Албанија. Членови на групата набавиле марихуана од Албанија и преку Косово ја внеле на територија на Македонија, заради понатамошен транспорт до Турција. Дрогата е запленета на наплатна рампа „Петровец“, на излез од Скопје, кога при извршен преглед на патничко возило се пронајдени 11 патни торби **во кои биле сместени 210 пакувања со 108 килограми и 522 грама марихуана**. Во рамките на овој случај е **спречен меѓународен канал за недозволена трговија со марихуана** на релација Албанија-Косово-Македонија со крајна дестинација Турција, а цената на запленетата марихуана на нарко пазарот би достигнала вредност од околу 1.000.000 евра.

## 9.2 Меѓународни канали

Во рамки на меѓународниот криминал, Бирото за јавна безбедност и во овој период бележи значаен напредок во борбата против недозволената трговија со дроги. Потврда за ваквите констатации и успешното делување на Бирото се спречените **осум меѓународни канали** во кои беа запленети **261 килограм и 654,8 грама марихуана и 580 грама кокаин,** при што мерки на кривичен прогон, се преземени против **12 сторители**, од кои девет македонски државјани и тројца странци (по еден државјанин на Бугарија, Албанија и Косово), додека за еден од меѓународните канали е поднесен посебен извештај.





Притоа, реализирани се:

- седум случаи на недозволена трговија со марихуана;
- еден случај на недозволена трговија кокаин;




Мапа бр3 Рути на движење на марихуана

Запленетата марихуана најчесто влегува од Р.Албанија, а во два случаи е влезена од Р.Косово. Според реализираните случаи, **124,9 килограми марихуана биле наменети за нарко пазарот во Р.Турција**, тренд кој е присутен од крајот на 2015 година, а во останатите случаи марихуаната била наменета за нарко пазарите во западно-европските земји Италија, Австрија и Швајцарија, додека кокаинот бил преземен од албански државјанин и бил наменет за нарко-пазарот во Австрија.

Во однос на местото на заплена:

- три случаи се реализирани на Граничниот премин Табановце на излез од РМакедонија;
- два случаи се реализирани на Граничниот премин Богородица на излез од РМакедонија, а во еден од случаите дел од дрогата била пронајдена во близина на граничниот премин;
- три случаи се реализирани во внатрешноста на земјата на подрачјата на Охрид и Скопје;

Во најголем дел од случаите дрогата е пронајдена при извршени прегледи на патнички возила и на други локации, а истата била скриена во:

- во багажниот простор на дното од резервно тркало;
- во специјален бункер во долен дел на подвозјето кај праговите на возилото;
- во багажен простор;
- во предниот дел на моторот;
- во еден од случаите дел од дрогата била пронајдена при извршен преглед на терен сокриена во школски ранци;
- во два случаи дрогата била пронајдена при извршена контрола во автубус-преглед на патна торба и тоа во еден од нив во дупло дно од торба;
- само во еден случај дрогата била пронајдена при извршен преглед на товарно возило, а сокриена во внатрешноста на пластични прозорски рамки.

## 9.3 Меѓуинституционална соработка

Добра соработка и кординација континуирано се остварува со Царинската управа, за што сведочи фактот дека во меѓусебна координација со **Царинската управа беа реализирани три случаи од областа на недозволена трговија со дроги, при што се пресечени:**

- **три од меѓународните канали на недозволена трговија со дроги** и при тоа се запленети: 84 килограми и 203 грама марихуана.

За обележување е заедничката акција со Царинската управа, во која беше спречен меѓународен канал за недозволена трговија со марихуана на релација Косово- Македонија со крајна дестинација Швајцарија. Во рамките на овој случај, во Скопје се запленети 67 килограми и 799,8 грама марихуана, која е пронајдена при извршен преглед на товарно возило, сокриена во внатрешноста на пластични прозорски рамки.

## 9.4 Меѓународна соработка

Во континуитет како и во претходните години, продолжува меѓународната соработка во областа на сузбивањето на недозволената трговија со дроги, која особено е условена од брзата и навремена размена на информациите со оглед на фактот што според географското подрачје РМакедонија се наоѓа на „Балканскиот пат на дрогата“, поради што особено овој вид на криминал, во најголем дел, е детерминиран од етаблираните криминални врски како во регионот, така и пошироко. Во оваа насока за одбележување е фактот дека преку размена на

податоци и информации од страна на македонската полиција, со странските служби кои се занимаваат со спречување на недозволена трговија со дрога, пред се со ДЕА, службите на РАлбанија, РКосово, РСрбија, РБугарија и други држави, беа запленети поголеми количини наркотични дроги и тоа:

- Еден случај е реализиран со навремена размена на информации од полициските служби на РСрбија, при што во Македонија на подрачјето на Гостивар, по извршен претрес во викендица се пронајдени и запленети **153 килограми и 980,9 грама марихуана и 73,91 грам кокаин, за што кривичносе пријавени две лица;**
- На подрачјето на РТурција беше откриена илегална лабораторија за производство на марихуана и беа запленети околу **250 килограми марихуана во вредност од околу 500.000 американски долари;**
- во Холандија е откриена импровизирана лабораторија за одгледување на марихуана во домашни услови. Во рамките на овој случај се запленети **267 стебла од растението „канабис сатива**", а од слобода се лишени двајца српски државјани со престој во Холандија;
- По разменети информации и податоци со РАлбанија, од страна на албанските власти во Р.Албанија во два случаи беа запленети **93 килограми и 948 грама наркотична дрога марихуана**, **650 стебла „канабис сатива**", автоматска пушка и 27 куршуми;
- По разменети информации со Косовската служба за борба против дрога, во Косово се запленети **764 грама марихуана и кривично се пријавени три лица.** Во рамките на тој случај во РМакедонија се запленети **67 килограми и 799,8 грама марихуана.**

Во овој период се добиени податоци дека во 11 земји од слобода **биле лишени 43 македонски државјани** заради нивна инволвираност во недозволена трговија со дроги. Во рамките на овие случаи биле запленети 23 килограми и 458,4 грама кокаин, четири килограми и 218,4 грама хероин и 250 пакетчиња со хероин (непозната количина), 128 килограми и 64,3 грама марихуана и 1.970 грама канабиноид, 21,1 грама МДМА, 42,4 грама амфетамин, 14 таблети екстази, 4,9 грама ЛСД, 11,9 грама семе од канабис, 12,9 грама хашиш, 450 грама опијат и две шишиња метадон. Од извршените согледувања бележиме намален тренд од 23% на лишени македонски државјани во странски земји, а најголем дел од нив се лишени во Италија -15, Австрија -6, како и по пет македонски државјани во Германија и Швајцарија.

## 9.5 Превенција

Широк дијапазон на активности беа преземени и во **сферата на превенцијата**, при што во повеќе основни и средни училишта беа спроведени активности за превенција од злоупотреба на droги, во чии рамки беа ангажирани повеќе полициски службеници.

# 10. НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ

Во рамките на активностите ***за спречување на нелегалната трговија со оружје***, откриени се вкупно **167 кривични дела** „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“ за што кривично се пријавени **176 сторители,** потоа **три кривични дела** „изработување и набавување оружје и средства наменети за извршување на кривични дела“ за кои кривично се пријавени **четири сторители** и **едно кривично дело** „фалсификување или менување на ознаките или деловите од огнено оружје и муниција“ за кое се пријавени **двајца сторители**. Недозволената трговија со оружје и муниција во РМакедонија главно се карактеризира со нелегално набавување оружје, муниција и експлозивни материи од страна на поединци и запленетото нелегално оружје најчесто е поврзано со други видови криминални активности. Ова се потврдува со фактот што во 42 од случаите оружјето е запленето при извршени претреси при расчистување на кривични дела од насилниот криминал и недозволената трговија со дроги. Карактеристичен е случајот поврзан со криумчарење на мигранти, кој беше рализиран во месец јули, кога при извршени претреси на повеќе локации во Велес, Неготино, Гевгелија и Скопје, при што пронајдени се: автоматска пушка, полуавтоматска пушка, два пиштоли, револвер, ловна пушка, рачна бомба, две хемиски бомби, три гасни пиштоли, воздушна пушка, рамка за автоматска пушка и 91 парче муниција.

**При реализирањето на останатите кривичните дела се запленети по едно до две парчиња на оружје, а во 32% од случаите запленета е само муниција.**




Графички приказ бр.10 Кривични дела, сторители и заплена

Откриените кривични дела во споредба со минатата година бележат намалување од 12%, потоа намалување од 19% на откриените сторители и намалување од 45% во однос на бројот на запленетите парчиња оружје. Најголем дел или 38% од вкупниот број на кривични дела и заплени, се реализирани на подрачјето кое го покрива **Секторот за внатрешни работи Скопје.**

| 2016 година | кривични дела | сторители | парчиња оружје | муниција | петарди |
|---|---|---|---|---|---|
| СВР Скопје | 65 | 69 | 42 | 2577 | 257.901 |
| СВР Охрид | 27 | 22 | 15 | 419 | 290 |
| СВР Тетово | 15 | 17 | 11 | 173 | |
| СВР Велес | 12 | 13 | 13 | 333 | 5.566 |
| СВР Битола | 12 | 14 | 5 | 362 | 3.351 |
| СВР Куманово | 15 | 15 | 11 | 300 | 1.564 |
| СВР Штип | 14 | 17 | 11 | 86 | 184 |
| СВР Струмица | 3 | 3 | 6 | 197 | 286 |
| ОСОСК | 8 | 12 | 20 | 548 | |
| Вкупно | 171 | 182 | 134 | 4995 | 269142 |

Табела бр. 10 Реализирани кривични дела по СВР

Како резултат на преземените мерки и активности од различни области на криминал, запленети се вкупно **134 парчиња огнено оружје** од кои 45 пиштоли, 33 ловни пушки, 13 рачни бомби, седум автоматски пушки, шест воздушни пушки, по пет револвери и пиштоли за звучна и светлосна сигнализација, четири ловни карабини, по три војнички пушки, рачно изработени пушки и гасни пиштоли, по две полуавтоматски пушки и гранати, еден рачно изработен пиштол, една мина и малокалибарска пушка, како и **4995 парчиња муниција**, **269.142 парчиња пиротехнички средства**, **654,3 грама експлозив и 122 грама барут**.




Покрај мерките на кривичен прогон, против **218 лица** беа поднесени **207** ***барања за поведување на прекршочна постапка***, најчесто заради набавување делови од оружје, бесправно поседување муниција, носење на оружјето спротивно на одредбите на Законот за оружје. Во рамки на овие мерки, **беа запленети 92 парчиња оружје** (22 пиштоли за звучна и светлосна сигнализација, по 15 ловни пушки и гасни пиштоли, 19 воздушни пушки, 11 пиштоли, четири ловни карабини, три воздушни пиштоли, две војнички пушки, една полуавтоматска пушка, 190 парчиња муниција, 10.225 парчиња петарди и 99 парчиња ладно оружје.

Во делот од **управната постапка,** поднесени се **96 предлози за поведување управна постапка за бесправно поседување на оружје**, во чии рамки се одземени 122 парчиња оружје и тоа 37 пиштоли, 44 ловни пушки, 23 ловни карабини, седум воздушни пушки, шест пиштоли за звучна и светлосна сигнализација, три гасни пиштоли и по еден револвер и рачно изработена пушка.

Исто така. на подрачјето на РМакедонија **пронајдени се 65 парчиња старо нефункционално оружје, од кои 47 гранати.**

Во текот на оваа година, Националната комисија за мало и лесно оружје, во која релевантен учесник е Министерството за внатрешни работи, изработи

Национална стратегија за контрола на мало и лесно оружје (МЛО) и Акционен план 2017 – 2021 година, која е доставена на усвојување до Владата на Република Македонија, по што ќе се спроведе имплементирање на истата.

## 10.1 КРИУМЧАРЕЊЕ АКЦИЗНИ И ДРУГ ВИД СТОКИ

Во областа на ***криумчарењето акцизни и други стоки*** **откривачката функција бележи намалување од 78% во однос на минатата година.** Откриени се само поединечни случаи на криумчарење и не е сузбиена ниту една организирана криминална група. Откриени се само **шест кривични дела**, за што се **пријавени исто толку сторители**.




**Графички приказ бр.11 Кривични дела и сторители од областа на криумчарење стоки**

Во рамките на откриените случаи на криумчарење запленети се само 240 штеки цигари, една ловна пушка, 130 грама злато, 15.885 парчиња текстил, најлонски кеси-3250, 1673,20 метри завеси, автоделови -319 парчиња, моторно масло -3660 литри, лекови и др.

# 11.ЈАВЕН РЕД И МИР И ОСТАНАТИ ПОЛИЦИСКИ РАБОТИ

Во делот на **јавниот ред и мир** минатa годината главно обележје беа секојдневните протести кои се одржуваа низ повеќе градови во државата и истите имаа свој импакт врз безбедносната состојба во државата. Нестабилната политичка состојба предизвика континуирано одржување на протести, кои бележат двојно зголемување во однос на минатата година, односно регистрирани беа вкупно 846(354) протести на кои се проценува дека присуствувале околу 551.000 граѓани.

Гледано по подрачја најголем дел од протестите се одржани во градот Скопје - 236, Битола – 170, Струмица-116, Штип – 97, Велес-68, Тетово -57, Охрид – 52 и Куманово-50 протести.

Од нив за обележување се секојдневните и масовни протести кои се одржуваа на целата територија на државата, заради изразување незадоволство од донесената одлука на Претседателот на РМакедонија за помилување на повеќе државни функционери и други носители на јавни функции. За нивно безбедно одвивање Бирото за јавна безбедност преземаше плански и насочени мерки и активности за спречување на настанување на поголеми нарушувања на јавниот ред мир и одржување на поволна безбедносна состојба.

За разлика од претходните години, за првпат на протесните собири на граѓани кои беа иницирани од страна на неформално здружение на граѓани е регистриран **нов модус на изразување на незадоволство со фрлање боја кон фасадите на објектите на државните институции,** кои се лоцирани долж рутата

по која се движеа граѓаните кои протестираат. Со таквиот начин на оштетување на фасадите на објектите на државните институции и споменици од историско и културно наследство, причинета е огромна материјалната штета и тоа најмногу на подрачјето на Скопје која според досега доставените записници од страна на државните институции – сопственици на објектите, проценетата штета изнесува околу **9.755.848 денари**.

По преземени мерки поднесени се осум кривични пријави против 44 сторители за сторени 11 кривични дела, од кои најголемиот дел поднесени од СВР Скопје. Покрај ова, од страна на СВР Скопје поднесени се 140 барања за поведување на прекршочна постапка по Законот за прекршоци против јавниот ред и мир или Законот за јавна чистота и 30 записници за констатиран прекршок, против 40 лица.

Годинава, регистрирани се вкупно 109(122) случаи на **насилничко однесување помеѓу ученици**, што претставува намалување од околу 10% во однос на минатата година. Насилството помеѓу учениците најчесто се врши со употреба на физичка сила - 81,6%, додека во останатите случаи е извршено со попречување на наставата - шест, употреба на тврди предмети - пет, остри предмети – три, во по два случаи употребен е нож и извршена е закана со нож и во по еден случај извршена е закана со нож и вербални закани и навреди.

По преземени мерки расветлени се 16 случаи и притоа поднесени се:

- две кривични пријави против четири сторители за сторени две кривични дела „тешка телесна повреда " и „насилство";
- известување до ОЈО против шест сторители за сторено кривично дело „учество во тепачка";
- 10 барања за поведување прекршочна постапка против 18 сторители за сторени 11 прекршоци[2];
- на шест лица им се издадени платни налози за наплата на глоба за сторени четири прекршоци „физички напад" од ЗППЈРМ и два прекршоци од Законот за оружје.

Во насилството помеѓу учениците телесно се **повредени 77 ученици**, од кои на **пет ученици** од ОУ „26ти Јули" и СУ „8ми Септември" од Скопје, СУ „7ми Март" од Тетово, ОУ „Гоце Делчев" од Ресен и СУ „Јане Сандански" од Битола, **им се нанесени тешки повреди.**

И понатаму, присутна е појавата на употреба на остри и тврди предмети при расчистување на меѓусебните недоразбирања помеѓу учениците, кои во овој период резултираа со нанесување на убодни рани на неколку ученици. Покрај тоа, оваа година регистриран е еден случај на пукање со огнено оружје во воздух во училишен двор на основно училиште во Скопје.

Во делот на **спортските натпревари** бележиме поволна безбедносна состојба во која не се регистрирани поголеми **нарушување на јавниот ред и мир при одржување на натпреварите.** Бројот на нарушувањата е на исто ниво како и

[2] „физички напад" – седум, „нарушување на јавниот ред и мир во заеднички простории" – три и еден прекршок „учество, предизвикување или поттикнување друг на тепачка".

минатата година, односно регистрирани се 33(34) случаи, од кои најголемиот дел за време на спортски натпревари одиграни на подрачјето на Скопје-15, потоа Битола-пет, по четири на подрачјето на Охрид и Куманово, Тетово – три и и по еден случај во Струмица и Штип.

Карактеристично за инцидентите на спортските натпревари е **зголемениот број на повредени полициски службеници** при интервенција за воспоставување на претходно нарушен јавен ред и мир. Најголем број полициски службеници или **шест** се повредени за време на фудбалскиот натпревар во Кочани помеѓу ФК „Брегалница" и ФК „Пелистер", потоа **четири полициски службеници** за време на фудбалскиот натпревар во Куманово помеѓу ФК „Вардар" од Гостивар и ФК „Вардар" од Неготино, додека во **два наврати се повредени седум полициски службеници** при одржување на кошаркарски натпревари во Куманово помеѓу КК „Куманово" и КК „МЗТ Скопје".

За обележување се нарушувањата на јавниот ред и мир во кои учествуваа членови на навивачката група „Будуќност" од Црна Гора и тоа:

- на магистралниот пат Гостивар-Кичево - навивачи на фудбалскиот клуб „Шкендија" од Тетово со тврди предмети ги нападнале автобусите во кои се превезувале членови на навивачката група „Будуќност" од Црна Гора;
- во Скопје пред започнување на меѓународниот ракометен натпревар помеѓу ЖРК „Вардар" од Скопје и ЖРК „Будуќност" од Црна Гора, во два наврати беше нарушен јавниот ред и мир помеѓу членови на навивачката група „Комити" и членови на навивачката група „Будуќност" од Црна Гора;

По преземени мерки против нарушителите се поднесени соодветни кривични пријави, барања за поведување на прекршочни пријави и платни налози од страна на СВР Тетово и СВР Скопје.

Во однос на останатите регистрирани нарушувања на јавниот ред и мир по преземени мерки поднесени се три кривични пријави против четири сторители за сторени пет кривични дела и тоа три дела „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" и две дела „спречување службено лице во вршење службено дејствие", потоа поднесени се две барање за поведување прекршочна постапка против четворица сторители за сторен два прекршоци од Законот за спречување на насилство на спортски натпревари, како и на шест лица им се издадени шест платни налози за сторени прекршоци од Законот за спречување на насилство на спортски натпревари .

Регистрирани се 113(149) кривични дела **„напад врз службено лице при вршење работи на безбедност"** за што се пријавени 142(183) сторители, што претставува намалување од 24%. При нападите на 110 овластени службени лица им се нанесени телесни повреди и на пет им се нанесени тешки телесни повреди.
Нападите врз службените лица најчесто се вршени при воспоставување на нарушен јавен реди и мир на отворен простор во градско подрачје, а во 89 од случаите нападите се извршени од поединци.

При нападите во 87 случаи, сторителите употребиле физичка сила, во

останатите 19 случаи-тврди предмети, а во **три случаи е употребено огнено оружје на подрачјето на СВР Скопје, СВР Тетово и СВР Штип.**

- на подрачјето на СВР Тетово на регионалниот пат с.Групчин – с.Чифлик, при обид да бидат легитимирани неколку лица кои во моментот биле во возило, при што едно од лицата пукало со огнено оружје во воздух, а потоа и кон еден од полициските службеници, кои исто така возратиле, но притоа нема повредени лица;
- на подрачјето на СВР Штип во с.Аргулица, при интервенција за расчистување на пријавена тепачка, еден од учесниците успеал да го земе пиштолот на полицискиот службеник и да го впери кон него, а по преземени мерки лицето е лишено од слобода.
- на подрачјето на СВР Скопје се работи за закана со огнено оружје кон тројца полициски службеници , а по преземени мерки лицето е лишено од слобода;

Но и покрај намалувањето на нападите врз полициските службеници за истакнување е дека полициските службеници, во текот на овој период во повеќе наврати беа цел на напад при извршување на работните задачи и тоа:

- во рамки на **мигранската криза** по затворањето на рутата на движење во неколку наврати мигрантите се обидуваа насилно да влезат на територијата на РМакедонија со пробивање на оградата и каменување на безбедносните сили, при што беа повредени **24 припадници на безбедносните сили;**
- при обезбедување на **протестите** иницирани од страна на неформалното здружение на граѓани „Нема правда – Нема мир", секојдневно беа изложени на вербални навредувања и оштетувања на униформата со боја во обидите на учесниците да извршат фарбање на фасадите на објектите на државните институции, а при нарушувањата на јавниот ред и мир за време на протестите беа повредени 13 полициски службеници.
- за време на **спортски натпревари** при интервенција на нарушувен јавен ред и мир, **повредени се 22 полициски службеници**.

Покрај ова, за истакнување е настанот во Куманово во кој по преземени мерки **по претходна пријава** во врска со физички напад од страна на лице со нарушено психичко здравје, при обид да биде приведено истиот со нож му нанел **убодна рана на еден полициски службеник, кој подоцна им подлегнал на повредите**.

На крајот од годината, Бирото за јавна безбедност презеде активности за безбедно одвивање на целокупниот изборен процес при спроведување на ***Предвремените парламентарни избори***. Во предизборната кампања на територијата на целата држава беа одржани околу 369 јавни собири и други манифестации и средби со граѓани за претставување на кандидатите на изборни листи, на кои присуствуваа околу 397.000 граѓани, а за нивно безбедно одвивање

беа ангажирани околу 5.000 полициски службеници.

Изборниот процес на денот на изборите и денот на прегласувањето, се одвиваше во фер и демократски услови без поголеми нарушувања на изборниот процес, со регистрирани мали нерегуларности од типот на агитирање околу избирачките места, организирано носење гласачи, фотографирање на гласачко место и сл, оваа оценка беше дадена и од домашните и меѓународни набљудувачи на целокупниот изборен процес.

По преземени мерки поднесени се седум кривични пријави против девет сторители за сторени осум кривични дела против изборите и гласањето од Кривичниот законик од РМакедонија.

## 11.1 Статистички податоци од областа на јавниот ред и мир

Во 2016 година поднесени се барања за поведување на прекршочна постапка за прекршоци против јавниот ред и мир, со кои се опфатени **7.746(8.096) прекршоци против 10.675 (10.899) сторители.** Карактеристично е тоа што во 74% од прекршоците против јавниот ред и мир се извршени од страна на поединци.

| Организациона единица | 2016 | 2015 | зголемување / намалување |
|---|---|---|---|
| СВР Скопје | 2.928 | 3.493 | -16,2 |
| СВР Битола | 706 | 596 | 18,5 |
| СВР Велес | 528 | 441 | 19,7 |
| СВР Куманово | 690 | 636 | 8,5 |
| СВР Охрид | 768 | 717 | 7,1 |
| СВР Струмица | 613 | 655 | -6,4 |
| СВР Тетово | 583 | 517 | 12,8 |
| СВР Штип | 903 | 1.025 | -11,9 |
| Регионални центри | 27 | 16 | 68,8 |
| ВКУПНО | 7.746 | 8.096 | -4,3 |

Табела бр. 11 Регистрирани прекршоци по Сектори

Според место на извршување, најголем дел од прекршоците или 4.060 се извршени на отворен простор и 812 во приватен стан, најчесто од страна на невработени лица -5.186, додека 1.041 од сторителите прекршоците ги извршиле под дејство на алкохол.

| Организациона единица | 2016 | 2015 | зголемување / намалување |
|---|---|---|---|
| вкупно прекршоци ЈРМ | 7.746 | 8.096 | -4,3 |
| регистрирани сторители | 10.675 | 10.899 | -2,1 |
| стапка на прекршоци на 100000 | 354 | 370 | -4,3 |
| физички напад | 2.690 | 2.869 | -6,2 |
| сторители | 3.251 | 3.494 | -7 |
| учество во тепачка | 1.131 | 1.152 | -1,8 |
| сторители | 2.854 | 2.823 | 1,1 |
| карање, викање | 867 | 929 | -6,7 |
| сторители | 1188 | 1.226 | -3,1 |

Табела бр. Најчести прекршоци од ЗППЈРМ

Во содејство со инспекциските служби на подрачните единици на другите министерства спроведени се 194(429) акциски контроли во 791(1.818) угостителски објекти. Во рамки на акциските контроли и редовното работење поднесени се кривични пријави за сторени девет кривични дела „точење алкохолни пијалоци на малолетни лица", како и 696(764) прекршоци од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

Во рамките на спроведување на Законот за јавна чистота, од страна на полициските службеници се издадени 886 платни налози, при што на 309 граѓани по нивно барање им се издадени записници за општокорисна работа, додека при спроведување на Законот за заштита од пушењето издадени се 45 платни налози, при што на 24 граѓани по нивно барање им се издадени записници за општокорисна работа, додека четири прекршоци се констатирани кај правни и одговорни лица.

### 11.2 Превентивно полициско работење

Во рамките на соработката и градењето доверба на полицијата со локалното население, Бирото за јавна безбедност континуирано преку Одделенијата и Отсеците за превенција и Полициските станици спроведуваа активности во насока на подобрување на безбедносната состојба, преку проектите:

- **„Соседска патрола"; „Како сте?"; „На кафе кај соседите", „Нови згради нови жители", „Бизнисот и безбедноста", „За спортот - заедно", „Мојот полицаец" и „Полицијата и граѓаните заедно".**

Од страна на Националната комисија за мало и лесно оружје **со цел подигнување на безбедносната свест на граѓаните против пукање со оружје за време на новогодишните и божиќните празници**, спроведени се превентивни активности со истакнување на плакати во објекти на полициските станици од општа надлежност, локална самоуправа, средни училишта, маркети и други јавни места каде има голема фрекфенција на граѓани, додека делени се флаери при одржување на тематски средби со граѓаните, при непосредни учества во емисии на телевизиски станици, едукативни работилници со ученици во средни училишта и други превентивни активности.

Во насока на продлабочување на довербата на граѓаните во полицијата Бирото за јавна безбедност, исто така го реализираше проектот **„Кривично право ориентирано кон жртвата"**, при што во рамки на овој проект изработени се 100 информативни табли со поуки за права на жртви на кривични дела на 7 јазици, кои се истакнати на видни места во Полициските станици.

## 12. ПАТЕН СООБРАЌАЈ

Безбедноста во сообраќајот на патиштата во РМакедонија е еден од најкомплексните проблеми, поточно примарна општествена одговорност на сите организации и поединци во РМакедонија, чија крајна цел е постигнување на оптимална сообраќајно-безбедносна состојба. Сообраќајните незгоди и опасноста која ги демне учесниците во сообраќајот секојдневно, ја наметнуваат потребата од засилени активности на сите надлежни институции со цел намалување на бројот

на загинати и повредени лица  во сообраќајни незгоди.

Зголемениот број на моторни возила, потоа интензитетот во сообраќајот на сите патни правци и населени места, како и степенот на сообраќајна недисциплина кај одредени учесници во сообраќајот, се главните фактори кои придонесуваат за неповолната безбедносна состојба во Р Македонија, како по обем на случени сообраќајни незгоди, така и според последиците што произлегуваат од истите, односно се поголем е бројот на жртви во незгодите од година во година.

Во таа насока, говорат и статистичките податоци според кои на територијата на Р Македонија, изминатата година се случиле вкупно 8.995 сообраќајни незгоди,  а истите бележат незначително зголемување во споредба со минатата година кога се случиле вкупно 8.724 незгоди. Од нив 4.643(4.514)[3] незгоди се само со материјална штета, додека останатите незгоди се со потешки последици.



Графички приказ бр.12  Сообраќајни незгоди по Сектори за внатрешни работи

## 12.1 Сообраќајни незгоди со потешки последици

Во текот на 2016 година, сообраќајните незгоди со потешки последици се зголемени за 50 незгоди повеќе во споредба со 2015 година. Притоа во незгодите загинале 165 лица, а 5.971 лице се повредени[4].



Најзагрозено подрачје со случени 43% од сообраќајните незгоди со потешки последици е подрачјето на СВР Скопје-1.682 незгоди, второ по загрозеност е подрачјето на СВР Тетово со случени 11,6% од незгодите и подрачјето на СВР Битола со 9,5%, а најмал број сообраќајни незгоди со потешки последици се регистрирани на подрачје на СВР Струмица или само 6,6%, исто како и минатата година. Сепак, зголемување за повеќе од 11% бележат сообраќајните незгоди со загинати лица, бројот на жртвите и причинетата материјална штета во незгодите. Гледано по

[3] ***Податоците во заградата се однесуваат на 2015 година***

[4] Во сообраќајните незгоди повредени се 5.971, од нив 843 се тешко телесно повредени,  5.128 лица биле телесно повредени.

месеци, тенденција на континуирано зголемување имаат сообраќајните незгоди со потешки последици во периодот од април до август, кога се случиле 48,3% од вкупниот број на незгоди, а речиси идентичен е и процентот на загинатите лица во овој период-46,6%. Според деновите во неделата, најчесто незгодите се случиле во петок-590, а најмногу лица загинале во понеделник-31.

Индивидуалниот фактор на учесниците во сообраќајот и нивното непочитување на собраќајните правила е еден од најглавните причинители за неповолната состојба во безбедноста во сообраќајот. Имено, учесниците во сообраќајот, од една страна се директни причинители за настанување на сообраќајните незгоди, но истовремено се и директни жртви од нив, при што најчесто страдаат поради неправилни, непрописни и неодговорни однесувања на другите учесници, но и поради сопствените грешки. Во таа насока, 96% од незгодите се случиле поради грешки на возачите или 3.743 (3.656), а останатите 4% или 161 незгода се поради грешки на пешаците исто како и минатата година.

На скалата на водечките причини за случување на сообраќајните незгоди е управувањето на возилото со брзина поголема од дозволената-820(788) незгоди во кои загинале 69 лица, а додека најмалку поради непознавање на сообраќајните правила и прописи-14 (20) незгоди во кои нема загинати лица.

| **Најчести причини за сообраќајни незгоди со потешки последици** | **Вкупно сооб.незгоди со потешки последици** | **Сооб.незгоди со загинати** | **Загинати лица** |
|---|---|---|---|
| **Управување со брзина поголема од дозволената** | 820 | 59 | 69 |
| **Непочитување на правилата за првенство на минување** | 572 | 18 | 18 |
| **Недржење страна и правец на движење** | 441 | 26 | 30 |
| **Непрописно движење и свртување** | 391 | 7 | 7 |
| **Управување под дејство на алкохол** | 332 | 13 | 14 |

Табела бр.12 Најчести причини за сообраќајни незгоди по вина на возачите во 2016 година

Како и претходните години, речиси 63% од сообраќајните незгоди со потешки последици се случиле на улиците во градските средини-2.457 (2.424) во кои **загинале** 52 (50) лица, а повредени се 3.360 (3.273), потоа на локалните патишта-501 (544) во кои загинале 26 лица, а повредени се 868 лица, додека најмалку незгоди се случиле на магистралните патишта-141 (95) во кои загинале 11 лица, а се повредени 260 лица.

## 12.2 Загинати лица

Изминатите три години, бројот на жртвите во сообраќајните незгоди континуирано е во зголемување. Во 2016 година, на патиштата низ Републиката загинале вкупно 165 лица, што е за 17 лица повеќе споредбено со минатата година. Според категоријата на учесници, половина од нив се возачи на моторни возила или 88, потоа 42 се сопатници, а 35 се пешаци. Гледано по месеци, најмногу лица

загинале во текот на јули-26, а најмалку во февруари и април( по шест лица), но карактеристично е тоа што двојно е зголемен бројот на жртвите во месеците октомври-16 (13) и ноември-18 (11), за разлика од минатата година.

Евидентно е дека поголемиот дел од лицата, настрадале во сообраќајни незгоди кои се случиле на подрачјето на СВР Скопје-33 учесници во сообраќајот, каде како најкритични места може да се издвојат:

- булеварите „Партизански одреди“, „Борис Трајковски“ и „Илинден“ и улицата „Митрополит Теодосиј Гологанов“.

Во критични подрачја се и подрачјата на СВР Тетово и СВР Охрид со по 25 лица загинати, додека најмалку загинати лица во наведениот период има на подрачје на СВР Куманово или седум лица.




Графички приказ бр.13 Загинати лица по Сектори за внатрешни работи и по категорија на учесници во сообраќајот

Што се однесува до старосната структура, во најголем број загинатите лица се на возраст од 41 до 64 години-57 лица, потоа на возраст од 21 до 40 години-49 лица, над 65 години-42 лица, од 15 до 20 години-12 лица и пет се деца до 14 годишна возраст.

## 12.3 Превентивно-репресивни мерки



Во 2016 година согласно годишниот План спроведени се 48 селективни акциски контроли во патниот сообраќај, од кои најмногу по осум акциски контроли согласно План 2-управување под дејство на алкохол и План 4-недозволена брзина на движење. Покрај ова, извршени се надзор и контроли на автошколите и на посебно уредените простори-автосообраќајни полигони наменети за почетно оспособување на кандидати за возачи на моторни возила и полагање на првиот практичен дел од возачкиот испит.

При редовното работење и извршените контроли, од страна на полициските службеници регистрирани се вкупно 133.285 (136.347) прекршоци, а против прекршителите на сообраќајните правила и прописи поднесени се вкупно 62.892

барања за поведување прекршочна постапка, **издадени се вкупно 52.632 прекршочни платни налози и 77.397 прекршочни мандатни налози, а наплатени се вкупно** 7.830 платни и мандатни налози.

Во рамки на преземени мерки од областа на патниот сообраќај, од сообраќај исклучени се 19.297 возила и 26.770 возачи, времено се одземени 4.185 возачки дозволи, на вонреден технички преглед упатени се 1.964 возила, во 56.785 случаи бил употребен алкотест, додека на 873 лица им е земено крв и урина за анализа. Исто така, во оваа област поднесени се 2.368 кривични пријави за сторени 2.646 кривични дела, и наплатени се 5.814 парични глоби.




Графички приказ бр.14 Преземени мерки против учесниците во сообраќајот

Притоа, најмногу барања за поведување прекршочна постапка се поднесени за сторени прекршоци:

- „управување на нерегистрирано возило во сообраќајот“-16.758 (21.081);
- „управување без возачка дозвола“-15.842;
- „брзо возење“-4.446;
- „поради техничка неисправност на возилата“-3.580;
- „за управување на возилото под дејство на алкохол“-3.484;
- „за непочитување на сообраќајните знаци“-2.283;
- „поради неправилно движење на пешаците“-1.584 барања итн.

## 12.4 Превенција во сообраќајот

Бирото за јавна безбедност, во соработка со Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, спроведоа неколку превентивни кампањи и тоа :

- кампања **„Да ги заштитиме децата во сообраќајот**“;
- кампања под мотото **„Брзото возење и заморот убиваат**“, со цел да ги предупредат возачите дека возењето под замор е опасно и ризично по

животот, а дека поспан возач станува полусвесен и неспособен за да избегне излетување од патот или судир со друго возило, и како дел од летната кампања беше делен пропаганден материјал и флаери на странски возачи кои поминуваат низ Р Македонија

- кампања во пресрет на матурските вечери „Не си фраер ако загинеш на матура“, со апел до младите возачи-почетници, да не управуваат со моторно возило за време на прославата на матурските вечери поради веселиот амбиент, изобилството на алкохол и желбата за докажување, бидејќи ризикот да се предизвика сообраќајна незгода е исклучително висок.







**Кампања на РБСП и МВР „Брзото возење и заморот убиваат“**

Проектот **„Едукативен автобус“**, организиран од страна на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, АМСМ, МВР и ЈСП Скопје има за цел да ја зголеми сообраќајна едукација на децата, односно да ги зголеми нивните познавања од областа на сообраќајните правила и прописи преку практични и реални примери за да можат полесно да го препознаваат ризикот и опасностите во сообраќајот со кои секојдневно се среќаваат, како пешаци или како велосипедисти.




Исто така, од страна на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата донирана е техничка опрема-професионални батериски ламби за потребите на сообраќајната полиција, чија примена значително ќе ја зголеми ефикасноста на работата на полицијата и ќе го зголеми обемот и квалитетот на извршените контроли и проверки и на учесниците во него.

Во средината на јули 2016 година, на граничниот премин „Табановце“ промовиран е и новиот Мобилен систем за снимање со камери-Проект поддржан од страна на ИЦИТАП од САД и Министерството за правда, чија цел е подигање на интегритетот на полициското постапување, односно чекор напред во транспарентноста во работата на полициските службеници, а воедно и остварување на правата на граѓаните.

# 13.ГРАНИЧНИ РАБОТИ И СТРАНЦИ

Согласно законските надлежности Бирото за јавна безбедност превеземаше активности за обезбедување на државната граница, откривање и спречување на илегалните преминувања, сузбивање на криминални активности во близина на државната границата, реализација на прекугранична соработка, како и ефикасна контрола на граничните премини и обезбедување брз и непречен проток на патници.

Прекуграничната полициска соработка се одвиваше во насока на спроведување на веќе имплементираните форми на прекугранична полициска соработка согласно Шенген Каталогот со ЕУ препораки и најдобри пракси, оперативна соработка со Frontex, развивање на билатерална и мултилатерална соработка во делот на граничното работење и учество во меѓународни програми, проекти и иницијативи.

Во рамки на **прекуграничната полициска соработка беа одржани 1.200(1.011) средби на регионално и локално ниво и контакти** со претставниците на соседните гранични служби, кои се одвиваа согласно важечките билатерални договори. На состаноците на регионално ниво се разменуваа информации од областа на прекуграничниот криминал и нелегалната миграција, потоа анализирани се ефектите од спроведувањето на мешаните заеднички полициски патроли и заедничките контакт центри со соседните држави и други теми и прашања од областа на прекугранична соработка. На редовните состаноци на локално ниво редовно се разменувани информации од интерес за гранична безбедност, пред се во делот на преземање на активности за меѓусебна соработка во борбата против прекуграничниот криминал, илегална миграција, тековно работење и координација на протокот на патници и возила помеѓу премините како и за други настани и појави кои се од меѓусебен интерес за нормалното функционирање на заедничките државни граници со сите соседни држави .

Покрај ова, **реализирани се 447(448) мешани патроли на границите со сите соседни земји, со исклучок на РГрција** и тоа на делот од државната граница кон Р. Бугарија реализирани се **116 мешани патроли**, кон Р. Србија **115 мешани патроли**, кон Р. Косово реализирани се вкупно **122 мешани патроли**, (РЦ за ГР Север реализираше 112 мешани патроли, а РЦ за ГР Запад 10 мешани патроли) и кон Р. Албанија, реализирани се **94 мешани патроли.**

Прекуграничниот сообраќај на граничните премини се одвиваше редовно и без застој и според статистичките податоци регистрирани вкупно 18.490.217(17.765.757) патници, од кои повеќе од половина се странски.

| | **Влез во РМ** | | **Излез од РМ** | |
|---|---|---|---|---|
| | 2016 г. | 2015г. | 2016 г. | 2015г. |
| **МКД** | 2.984.411 | 3.095.826 | 4.381.079 | 4.016.161 |
| **Странци** | 6.832.498 | 6.457.152 | 4.292.229 | 4.196.618 |

Табела бр.13 Проток на патници на граничните премини

Најголем број странски државјани, кои ги преминале граничните премини и оваа година, се државјаните на земјите во регинот и тоа српските со 2,3 милиони патници, по што следат косовските 1,7 милиони патници, албанските 1,7 милиони патници, грчките со 1,6 милиони патници и др.

Од страна на надлежни полициски органи на граничните премини, по разни основи, не е дозволен влез во Р.Македонија на 3.219 (4.542) странски државјани, од кои во најголем број случаи не им е дозволен влез во државата на албански државјани -1.346, турски-486, српски-101 и др. Во истиот период, не е дозволен излез на 537(584) странски државјани, и тоа на 215 албански државјани, 64 државјани на Р.Србија, 55 државјани на Р.Турција, 44 државјани на РКосово и др.

Во овој период, при преминување на државната граница откриени се 206 лица (од кои 110 на излез од РМакедонија, а останатите при влез во РМакедонија), кои се обиделе да употребат фалсификувана патна исправа. Најголемиот дел или 203 лица употребиле странска патна исправа, додека само три лица употребиле македонска патна исправа, при што во најголемиот број случаи се однесуваат на бришење или кинење на страница на која е втиснат печат за забрана за влез во земјите на Европската Унија.

Во делот на престојот на странските државјани на 2.997(3.181) странци им е одобрен привремен престој, а најчеста причина за престојот е по основ на вработување-1.123, по основ на член на потесно семејство на државјанин на РМакедонија-746 и школување-523, додека на 49 странски државјани им се издадени дозволи за постојан престој. Инаку, во нашата држава во текот на 2016 година, до три месеци привремено престојувале 485.864 странски државјани, од кои најчесто како туристи- 315.072 и во приватни посети-163.502.

Во континуитет бележиме зголемување во делот на преземените мерки против странските државјани, поради незаконски активности извршени при нивниот престој во Р.Македонија. Во рамките на овие мерки беа поднесени 369(335) кривични пријави, против 424(375) странски државјани за сторени 420(383) кривични дела. И оваа година како и претходната, доминираа државјаните на РАлбанија, како сторители на кривични дела, кои најчесто извршиле кривични дела „фалсификување исправа“-151, „тешка кражба“-47, како и „кражба“ – 31 кривично дело.

Во делот на прекршоците беа поднесени 960(1.059) прекршочни пријави против странски државјани, а околу 26% од прекршоците се извршени од државјаните на РАлбанија, потоа 20,8% од РТурција и 14,4% од Р.Србија. Инаку, дури 74% од прекршоците се извршени по Законот за странци, а најчесто поради незаконски престој.

Во овој период бележиме намалување на бројот на нови барања за признавање право на азил, 760(1.578), а најбројни баратели на азил беа државјаните на Сирија192(990) и државјаните на Авганистан -167(357). Согласно Законот за азил и привремена заштита, Одделението за азил донесе решенија со кои на вкупно 439 лица, им се продолжи правото на престој заради супсидијарна заштита, кои најголемиот дел во Република Македонија престојуваат по овој основ од косовската криза во 1999 година – 432.

Покрај решенијата, беа издадени и 48 лични карти за лица под супсидијарна

заштита, една лична карта за лице со признат статус на бегалец и 124 идентификациони исправи, за лица баратели на право за азил.

## 14. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И ПРИМЕНА НА ОВЛАСТУВАЊАТА

Полициските овластувања и во текот на оваа година, се преземаа во насока на заштита на основните слободи и права на граѓаните, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за откривање на сторителите, како и одржување на јавниот ред и мир во земјата.

Примената на полициските овластувањата кои се однесуваат на утврдување на идентитет на лица, приведени, предупредени и задржани лица по разни основи, бележат благо зголемување.




Графички приказ бр.15 - Примена на полициски овластувања

Во текот на годината привремено се одземени 6.879 предмети, а извршени се 3.517 прегледи или претреси на определени објекти или простории од кои најголемиот дел – 1.326, се заради пронаоѓање и фаќање на лице кое при приведување се дало во бегство.

**Употребата на средства за присилба** бележи намалување од 23% во однос на истиот период минатата година, односно при вршење на службените задачи во 557(725) случаи се употребени средства за присилба. Во **три случаи е употребено огнено оружје** како средство за присилба:

- два случаи на подрачјето подрачјето на **СВР Велес** на автопатот А1 кај Велес;
- еден случај на подрачјето на **СВР Куманово** на автопатот Куманово-Табановце;

Инаку, во трите случаи се работи за откривање и спречување на **криумчарење мигранти,** во кои возачите на возилата не застанале на издадената наредба на полициските службеници, туку продолжиле со голема брзина да се движат кон нив и удриле со возилата во двајца полициски службеници. По ова, полициските службеници испукале по неколку куршуми кон тркала на возилото и по краток период сторителите се пронајдени и приведени, додека само во еден случај на едно лице му е нанесена прострелна рана.

Средства за врзување се употребени во 427 случаи, во 111 случаи физичка сила, а во 16 случаи употребена е полициска палка, а по извршеното оценување на

преземените мерки во сите случаи употребата на средствата за присилба била оправдана.

При употребата на средствата за присилба повредени се 18 лица, од кои при употребата на огнено оружје на две лица им се нанесени тешки телесни повреди, додека на останатите 16 лица им се нанесени лесни телесни повреди при употреба на физичка сила – четири лица, средства за врзување – 10 лица и при употреба на полициска палка - две лица.

# АКТИВНОСТИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НА БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

# 15.АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКА ПОЛИЦИЈА

Во текот на 2016 година, Одделот за криминалистичка полиција преземаше оперативно координирачка, инструктивно насочувачка функција и даваше стручна поддршка на организационите единици во рамките на БЈБ и организационите единици во МВР, насочена пред се кон зголемување на ефикасноста во постапувањето и исполнувањето на обврските предвидени со Стратешките документи на Министерството за внатрешни работи.

Покрај ова, Одделот беше носител и координатор на активностите во оперативните акции „Рефлекс“, „Гора“ и „Виза“, а исто така учествуваше во работата на оперативните штабови за оперативните акции „Облак“, „Избори 2016“ и „Илинден 2016“, како и во оперативниот штаб во СВР Скопје по прогласена кризна состојба во поплавите во скопсото село Стајковци. Одделот самостојно и во координација со ОСОСК и останатите Сектори за внатрешни работи, даваше насоки за отпочнување на финансиски истраги за лица и криминални групи од различни области на криминалитет

Постапувано е по вкупно 1.726 акти (преставки, анонимки, дописи од институции од РМ или други организациони единици од МВР), по кои се вршени проверки, доставени известувања или препратени до други организациони единици во БЈБ во зависност од надлежноста. Од актите постапувано е по 276 дописи доставени од Секторот за меѓународна полициска соработка.

## 15.1 Сектор за недозволена трговија со дроги, оружје и опасни материи

**Единицата за недозволена трговија со дроги** даде придонес во делот на оперативно координирање, насочување и давање стручна поддршка на организационите единици во делот на недозволената трговија со дроги, што резултираше со зголемување на запленети на дроги, како и откривачката функција од страна на Секторите за внатрешни работи.



Преземените интезивни активности во борбата против **недозволената трговија со наркотични дроги**, од страна на Одделот за криминалистичка полиција резултирааа со учество во заплена на 404 килограми и 816,7 грама марихуана, 73,91 грам кокаин и автоматска пушка, за што се поднесени кривични пријави од страна на Секторите за внатрешни работи (за заплената од 67,7 килограми марихуана е поднесен посебен извештај). Заплените беа реализирани во координирани акции со Секторите за внатрешни работи, Царинска управа на Р.Македонија, Одделот за гранични работии и миграции –Регионални центри за гранични работи.

Во рамките на овие случаи беа спречени четири меѓународни канали за

недозволена трговија со марихуана. **Покрај ова, во координирана акција со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал и СВР Велес, свој придонес дадоа и во елиминирање на четири члена криминална група.** Члeновите на групата препродавале наркотични дроги хероин и марихуана, како и синтетичка дрога амфетамин, на лица сторители на кривични дела од областа на недозволената трговија со дроги од подрачјето на повеќе градови на Република Македонија. Во рамките на овој случај е спречен еден од меѓународните канали за марихуана и запленети се 102 грама хероин.




Во рамките на меѓународната соработка за обележување се случаите реализирани на територијата на РАлбанија и РКосово, кога по разменети информации од страна на Одделот за криминалистика полиција, во Албанија се запленети околу 10 килограми марихуана, автоматска пушка и 27 куршуми, додека во Косово се запленети 764 грама марихуана и од слобода се лишени две лица, а во РМакедонија на подрачјето на Скопје запленети се 67 килограми 799,8 грама марихуана.

Во делот на **недозволена трговија со оружје**, Одделот за криминалистичка полиција учествуваше во реализација на четири случаи во заеднички координирани акции во содејство со СВР Скопје и ПС Прилеп. Притоа, поднесени се четири кривични пријави од областа на недозволена трговија со оружје и запленети се три парчиња оружје, 780 парчиња муниција, како и поголема количина муниција за ловна пушка.

## 15.2 Сектор за насилен и општ криминал

***Единицата за крвни и сексуални деликти во содејство*** со ОСОСК реализираше случај поврзан со лица кои се занимаваат со проституција и за лица кои посредуваат и овозможуваат вршење на проституција во угостителски објект на подрачјето на Охрид, а од страна на Секторот за економски криминал и корупција по спроведена финансиска истрага поднесена е една кривична пријава за сторено кривично дело „перење пари и други приноси од казниво дело“.

За одбележување е реализацијата на случај во координацијаја на ЕВРОПОЛ во врска со грабнување на мигранти- сириски државјани меѓу кои и деца на подрачјето на Куманово.

Единицата вршеше координирање и преземање на соодветни мерки и активности за расветлување на 24 кривично правни настани и тоа: случени убиства во минатата и во претходните години(кои сеуште не се расветлени), потоа расветлување на околности за лица кои се пријавени за исчезнати под сомнителни околности, како и други кривични дела против животот и телото, против половата

слобода и моралот, сообраќајни незгоди со смртни последици извршени на подрачјето на различни сектори за внатрешни работи на територија на РМакедонија.

***Единицата за имотни деликти и насилен криминал*** преземаше мерки и активности во врска со 24 случаи за откривање на сторители и расчистување на тешки кражби, разбојништва, разбојничка кражба со смртни последици, одземено моторно возило, фалсификување на исправи, затајување и предизвикување општа опасност - при опожарени возила и др. на подрачјата на секторите за внатрешни работи. Исто така, беа извршени надзори во сите сектори за внатрешни работи, преку извршување на работни посети со полициски службеници од други организациони единици од Министерството.

Единицата учествуваше во две меѓународни операции и тоа:

- учеството во координативното тело во операција „JAD CICONIA ALBA“ за денови на заедничка акција за трговија со луѓе и илегална миграција, иницирана од страна на МВР на Австрија, а поддржана и координирана од страна на ЕВРОПОЛ во октомври 2016 година.
- учеството во меѓународната акција за сузбивање на недозволената трговија со огнено оружје „Balkan trigger„ во периодот 17.04.-19.04.2016 година, во која учествуваа и земјите од западен Балкан и повеќе земји од Европска Унија.

## 15.3 Сектор за економски криминал и корупција

***Единицата за крвни и сексуални деликти во содејство*** со ОСОСК реализираше случај поврзан со лица кои се занимаваат со проституција и за лица кои посредуваат и овозможуваат вршење на проституција во угостителски објект на подрачјето на Охрид, а од страна на Секторот за економски криминал и корупција по спроведена финансиска истрага поднесена е една кривична пријава за сторено кривично дело „перење пари и други приноси од казниво дело“.
За одбележување е реализацијата на случај во координацијаја на ЕВРОПОЛ во врска со грабнување на мигранти- сириски државјани меѓу кои и деца на подрачјето на Куманово.

Единицата вршеше координирање и преземање на соодветни мерки и активности за расветлување на 24 кривично правни настани и тоа: случени убиства во минатата и во претходните години(кои сеуште не се расветлени), потоа расветлување на околности за лица кои се пријавени за исчезнати под сомнителни околности, како и други кривични дела против животот и телото, против половата слобода и моралот, сообраќајни незгоди со смртни последици извршени на подрачјето на различни сектори за внатрешни работи на територија на РМакедонија.

***Единицата за имотни деликти и насилен криминал*** преземаше мерки и активности во врска со 24 случаи за откривање на сторители и расчистување на тешки кражби, разбојништва, разбојничка кражба со смртни последици, одземено моторно возило, фалсификување на исправи, затајување и предизвикување општа опасност - при опожарени возила и др. на подрачјата на секторите за внатрешни работи. Исто така, беа извршени надзори во сите сектори за внатрешни работи,

преку извршување на работни посети со полициски службеници од други организациони единици од Министерството.

Единицата учествуваше во две меѓународни операции и тоа:

- учеството во координативното тело во операција „JAD CICONIA ALBA“ за денови на заедничка акција за трговија со луѓе и илегална миграција, иницирана од страна на МВР на Австрија, а поддржана и координирана од страна на ЕВРОПОЛ во октомври 2016 година.
- учеството во меѓународната акција за сузбивање на недозволената трговија со огнено оружје „Balkan trigger„ во периодот 17.04.-19.04.2016 година, во која учествуваа и земјите од западен Балкан и повеќе земји од Европска Унија.

## 15.4 Сектор за економски криминал и корупција

Секторот за економски криминал и корупција самостојно и во содејство со ОСОСК и Секторите за внатрешни работи активно партиципираше во откривање на девет случаи поврзани со злоупотреби во државни институции, органи на локална самоуправа и приватни правни лица со елементи на корупција, како и случаи поврзани со фалсификување на лични карти, поткуп при избори и гласање, фалсификување дипломи, незаконито организирање игри на среќи и давање поддршка при вршење на контроли во објекти кои организираат вакви игри на среќа.

Посебен акцент беше ставен кон развивање на концептот за спроведување на финансиски истраги на локално, регионално и централно ниво во Бирото за јавна безбедност. Во таа насока се преземаа следните активности :

- Следење на имплементација на стратешки и оперативни приоритети кои се одредени на ниво на БЈБ. Во рамките на оваа активност посебен ангажман беше насочен кон анализа на системот за спроведување финансиски истраги во МВР .
- Јакнењето на капацитетите на Бирото за јавна безбедност се остваруваше преку постоечките проекти при што се спроведоа осум основни обуки за финансиски истраги и перење пари, две напредни обуки и една обука за обучувачи, кои беа во организација на Секторот и партиципираше со тројца едукатори .
- Учество во изготвување на едукативен материјал „Примери од практиката –документирање дела од областа на финансискиот криминал, перењето пари и спроведување на финансиски истраги“.
- Преку инструктивна телеграма и одржаните обуки беа дадени конкретни насоки и обврски на Секторите за внатрешни работи за спроведување на финансиски истраги по конкретни случаи, заради развивање на концептот спроведување на финансиски истраги.
- Практична имплементација на водење на финансиска истрага беше спроведена во истрага за недозволена трговија со droги реализирана од страна на Секторот за недозволена трговија со дрога во ОКП и ОСОСК.

- Поддршка и давање насоки во  воспоставувањето на финансиски истраги од  останатите организациони единици на централно и регионално ниво во Бирото за јавна безбедност.

Вработени учествуваа во повеќе проекти и работни состаноци, за планирање на натамошни мерки  и активности за:

- **јакнење на националните капацитетите за сузбивање на фалсификување на пари,**
- учество во Комисија за изготвување на „**Национална стратегија против фалсификување на лекови и медицински помагала;**
- во работна група на тема „**фалсификување на пари,** усогласување на базите на податоци, сигурносни одбележја на банкнотите, препознавање на фалсификати, односи со јавност, методологија на истраги и тек на информациите“ организирана од страна на „Европска унија“;
- измена  на номенклатурата на кривичните дела во Министерството за внатрешни работи, во делот на економскиот и организираниот криминал и други активности.

# 16. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА УНИФОРМИРАНА ПОЛИЦИЈА

## 16.1 Сектор за полициски работи од општа надлежност

Полициските службеници од Секторот за полициски работи од општа надлежност во состав на Одделот за униформирана полиција, работните задачи и обврски во текот на 2016 година ги извршуваа врз основа на законските и подзаконските прописи, упатства, уредбите, како и наредбите, инструкциите и насоките од страна на Кабинетот на министерот, директорот на Биро за јавна безбедност, помошник директорот во Одделот за униформирана полиција и Годишната програма за работа на Секторот за полициски работи од општа надлежност. Заради инструктивно насочување на работењето на полицијата од општа надлежност  беа изготвени 280 телеграми.

Во текот на извештајната година од страна на Секторот тековно и навремено е работено по сите пристигнати акти од организациските единици при Бирото за јавна безбедност, организациските единици за потребите на Министерството, како и други државни органи, организации, федерации, дирекции, тела и други институции, за што се изготвени вкупно 1.488 мислења, анализи, предлози, иницијативи и други акти.

Од областа на ***јавниот ред и мир и превенцијата*** секојдневно беше следена на безбедносната состојба на подрачјата на сите сектори за внатрешни работи преку редовно утринско информирање од страна на началниците на Одделенија за превенција во СВР и преку билтените за дневни настани, за настаните кои се случиле во изминатото деноноќие и се даваа насоки за преземање на мерки за одредени покарактеристични настани.

Потоа, редовно се следеа најавените и ненајавените јавни собири и спортски натпревари, се вршеа потребните проверки за присуство на граѓаните, навивачи и

навивачки групи на подрачјата на другите СВР, се координираа активностите преку СВР и се даваа насоки при преземањето на потребните мерки за одржување на поволен јавен ред и мир.

Исто така, беа давани насоки и се следеа активностите на Отсеците за превенција во СВР, особено во делот на имплементацијата на активностите по проектот „Полицијата и граѓаните заедно“ и Акцискиот план на МВР 2014-2015 година за реализација на проектите.

Од страна на Секторот беа преземени активности ***за утврдување и воедначување на методологијата*** на работа во Полициските станици и одделенија посебно во делот на примање на пријава од граѓанин, евидентирање, испраќање на службите, информирање и изготвување на обрасци и заведување во соодветните евиденции согласно Правилникот за начинот на вршење на полициски работи и Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата.

Перманентно беа следени ***најавените и ненајавените собири на граѓани*** и навремено се преземаа сите потребни мерки и активности за координација и давани се насока на Одделенијата за полиција при Секторите за внатрешни работи при преземање на мерки за одржување на јавниот ред ред и мир, а посебно внимание е посветено при одржување на јавните собири организирани од политичките партии СДСМ и ВМРО ДПМНЕ пред Влада и Собрание на РМ; потоа граѓанските здруженија „Протестирам“ и „ГДОМ, како и политичката партија ДУИ за протестот кај општина „Бутел“. Беа давани насоки на Секторите, за јавните собири во кои се блокираа локални патишта и железничка пруга во близина на железничката станица-Гевгелија.



Секторот ги следеше **најавените спортски натпревари** кои беа прогласени од страна на надлежните спортски федерации за натпревари од зголемен ризик. Навремено се преземаа сите потребни мерки и активности за координација и стручна помош на Одделенијата за полиција при Секторите за внатрешни работи при превземање на мерки за одржување на јавниот ред и мир на истите согласно Законот за спречување на насилство и недостојното однесување на спортските натпревари и стандардната оперативна процедура за одржување на јавниот ред и мир на јавни собири и спортски натпревари.

Редовно се спроведуваа активности во врска со проверка и размена на податоци за присуство на навивачи и навивачки групи на домашни и други меѓународни спортски натрпревари, учество на работни состаноци одржани помеѓу спортските федерации и клубови за натпревари кои беа прогласени од зголемен ризик, јавни собири-протести, предизборни митинзи на политички партии, како и ангажираност на полициски службеници за потребите на СВР

Скопје заради закажани судски рочишта во Основен суд Скопје 1-Скопје.

Вршени се проверки на податоци преку ИНТЕРПОЛ во врска со одигрување на спротски натпревари во рамки на европските натпреварувања, каде учествуваат спортски клубови од Република Македонија.

Во текот на годината полициските службеници од Секторот земаа активно учество во работата **на работните групи** формирани со Решение од Министерот за внатрешни работи, **комисии, работилници, конференции** и земаа активно учество на **работни состаноци** по разни основи, при што во најголем дел беа и носители на активностите.

Од учеството во работните групи изготвени се предлог текстови на подзаконски прописи кои се проследени за понатамошна постапка и тоа: Правилник за начинот за оценување на работниците, формата и содржината на образецот за оценување и образецот за годишно кариерно интервју, како и формата и содржината на извештајот за извршно оценување на работниците во МВР, Уредба за униформата и ознаките на униформата на полицијата, Правилник за носење, времето на траење и распределба на униформата на полицијата, Правилникот на Министерството за внатрешни работи за видот и начинот на доделување на награди, благодарници и признанија и Интерен пропис за складирање на оружје, муниција и минско-експлозивни средства во магацините на Министерството.

Од страна на вработени во Секторот извршени се повеќе посети на регионалните сектори во однос на:

- испитување на доставени претставки против постапувања на полициски службеници;
- извршена е посета и контрола на подрајчето на повеќе Сектори за внатрешни работи во врска со полициското обезбедување на домовите на лица за кои се донесени решенија за зајакнато обезбедување;
- на подрачјето на ПС ОН Гевгелија е извршена посета во врска со справување со мигрантската криза на јужната граница;
- **контролни служби** на униформираните полициски службеници ангажирани за вонредно обезбедување, контролни служби во повеќе ПС од ОН, ПО и ПС за БПС во однос на будност, мобилност, личен изглед и опременост на дежурни служби и службите за обезбедување; начинот на евидентирање и постапување по пријави од граѓани во електронски билтен, среденост и хигиена во просториите за работа и просториите за задржување на лица, контрола во магацинот за оружје и опрема итн.

## 16.2 Превенција

Во текот на 2016 година се даваа насоки и се следеше активноста на **Отсеците за превенција** во СВР, особено во делот на имплементацијата на активностите по проектот **„Полицијата и граѓаните-заедно"**

Во областа на планирањето и подготовките за функционирање во воена, вонредна и сложена безбедносна состојба и резервен состав на полиција спроведени се следните активности:

- согласно Програмата за работа во областа на подготовките за функционирање на организациските единици во МВР во воена, вонредна, сложена безбедносна и кризна состојба за 2016 година, извршено е ажурирање на прилозите од документот за мобилизација, мерките за приправност и објекти за посебно значење за безбедноста и одбрана на Р Македонија.
- изготвување на план за реализација на Програмата за стручно оспособување на припадниците на резервниот состав на полиција, како и организација и координација на организациските единици во СВР за спроведување на гаѓања со припадниците на резервен состав на полиција и
- давање насоки согласно донесената Одлука на Владата на Р Македонија за прогласена кризна состојба во регионот на јужната и северната граница на Р Македонија, поради зголемениот прилив на мигранти кои доаѓаат од Р Грција и редовно учество на состаноци во главниот штаб на Центарот за управување со кризи.
- Во рамките на формираната работна група, задолжена за утврдување на состојбата со оружјето и муницијата наменети за резервнио состав на полицијата, како и оружјето и муницијата одземени по разни основи од организациските единици а во врска со Одлуката за ништење на горенаведеното оружје од Владата на Република Македонија, во координација со Дирекцијата за заштита и спасување извршено е организирање, превоз и уништување на минско експлозивни средства во армискиот полигон Криволак.

## 16.3 Сектор за сообраќајни работи и превенција

Од страна на Секторот направени се ***воведувања во работата*** на новопоставените вработени главни инспектори за сообраќајни работи, командир и помошници командири во Секторите за внатрешни работи. Исто така, извршени ***се увиди-контроли во евиденциите од областа на сообраќајот*** на подрачјата на **СВР Струмица, СВР Штип, СВР Скопје, СВР Тетово, СВР Битола и СВР Велес** во Полициските станици за безбедност на патниот сообраќај и Полициските станици од општа надлежност во рамки на наведените Сектори, како и контроли во работењето на инспекторите за сообраќајни работи на подрачјата на СВР Тетово, СВР Охрид, СВР Струмица, СВР Куманово.

Секторот преземаше активности во организирање, координирање и непосредно следење на сообраќајните обезбедувања на ВИП личности, претседатели и премиери на држави како и други делегаци кои подлежат на посебен режим на сообраќајно обезбедување или согласно направената проценка на ризик, а и вонредно сообраќајно обезбедување – спровод на лица од затворите во РМакедонија до Основен суд Скопје 1 Скопје.

Согласно Годишната програма за работата во 2016 година беа планирани се 50 **Републички селективни акциски контроли во патниот сообраќај а спроведени се** 48 акциски контроли.

Полициските службеници од Секторот за сообраќајни работи, повеќе наврати учествуваа во **работата на неколку Работни групи** за изготвување на

закони и подзаконски прописи.

## 16.4 Сообраќајно инженерски работи

Значаен сегмент во работата на Секторот во текот на 2016 година претставуваше и:

- **надзорот и контролата на работата на авто-школите**, при што беа контролирани осум авто-школи;
- изготвени се пет **одговори до СУНР во врска со одобрување на сообраќајни автодроми (полигони)** согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;
- извршени беа 19 **надзори над** условите за работа и начинот на вршење на техничката исправност на возилат во **овластените правни лица за вршење на технички преглед на возилата;**
- изготвени се 34 **одговори до Секторот за управно надзорни работи** во врска со барањето за издавање на согласност за овластување за вршење на работи на технички преглед на возила **раководител-контролор**,
- изработени се три **одговори до секторот за управно надзорни работи** во врска со барање за мислење **за извршен надзор над овластено правено лице за вршење на технички преглед на возила од секторите за внатрешни работи,**
- изготвени се два **одговори до секторот за управно надзорни работи во врска со барањето за издавање на овластување** за вршење на работи во станица за технички преглед или за измена на даденото овластување за вршење технички преглед на возила ,
- Во текот на 2016 година до **Секторот за Управно надзорни работи во врска со барањето за издавање на Овластување** за издавање на пробни таблици, меѓународни возачки дозволи и одобрение за користење на туѓо моторно возило во странство, беа изготвени и доставени 112 мислења.
- изготвени мислења до **Секторот за управно надзорни работи во врска со барањето за овластување за стручно оспособување на кандидати за возачи при превоз на опасни материи, и тоа:** на правното лице АСУЦ „БОРО ПЕТРУШЕВСКИ" од Скопје
- изготвени мислења до **Секторот за управно надзорни работи** во врска со барањето за издавање на **овластување за обука на возачи и советници за безбедност за превоз на опасни материи и тоа**:
- на правно лице„АМСМ УСЛУГИ-ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА" дооел од Скопје
- одговорено е на 40 **барања за продолжување на важноста на сообраќајната согласност** за утврдување на услови и времен режим на сообраќај.
- Во 14 случаи извршен е теренски увид во исполнетоста на условите на **угостителски објекти за добивање на согласност** од областа на сообраќајот.
- **Издадени 2.387 согласности за:** трајна измена на режим на сообраќај на државни патишта; потоа за трајна измена на режим на сообраќај на пат

за изведување градежни работи на улици во градот Скопје; за времена измена на режим на сообраќај на пат за изведување градежни работи во државните патишта; за времена измена на режим на сообраќај на јавен пат односно улиците во градот Скопје и за вонреден превоз.

## 16.5 Мобилна единица за безбедност на сообраќајот на патиштата

На подрачјето кое го покрива Мобилната единица за безбедноста на сообраќајот на патиштата, односно автопатите Скопје-Велес, Скопје-Куманово и обиколницата околу Скопје, во изминатата година се случили 197(212) сообраќајни незгоди, кои бележат намалување за 7% во споредба со 2015 година, додева во однос на последиците има зголемување од 68% на бројот на сообраќајни незгоди со телесни повреди.

Единицата спроведе 151 засилена акциска контрола и 34 Локални акциски контроли, а зема учество и во 48 републички акциски контроли.

| | 2016 год. | 2015 год. | % |
|---|---|---|---|
| Контролирани возачи и возила | 31975 | 48754 | -34,42% |
| исправни | 24500 | 40435 | -39,41% |
| неисправни | 7475 | 8319 | -10,15% |
| Вкупно исклучени возила | 999 | 939 | 6,39% |
| технички неисправни | 42 | 42 | / |
| нерегистрирани | 739 | 727 | 1,65% |
| претовар | 198 | 142 | 39,44% |
| вонреден превоз | 20 | 19 | 5,26% |
| забрана за движење на ТМВ | / | 9 | -100% |
| Вкупно исклучени возачи | 1218 | 1013 | 20,24% |
| поради алкохол | 456 | 276 | 63,44% |
| бесправно управување | 655 | 684 | -4,24% |
| несоодветна категорија | 28 | 30 | -6,67% |
| возач почетник | 64 | 14 | + 4,5 пати |
| за време на забрана | 15 | 6 | + 2,5 пати |
| Вкупно превземени мерки | 8718 | 7707 | 13,12% |
| Издадени ман.плат.налози /покани | 4957 | 2935 | 63,89% |
| Издадени прек.платни налози /платни налози | 2184 | 3488 | -37,39% |
| Поднесени барања за правни оговорни лица по ЗБСП и ЗВ | 363 | 423 | -14,18% |
| Писмено опоменати учесници во сообраќајот | 1214 | 861 | 41% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ман.платни налози за брзина | 2417 | 1072 | +2,2 пати |
| Прек.пл.налози за престигнување | 7 | / | 100% |
| Ман.платни налози за алкохол | 456 | 276 | 63,44% |
| Прек.платни налози за бесправно управување | 655 | 684 | -4,24% |
| Прек.платни налози за нерегистрирани возила и непродолжена регистрација | 739 | 727 | 1,65% |
| Останати мерки | 2867 | 3664 | -21,75% |
| **Прекршочна постапка** | | | |
| Платени ман.плат.налози /покани/ за глоба | 406 | 256 | 58,59% |
| Платени прек.платни налози /Платни налози/ | 319 | 699 | -54,36% |
| Вкупно изготвени барања за прек.пост | 3380 | 3673 | -7,98% |
| Изготвени барања до комисија | 2135 | 2108 | 1,28% |
| Изготвени барања до Суд | 1245 | 1565 | -20,45% |
| Возачи на кои им се регистрирани негативно бодови | 883 | 565 | 56,28% |
| Поднесени барања за извршување до УЈП (заклучно со 30.09.3016 година | 1628 | | |

Табела бр.14 Активности на Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата

# 17. АКТИВНОСТИ НА СЕКТОР ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА СОСТОЈБА

Секторот за известување и координација на состојби во 2016 година, во континуитет ги извршуваше функционалните должности на известување и координација на состојбите во делот на случени покарактеристични безбедносни настани преку изготвување на секојдневни безбедносни билтени и информирање на раководните структури во Бирото за јавна безбедност и Министерството за внатрешни работи, како и координирање во постапувањето на повеќе различни организациони единици.

Во целост се следеше целокупната безбедносна состојба на територијата на РМакедонија и се вршеше координација и управување со одредени појави во криза и вонредни ситуации, како и правовремена и правилна координација со останатите институции и служби во државата.

Покарактеристични активности може да се наведат:

- изготвени се 246 дневни билтени;

- На телефонската линија „199“ примени се вкупно **четири пријави** и истите веднаш се проследени до надлежните служби за понатамошна обработка и постапување, но може да се констатира дека оваа телефонска линија чија намена е пријавување на корупција од страна на граѓаните не го дава очекуваниот ефект;

- преку апликацијата „Црвено копче“ и „Сомнително лице“ -примени се **42 пријави;**

## 18. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ И МИГРАЦИЈА

Во текот на 2016 година, приоритети во работата на Одделот за гранични работи и миграции беа справување со мигрантската криза, потоа сузбивање на прекуграничниот криминал, сузбивање на злоупотребата на визната либерализација, натамошното развивање на прекуграничната полициска соработка и натамошно зајакнување на капацитетите на граничната полиција.

Реализирана е заедничка операција за засилен надзор на јужниот дел од државната граница на Р. Македонија со учество на полициски службеници од странство. Истата беше целосно организирана и координирана од страна на Одделот за гранични работи и миграции.

Во делот на зајакнувањето на материјално-техничките капацитетите на граничната полиција, Одделот учествуваше во утврдувањето на потребите на Бирото за јавна безбедност за справување со мигрантската криза, дизајнирањето и имплементацијата на Специјалните мерки на Европската унија, кои се однесуваа на набавка на теренски возила, потоа за набавка на термални камери со краток домет, уред за проверка на документи VSC Regula, термални камери со долг домет, набавка на специјални возила за видео надзор и команден контролен центар во ПС за ГП и ГН Гевгелија, како и набавка на дополнителна опрема за потребите на Одделот и Регионалните центри за гранични работи. Покрај ова, за потребите на Граничната полиција, од страна на ИОМ и од Р Чешка донирани се 49 возила.
Потребите беа искажани врз основа на согледување на состојбата при извршени работни посети на 12 полициски станици за граничен надзор.

Одделот за гранични работи и миграции ја следеше имплементацијата на воспоставените форми на прекугранична полициска соработка на централно, регионално и локално ниво со одржување на редовни работни состаноци, реализација на мешовити гранични патроли со соседните земји, размена на информации преку заедничките контакт центри.

Во рамките на своите надлежности одржуваше континуирани контакти со странските офицери за врска надлежни за гранични работи, со централните служби на граничните полиции во регионот и со европските агенции и меѓународни организации (Frontex, IOM, UNHCR, MARRI, ICMPD, итн.).

Припадниците на Граничната полиција учествуваа во меѓународни заеднички операции организирани од Фронтекс – Европска гранична и крајбрежна стража и ДКАФ. Одделот за гранични работи и миграции четврта година по ред е

земја домаќин на Заедничка операција на организирана од Фронтекс – Европска гранична и крајбрежна стража – JO Coordination Point BCP Tabanovce 2016, во која зедоа учество 37 полициски службеници од 11 земји членки на Европската унија. Наведената заедничка операција како успешен проект беше промовиран како добар пример за реализација при студиска посета на претставници од Србија и Црна Гора .

Одделот за гранични работи и миграции во текот на 2016 континуирано учествуваше во меѓународни заеднички и координативно оперативни активности, во соработка со ОСОСК и ЦПС – СМПС (JO Blue Amber Sirocco, JO Ciconia Alba, итн.) или самостојно (оперативни активности во организација на Frontex и DCAF), потоа во работата на WB-RAN мрежата за анализа на ризик на Frontex, а во соработка со Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа активно учествуваше во изготвување аналитички продукти и размената на податоци во оваа област.

Во текот на 2016 година, полициските службеници од Одделот и Регионалните центри за гранични работи континуирано постапуваа и ги координираа активностите по ОА „Рефлекс“, ОА „Виза“ и ОА „Гора“ со цел откривање и процесуирање на дела од областа на криумчарењето мигранти и криумчарење на стоки.

### 18.1 Превенција во областа на граничните работи

Од доменот на превенцијата во 2016 година беа реализирани повеќе проекти од кои како најзначајни може да се наведат:

- Реализација на Проектот за едукација на населението од пограничните области „ Стоп за илегалната миграција “ во соработка со ИОМ.
- Релизација на Проектот во врска со регулирање на привремен престој на странски студенти кои студираат на универзитетите во Р.Македонија во соработка со Единица за странци и реадмисија и Секторите за внатрешни работи.

## 19. АКТИВНОСТИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, СТАНДАРДИ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

***Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет,*** работните обврски ги извршуваше согласно утврдените приоритети за работа, но доминираа активностите насочени кон вршење на стручен надзор и контрола врз работата на организациските единици во состав на Секторите за внатрешни работи и давање насоки за отстранување на констатираните пропусти, како и инструкции за подобрување на полициското работење во одредени сегменти, со посебен акцент на зајакнување на безбедносните мерки имајќи ги предвид мигрантската криза, природните непогоди и заканите од теористички напади.

Во делот на стратешкото планирање во соработка и координација со Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања се спроведуваа активности за едукација и градење на капацити за стратешко планирање во рамки на Единицата, како и во останатите организациони единици во Бирото за јвана безбедност. Во таа

насока беа одржани две работилници на тема "Воспоставување на систем за следење, евалуација и известување за степенот на реализација на стратешкиот план на МВР 2016-2018 година и подготовка на нацрт-Стратешки план на 2017-2019 година, од страна на експерти од Генералниот секретаријат на Владата на РМ, на која присуствуваа назначени координатори од сите организациони единици од Бирото за јавна безбедност, како и обука за стратешко планирање и стратешки менаџмент.

Покрај ова, Единицата партиципираше во изготвување на Нацрт-стратешкиот план на МВР 2017-2019 година, во делот на дефинирање на програмите, потпрограмите и активностите во надлежност на организационите единици во рамки на Бирото, потоа во ажурирање и дополнување на стратегии кои се во надлежност на организациските единици во Бирото за јавна безбедност, иницијативи за нови стратегии, редовно квартално ажурирање за прогресот на реализација на проектите во надлежност на Бирото за јавна безбедност, утврдување на Акцискиот план на МВР и други активности по барање на ООЈСП, поврзани со стратешко планирање и стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи во делот кој се однесува на Бирото за јавна безбедност.

Исто така, Единицата учествуваше во изработката на **Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020 и Акцискиот план за имплементација на истата**, во рамки на проектот „Понатамошна институционална надградба и градење на капацитетите на полицијата во областа на граничното управување, работата на полицијата со заедницата и борбата против организираниот криминал" – ИПА 2010;

Во текот на годината, Единицата беше насочена и кон развивање на стандарди и методологија за вршење на стручен надзор и за таа цел спроведена е работилница за „Зајакнување на капацитетите на Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет" преку размена на искуства со претставници од иста организациска единица во Ирска. Воедно, спроведена е обука за вршење на контрола и надзор на работењето на организациските единици на СВР.

Во рамките на надзорот вршена е:

- контрола врз навременото и ефикасно постапување на регионалните комисии формирани за проверки по барања од Државната изборна комисија;
- стручни надзори и контроли по доставени претставки за постапувањето на одредени организациски единици во состав на Секторите за внатрешни работи;
- писмени наредби за вршење на стручен надзор издадени од страна на директорот на Бирото за јавна безбедност.

Контролите се спроведуваа со цел интензивирање на контролните активности и подигнување на повисок степен на будност на полициските службеници, по однос на безбедноста и двете отворени оперативни акции „Рефлекс" и „Избори 2016", а беа реализирани и контроли во сите Сектори за

внатрешни работи, за насочување и координација на работите, како и укажување на стручна помош на формираните помошни штабови во делот на обезбедувањето на изборниот процес.

Единицата партиципираше и во имплементацијата на неколку проектни активности од доменот на заштита на човековите права и од доменот на јакнење на капацитетите на полициските службеници, а во делот на сообраќајот согласно потребите беа реализирани работни состаноци со преставници од Националното здружение на авто –школи и возачи-инструктори „Обука-Л“, како и со преставници од испитните центри по нивно барање за запознавање со новините од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, во делот на спроведување на возачкиот испит на кандидатите за возачи.

## 20. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ И АНАЛИЗА

Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа, како централна разузнавачка единица во Бирото за јавна безбедност во текот на 2016 година, преземаше активности согласно своите надлежности и главните активности беа



насочени кон следењето на состојбите со криминалот на централно ниво и давање поддршка на криминалистичките истражувања воспоставени во Бирото за јавна безбедност. Во таа насока, Одделот даде придонес во делот на соработка, координација и следење на квалитетот на изработените разузнавачки и аналитички продукти на криминалистичко - разузнавачките единици на централно, регионално и локално ниво преку давање насоки и инструкции за постапување.

Одделот ги насочи своите капацитети во активности кои се однесуваат на изработка на стратешки документи, кои имаа за цел да ја истакнат важноста на стратешкиот пристап во борбата против криминалот. Во овој период **за прв пат во Бирото за јавна безбедност беше изготвена “Националната проценка на закани од сериозен и организиран криминал“,** кој претставува нов начин и пристап во борбата против сериозниот и организираниот криминал, заснована на темелни анализи на главните закани од криминалот со кој се соочува РМакедонија. Со изработката на овој документ, како проактивен пристап насочен кон безбедносните закани се реализираше еден од предусловите за приближување и пристапно членство на Р. Македонија кон Европската унија. Истата беше публикувана со поддршка на канцеларијата на ОБСЕ во Скопје и промовирана во месец јуни во Центарот за обука во Идризово.

Во рамките на меѓународната соработка, аналитичари од Бирото за јавна

безбедност, заедно со аналитичари од Министерствата за внатрешни работи на Србија и Црна Гора, ја изготвија **„Регионалната проценка на закани од тешкиот и организираниот криминал.** Прегледот на закани што го нуди оваа проценка може да се користи за продлабочување на оперативната полициска соработка не само меѓу овие три земји, туку и во поширокиот регион. Во ноември во Белград – Р.Србија беше одржана министерска конференција на која беше официјално промовирана изготвената регионалната проценка .

Потоа, беше изготвена **Стратешка проценка** во Бирото за јавна безбедност, која што беше презентирана пред Стратешката група за давање задачи и координација, во која беа утврдени областите на криминал кои преставуваат најголема закана во земјата, како и беше изготвен **Периодичен преглед на стратешка проценка за 2015**, односно Проценка на постигнати резултати согласно Стратешка проценка и резултатите од планираните активности кои ги превземаат организациските единици во Бирото за јавна безбедност.

Во врска со воспоставените **оперативни акции „Гора", „Виза", „Облак", „Избори" и „Рефлекс",** изработени се вкупно 305 аналитички и разузнавачки продукти на барање на членовите на штабовите, врз основа на следење и анализирање на состојбите преку пристигнатите материјали во ОКРА.

И во овој период **континуирано се следеше состојбата со актуелната мигрантска криза,** при што беа изработени 403 информации, 11 одговори и анализи за состојбите на јужната, северната граница и за состојбите со илегалната миграција, преку кои навремено беа информирани стручните служби во Министерството за внатрешни работи, Центарот за управување со кризи, ЕВРОПОЛ, Регионална иницијатива за миграција, азил и бегалци-МАРРИ, Министерството за надворешни работи и други институции. Статистичките податоци за оваа област дневно беа ажурирани во WBA-RAM базата на FRONTEX.

Во текот на годината се работеше на изработување разузнавачки и аналитички продукти, анализи, информации и друг вид на аналитички материјали за карактеристични безбедносни појави и настани од обласа на криминалот, јавниот ред и мир и пограничните работи, обработка на статистички податоци и статистичко следење на движењето на криминалот и други безбедносни состојби на централно ниво, изготвување статистички продукти, одговори на барања од организациони единици во Министерството и надворешни институции, меѓународни организации и агенции, одговори за медиуми и слично.

Во насока на овие активности беа изготвени **227 информации** за движењето и обемот на криминалните и другите безбедносни појави на подрачјето на целата Република, **14 аналитички продукти, 246 дневни билтени** и **245 информации за безбедносни состојби** и преземени мерки. По барања на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања и други организациони единици во Министертвото и Бирото за јавна безбедност, одговори во рамки на соработката со други владини институции, амбасади, меѓународни организации и агенции, јавни претпријатија,одговори на барања на студенти, магистранти и докторанти изготвени се **969 одговори.** Вработените во Одделот свој придонес дадоа и **во одговор на прашалници** од меѓународни организации и тоа: СЕЛЕК центарот за состојбите со недозволена трговија со дроги и цигари, СОКТА прашалници за

ЕВРОПОЛ, прашалник за УНОДЦ- Country Fact Sheets за состојбата со недозволената трговија со дрога, два прашалника на EUROSTAT (за криминал и сообраќај) и прашалникот Transmonee.

Одделот ја продолжи успешната соработка со **Државниот завод за статистика и Државниот архив,** преку учество на заеднички работни средби и состаноци. Изготвувањето на квалитетни статистички прикази е основа за соодветно и успешно анализирање на состојбите. Во оваа смисла, беа изготвени 354 статистички прегледи, осум периодични, како и презентации за состојбите во криминалот, јавниот ред и мир, сообраќајот и илегалната миграција. Извршени се проверки за 1.246 лица и внесени се 3.293 пристигнати прашалници за случени сообраќајни несреќи во електронскиот систем .

Вработени во Одделот активно учествуваа и во повеќе проекти и тоа: како главни носители на активностите во **ТВИНИНГ проектот „Развивање на напреден систем за собирање и анализа на разузнавачки информации во борбата против организираниот криминал“ и “Понатамошна надградба и градење на капацитетите на полицијата во областа на граничното управување, работа на полицијата со заедницата и борбата против организираниот криминал”,** а свое учество зедоа и во проектите за „Консолидирање на безбедносен и разузнавачки систем, „Document management system“ , „Подобрување на капацитетите на секторите за стратешка анализа и стратешка проценка на Министерствата за внатрешни работи на Македонија, Србија и Црна Гора “, “Зајакнување на оперативните капацитети на Граничната полиција во борба против трговијата со луѓе“ и проектот „Национален информационен систем за евиденција на сообраќајни незгоди“ .

## 20.1 Разузнавачки процес

Насоченото полициско работење и прибирањето на информации од граѓани се движи во нагорна линија со што полициското работење водено од разузнавање како метод на работа на современите полициски служби и во Македонската полиција го доживува својот развој за што говорат и следните статистички податоци:

| Организациона единица | оперативни информации | оперативен извештај |
|---|---|---|
| **СВР Скопје** | **562** | 246 |
| **СВР Битола** | **947** | 319 |
| **СВР Велес** | **391** | 365 |
| **СВР Куманово** | **234** | 235 |
| **СВР Охрид** | **1.113** | 1.028 |
| **СВР Струмица** | **1.547** | 1.489 |
| **СВР Тетово** | **622** | 524 |
| **СВР Штип** | **1.594** | 1.102 |
| **ОСОСК** | **644** | 407 |

| | | |
|---|---|---|
| **РЦ за ГР Исток** | **746** | 687 |
| **РЦ за ГР Запад** | **14** | 12 |
| **РЦ за ГР Север** | **240** | 121 |
| **РЦ за ГР Југ** | **345** | 165 |
| **ОКРА БЈБ** | **53** | 54 |
| **ВКУПНО** | **9.052** | 6.754 |

Табела бр.15 Оперативни информации и извештаи по СВР и РЦ за ГР

Разузнавачкиот процес се имплементираше и преку специјализираните единици за работа со информатори:

| | |
|---|---|
| Оперативни извештаи/информатори организиран | 359 |
| Оперативни извештаи/информатори регионално ниво | 307 |

Имплементацијата на разузнавачкиот процес се остваруваше со активно учество на анализата како на централно, така и на регионално ниво, при што до корисниците во Бирото за јавна безбедност и Основните јавни обвинителства беа изработени 589 аналитички продукти, а напредок и развој бележи и изготвувањето на стратешки аналитички продукти преку кои носителите на одлуки во Бирото за јавна безбедност ги насочуваа своите активности и тоа:

| Аналитички продукти | |
|---|---|
| анализа на телефонски контакти | 422 |
| анализа на криминална мрежа | 36 |
| анализа на случај | 12 |
| анализа на криминален пазар | 1 |
| анализа на разузнавачка проценка | 1 |
| анализа на ризик/проценка на ризик | 20 |
| анализа на резултат | 22 |
| анализа на шаблон на криминал | 9 |
| Останати анализи | 66 |
| ВКУПНО | 589 |

| Стратешки аналитички продукти | |
|---|---|
| профили на субјект | 124 |
| профил на проблем | 18 |
| Тактичка проценка | 156 |
| Стратешка проценка | 13 |
| Национална проценка на закана од сериозен и организиран криминал | 1 |
| ВКУПНО | 312 |

# 21. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ

## 21.1 Сектор за управување со човечки ресурси и обуки

- ***Одделението за управување со човечки ресурси*** соогледна својата надлежност постапуваше и спроведуваше постапки по поднесени барања и предлози од областа на управувањето со човечки ресурси и изработка на соодветни конкретни правни акти – решенија или наредби во делот на распоредувањето, упатувањето на работа во странство, мирување на работен однос, утврдување право на работа со скратено работно време, користење на право на платено и неплатено отсуство, користењето на годишните одмори, исплата на парични средства по основ на солидарна помош, јубилејни награди, откажување на работниот однос по барање од работникот и сл., при што изготвени се **6.679 акти;**
- Изготвени се **263 акти** во вид на прегледи и извештаи за состојбата на човечките ресурси во Бирото за јавна безбедност во врска со статусот и пополнетоста на работните места, родова и национална застапеност и сл.;
- Постапување по поднесените приговори против решенијата за распоредување, прибавување на списите и изготвување на одговор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен при што се изготвени – **240 акти**, а воедно изготвени се **35 акти** кои се однесуваат на известувања и одговори до јавен обвинител, народен правобранител, Основени судови, Државен управен инспекторт и сл.;
- Менаџирање со персонални досиеја на вработените во БЈБ- стратешко ниво и ЦПС, ажурирање на податоците во Персонална евиденција за сите вработени во БЈБ, издавање на службени легитимации, потврди, уверенија, и сл.

Врз основа на делокругот на надлежности на Одделението за обука и развој на персоналот и застапеност на заедниците и еднаквост на половите, во 2016 година се реализираа следните активности:



- во март изготвено е **Решение за избор на обучени кандидати за полицаец и с**о 400 кандидати за полицаец во текот на месец мај, Министерството за внатрешни работи склучи Договор за вработување.
- Распишан е **јавен оглас за прием 600 извршители на работно место полицаец**, објавен на 15.07.2016 година, превземени се активности за спроведување на

сите фази на постапката за селекција на кандидати за полицаец.

- Испитната комисија за полагање на приправнички испит за работници распоредени во организациските единици во Бирото за јавна безбедност, за првпат спроведе **електронско полагање на приправнички испит**. Во период од 22-24 јуни 2016 година, беше спроведен приправнички испит за **223 приправници** и во период од 21-28 ноември 2016 година беше спроведен приправнички испит за **396 полицајци - приправници**.
- **Објавени се 70 телеграми** со кои се распишани интерни огласи за пополнување на **217 слободни односно испразнети работни места во Бирото за јавна безбедност и с**проведена постапка по интерен оглас (изготвување на листи на пријавени работници, организирање состаноци на Комисија, изготвување записници по интерен оглас и др.)
- Врз основа на склучени Меморандуми за соработка помеѓу МВР и повеќе факултети од областа на безбедноста , **постапено е по барање за реализација на практична настава** на **1260 студенти** од I, II, III и IV година, при што изготвен е план за реализација на наставата по Полициски станици од општа надлежност и временски период на реализација, кој е доставен до Секторите за внатрешни работи и до Високо образовните институции.
- Спроведени се: **Обука за раководители - оценувачи** за начинот на оценување на работниците, наменета за сите раководители во Бирото за јавна безбедност, **Обука за полициско постапување за време на избори**, наменета за 725 работници во стратешките Оддели во Бирото за јавна безбедност и Централни полициски служби. Реализирани се 11 обуки за раководителите во наведените организациски единици и 44 обуки за останатите работници кои беа обучени од страна на обучувачи, **Обука за обучувачи,** наменета за 22 работници во стратешките оддели во Бирото за јавна безбедност и Централни полициски служби, , **Обука за ментори**, наменета за 28 работници во стратешките оддели во Бирото за јавна безбедност и Централни полициски служби, како и уште 15 обуки на различни теми од областа на полициското работење.

## 21.2 Стручни усовршувања на работници во БЈБ

Во текот на цела 2016 година, 15.610 работници од Бирото за јавна безбедност биле присутни на некој вид на стручно усовршување.

Во Бирото за јавна безбедност во 2016 година се реализирани вкупно 590 разни видови стручни усовршувања;

Од 590 стручни усовршувања, 203 се реализирани надвор од РепубликаМакедонија;

Во РМакедонија стручните усовршувања се реализирани во Центарот за обука или пак децентрализирано во организациските единици од страна на експерти или обучени обучувачи.

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите,

Министерството потпиша Родово одговорна буџетска изјава како обврска за имплементирање на родовата еднаквост во стратешкиот план и буџетот на Министерството. Законот предвидува механизми за следење на процесот на интегрирање на концептот на еднакви можности меѓу кои и утврдување на родово разделени податоци. Во потпишаната изјава, а врз основа на спроведената анализа на буџетската програма која се однесува на обуките во Министерството како предложена интервенција е предвидено-водење на евиденција за слушатели на обуки-родово разделени. Во таа насока, од вкупно 15.610 работници кои биле присутни на некој вид на стручно усовршување, 13.363 се мажи, а 2.247 се жени.

Преку Центарот за обука во текот на 2016 година, реализирани се **вкупно 154 обуки**, на кои **присуствувале 10.089 учесници.**

Во Центарот за обука спроведени се следниве обуки:

- обука заради оспособување за самостојно вршење на работите кога се склучува договор за вработување со седум или повеќе лица во Министерството кои за првпат засноваат работен однос (обука на приправници);
- основна обука за кандидат за полицаец;
- обука заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место;
- континуирана обука.

Во текот на 2016 година беа спроведени следниве обуки:

- основна обука за полицаец;
- обука за теренски оценувачи;
- обука за ментори;
- децентрализирани обуки за ментори;
- обука на обучувачи;
- обука за справување со пожари;
- обука за оперативно планирање на активности на полицијата на терен;
- обука за ракување со оружје;
- обука за избори;
- обука за раководители оценувачи за начинот на оценување на работници во Министерството за внатрешни работи.

Спроведени се и специјалистички обуки во рамките на ИПА проекти или поддржани од странски партнерски организации, меѓу кои:

- Стратегија за спроведување на модел за анализа на ризик во областа на граничната контрола и новиот концепт на управување со ризикот на граничната полиција;
- Напредна обука за откривање на фалсификувани документи;
- Компјутерски криминал и детска порнографија;
- Контрола на возила во сообраќајот;
- Основна и напредна обука за финансиски истраги;



- Зафати и професионални техники при интервенција на полицијата;
- За криумчарење на луѓе и шверц со луѓе;
- Сузбивање на регрутација преку интернет и социјални мрежи користени од страна на терористички организации;
- Оперативно планирање;
- Заштита од пожари;
- Финансиски криминал;
- Раководниот кадар во сите сектори за внатрешни работи за оперативно планирање, стилови и управување и лидерски стилови;
- Улогата на разузнавањето против тероризмот;
- Улогата на разузнавањето против организиран криминал;
- Справување со семејно насилство;
- Криминалистичко-разузнавачка анализа ANCAPA;
- Истражни техники за компјутерски криминал, за ефикасно обезбедување на докази и идентификација на малициозни кодови;
- Контрола и надзор во ОЕ во секторите за внатрешни работи во БЈБ;
- Компјутерски форензичари; за стратешко планирање;
- Градење на капацитети и развој на вештини за преговарање и медијација; „Excel за аналитичари;
- Стратешко планирање;
- Твининг проект, обука „Analyst Notebook“;
- Самоубиствени напади и превентивни стратегии;
- Криминалистичко разузнавачка анализа и разузнавачко работење;
- Справување со стресот и умствена изнемоштеност во работата на полициските сили;
- Превенција од насилен екстремизам и радикализација што водат кон тероризам преку полициско работење во заедницата и
- Етика и комуникациски вештини и др.

## 21.3 Одделението за финансиски работи

## Буџет на Бирото за јавна безбедност

Реализацијата на средствата од Буџетот на Министерството за потребите на Бирото за јавна безбедност се врши централизирано преку Одделот за финансиски прашања. Буџетот на МВР не е целосно децентрализиран односно децентрализација е извршена во делот на материјалните трошоци на регионалните Сектори за внатрешни работи и регионалните центри за гранични работи во БЈБ и определените средства од Буџетот се распределуваат согласно решение за внатрешна распределба на Буџетот на МВР.

Во текот на 2016 година, потрошените парични средства за Бирото за јавна безбедност не е во можно да се разграничат бидејќи се на ниво на Министерството, односно од Буџетот на МВР на РМ. Инаку, во рамки на следните програми реализирани се парични средства за Бирото за јавна безбедност и тоа:

- Програма 20-Безбедност во износ од 6.719.419.739,00 денари во која во во износот за плати 5.919.462.217,00 денари се вклучени и платите за Управата

за безбедност и контраразузнавање, стратешките организациски единици во БЈБ и Секторите за внатрешни работи. Во оваа програма износот на средства од 774.416.455 денари е реализиран и за набавки на стоки и услуги за потребите на организациските единици кои се во организациската структура под Министерот и дел од централизираните набавки за целото Министерство.

- Програма 22-Гранична полиција во износ од 1.009.748.084,00 денари вклучува плата за вработените и средства за материјални трошоци во граничната полиција на централно и регионално ниво;
- Програма 21-Сектори за внатрешни работи во износ од 222.872.661,00 денари за материјални трошоци за децентрализираниот буџет на СВР за стоки и услуги;
- за програмата 2А-Реформи во полицијата и програмата 2Б-реконструкција и опремување на објекти, реализирани се средства во износ од 460.912.365,00 денари и 30.907.121,00 денари, кои се однесуваат на капитални расходи за опрема кои биле предмет на набавка на централно ниво на организациските единици во целото Министерство, освен за капитални расходи за потребите на УБК;

Одделението во 2016 година, вршеше попис на парични средства, опрема и ситен инвентар и оружје во организациските единици на БЈБ и ЦПС за 2015 година, потоа проверка и ликвидација на влезни фактури од добавувачи за извршени услуги и набавки за организациските единици во рамки на БЈБ и Централни полициски служби, контирани 2.958 фактури согласно расходна класификација и прокнижени фактури во апликацијата за платен промет, како и изготвени и проверени 205 касови извештаи за исплатени 1.494 готовински сметки за патни и други расходи во вкупен износ од 1.179.425,00 денари и 191 касов извештај за исплатени 2.505 сметки за потрошено гориво во вкупен износ од 4.414.308,00 денари. Изготвувани се пресметки и мислења по наоди по пристигнати акти во врска со судски постапки и вештачења по тужбени барања од вработени за неисплатени прекувремени часови и бонус плата за остварени над 150 часа прекувремена работа согласно ЗРО за 744 предмети. Воено, изработена е интегрирана пресметка на потребни средства за Буџет за БЈБ и ЦПС за 2017 година со проекција на потреби за 2018 година и 2019 година во консултација со Одделот за финансиски прашања заради следење на реализацијата на повеќегодишните капитални проекти.

## 21.4 Сектор за правни работи и заштита на лични податоци

Во рамки на **Одделението за правни работи** спроведени се вкупно 397 постапки за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина против работници во Бирото за јавна безбедност. Од нив:

- Во 18 постапки е изречена мерка “откажување на договорот за вработување“,

- Во 11 постапки е изречена мерка “распоредување на работно место во едно ниво пониско од нивото на работното место на кое дотогаш работел, согласно со Класификацијата на работните места “
- Во 235 постапки е изречена мерка “парична казна“,
- Во 62 постапки е изречено “писмено предупредување“ и
- Во 71 постапка донесено е решение за “запирање на постапката“.

Работниот ред и дисциплина во Бирото за јавна безбедност најчесто бил кршен од страна на припадниците на машкиот пол, додека пак во однос на етничката припадност 303 постапки се спроведени против македонци, 87 постапки против албанци, додека 7 постапки се спроведени против припадници на други етнички заедници.

Притоа, ***Одделението за заштита на лични податоци*** изготви вкупно 625 одговори на барања за лични податоци во кои се содржани над околу 10.000 податоци, по претходна оценка за нивната правна основаност, т.е законска можност за добивање на тие податоци.

# 22. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ

Бирото за јавна безбедност преку **Одделот за заштита на определени личности и објекти** преземаше мерки и активности за обезбедување на личностите и објектите согласно со законите, подзаконски прописи, наредби и други насоки дадени од раководните структури.

Во 2016 година, преку надлежностите на Секторот за превентивно обезбедување на личности и објекти, беа извршени проверки на вкупно 35 објекти, беа реализирани обиколки на трасите на движење, проверка и легитимирање на околу 1.800 работници кои извршуваат градежни активности на улиците, оперативнопревентивно набљудување на околу 135 протести и 25 мирни собири по разни основи со повисок безбедносен ризик.

Во соработка со Управата за безбедност и контраразузнавање, извршени се повеќе проверки на лица кои живеат во близина на местото на живеење на ВИП личностите, како и проверки на околу 3.500 лица во евиденциите на системот за Јавна безбедност. Исто така, во координација со Управата за безбедност и контраразузнавање извршени се проверки на 8.250 лица кои по разни основи работно престојувале во објекти што се под заштита - лица кои треба да изведуваат градежни или останати активности.

Заради хемиско - биолошка и радијациска заштита се реализирани 3.256 контроли и прегледи на приготвена и послужена храна со контроли на објекти каде престојувале ВИП личностите под заштита, 3.757 контроли при набавка, складирање и обработка во објектите под заштита, како и 51 третман за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во сите објекти на Министерството, Владата на РМакедонија, Собранието на РМ, резиденцијата на Претседателот на

РМакедонија и резиденцијата на Владата на РМакедонија.

Со преземање соодветен степен на мерки и активности, беше обезбедуван Претседателот на Р. Македонија при остварените 18 посети надвор од земјата, работни посети на 10 општини и над 175 средби со здруженија и граѓани на Р. Македонија. Постојано беше обезбедуван претседателот на Собранието на Република Македонија и Претседателот на Владата при нивните секојдневните редовни работни обврски, службените патувања во и надвор од државата, и при посети на културни и спортски манифестации.

Обезедувани се 71 странска делегација, 31 предавање на акредитивни писма, осум транзити низ територијата на Р. Македонија, три манифестации и една конференција. Во делот на претходница, извршена е проверка на идентитет на 141 лице и 235 контрола на трасите по кои секојдневно се движат личности со постојано обезбедување како на примарните, така и на секундарните.

Во делот на сообраќајното и ескортно обезбедување, извршени се 2.994 сообраќајни обезбедувања низ Скопје, а како резулатат на овие мерки поднесени се 29 платни налози за наплата за глоба и два мандатни налози.

При обезбедувањето на објектите, преземени се мерки за проверки на 124.867 странки во објектите, 46.450 прегледи на писма и разни пратки, 35.879 прегледи на сали и други работни простории, 13.459 прегледи на возила при влез во објектите, задржани се 802 парчиња оружје, а извршени се и 3.835 проверки при посета на странски делегации, меѓународни мисии, работни состаноци и друго.

Дополнителни мерки и активности се преземени за проверка при градежни, занаетчиски и сервисни услуги во објектите 3.411, легитимирани се 12 лица и 540 лица се приведени.

## 23. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО-ТЕХНИЧКИ ИСПИТУВАЊА И ВЕШТАЧЕЊА

Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења во 2016 година **прими вкупно 14.029 акти.** Најголем дел од актите се **барања за вештачења и криминалистичко техничка поддршка,** до Секторот за крим. лабораториски испитувања, Секторот за криминалистичка идентификација за лица и Секторот за оперативна криминалистичка поддршка, а останатите акти се:

- покани за судски расправи;
- барања кои се однесуваат на отсеците за фотолабораторија;
- видео и аудио техника;
- полиграфски испитувања и фото-робот;
- барања за потрошен материјал од другите органи;
- разни информации;
- известувања;

- ургенции, како и наши пропратни акти до други организациони единици на МВР и други надворешни баратели.

Ефикасност на Одделот во однос на изработените предмети во тековната година изнесува околу 93%.

Покрај извршувањето на редовните работи и работни задачи од страна на вработените во Одделот, согласно нивните компетенции, активностите на Одделот во 2016 година се однесуваа и на спроведување на процесот на акредитација согласно стандардот **ИСО 17025**. Имено, системот за квалитет во ОКТИВ беше воспоставен во три лаборатории (за спорни документи, за токсикологија и дроги и за биолошки испитувања и ДНК идентификација) согласно барањата на наведениот стандард. По спроведените активности поднесени се апликации за акредитација на овие лаборатории.



После успешно спроведената проверка од тим на оценувачи, избран од Институтот за акредитација на РМ, **официјално беше доделен сертификат за акредитација на ОКТИВ,** што претставува историски момент за Одделот, а воедно и исполнување на стратешката цел на Министерството.



Во насока на зајакнување на форензичките капацитети и одржување на ефикасноста и ефективноста, согласно наставнуиот план и програма од 2015 година, во соработка со Центарот за обука во Идризово спроведена е третата сесија од Специјалистичката обука за оспособување и едукација за самостојно вршење на анализа од областа на механоскопијата на регионално ниво. Со оваа обука инспектори од регионалните сектори се оспособија за вршење на самостојни анализи од областа на механоскопијата и трагите од обувки и трагите од моторни возила.

Исто така, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, успешно е завршена и практичната обука за истрага на место на настан во партнерство со крим.техничките лаборатории на Турската национална полиција. Заради континуиран професионален развој и едукација на криминалистичко техничкиот кадар при обезбедување и постапување со материјални траги од место на настан, изготвен е наставен план и наставна програма за обука на сите крим-технички

работници од подрачните организациони единици на крим.техника.

Во текот на 2016 година, продолжи процесот на континуирана надградба на CEMS (Case and evidence management system) и тоа:

- Поставување на контролен сегмент во рамките на CEMS системот на ОКТИВ кој се однесува на делот за складирање на предметен материјал со детална евиденција на истиот во реновираните простории во ОКТИВ, со што ќе се добие информација во реално време за т.н. ланец на надлежности и со кој во целост ќе се има увид за тоа кој и кога бил во контакт со одреден доказен материјал како и моменталниот статус на истиот.
- Во делот на следењето на актите и анализите преку CEMS системот на ОКТИВ, во текот на 2016 се вршеше планираната и постепена интеграција на лабораториите/одделенијата во Одделот. Со ова се заокружува поставениот процес за следење на предметниот материјал од неговото обезбедување, проследувањето до ОКТИВ, резултатот од извршената анализа и приемот на вештачењето од страна на барателот на истото.
- Во втората половина на 2016 година воведен е стандардизиран концепт за изработка на документите во Одделот со што секоја активност поврзана со одреден кривично правен настан ќе се процесира преку овој систем.



Системот овозможува интеграција на лабораториите и обезбедување услови за детализирање на работењето за секоја лабораторија односно Одделение. Дополнително, овој пристап обезбеди услови за имплементирање на напредно системско решение преку кое ќе се канализира процесот на вршење на анализи врз доказниот материјал и изготвување на вештачењата или известувањата. Исто така обезбедени се услови за поставување на напредни статистички евиденции. Моментално истиот успешно е имплементиран во секторот за криминалистичка идентификација, односно:

- Одделение за прием и селекција на биолошки материјал и Траги од паппиларни линии;
- Одделение за Биоологија и ДНК;
- Одделение за Дактилоскопија;
- Одделение за крим-регистрација (дактилоскопија);

- Одделение за Контрола на Квалитет;
- Одделение за Развој.

Одделот е вклучен во неколку меѓународни проекти од кои дел се во фаза на имплементација, а дел ќе се имплементираат во наредните години. Тоа се следните:

- Проект ИПА 2012/2013 "Поддршка на секторот за правда, внатрешни работи и човекови права" кој ќе опфати набавка на опрема за ОКТИВ во вредност од 1.000.000 евра;
- Проект ИПА II, Национална годишна програма за РМ за 2014 г. - ИПА/2014/037-701, Акција 5 - "Развивање на капацитетите за вршење увиди на лице место" во вредност од 1.050.000 евра.
- Ex Ante evaluation of the home affairs sector for preparation of IPA II Ectorsupport programe.
- Проект ИПА 2014/341-116 "Борба против организиран криминал: Меѓународна соработка во кривичното право".
- Проект кој го води Комисијата за полициска соработка на Југоисточна Европа (PCCSEE) кој се однесува на креирање договор за автоматизирана ДНК размена.
- Учество во работата на Националното координативно тело за превенција и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни супстанции (ХБРН).

# 24. АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна полициска соработка продолжи со размена на информации преку каналите на (ИНТЕРПОЛ, ЕВРОПОЛ, СЕЛЕК и ШЕНГЕН), работата со домашните и странски офицери за врска и домашните служби, активности за имплеменатција на разни проекти, учество на преставници од МВР во работни групи, бројни проекти, средби, состаноци, семинари, обуки и меѓународни конференции со цел интензивирање на соработката со меѓународните институции во борбата против организираниот криминал во меѓународни рамки. Во текот на 2016 година, преземени се активности за имплементација на:

- Проектот насловен како **ИПА 2014 Борба против организираниот криминал, меѓународна соработка помеѓу правосудните органи во кривичната материја**;
- Проект „**Зајакнување на правните принципи и доброто владеење во Југоисточна Европа** (ILECU s III), чија крајна цел е зајакнување на правната

сигурност во целните земји, со стабилизација и проширување на мрежата на ILECUs и имплементација на заеднички ЕУ стандарди;

- **Проект OC –CN**[5] **(Organized Crime Coordinators Network)** со цел размена на информации на службите за спроведување на законот во мрежата за организиран криминал;
- Активности во рамки на Конвенцијата за полициска соработка на Југоисточна Европа за именување на единица за активна меѓународна потрага по лица – **FAST** и приклучување кон меѓународната мрежа на тимови за потрага „ENFAST“.

Покрај ова, Секторот постапуваше по 2911 (2796)[6] нови предмети, од кои 2405 (2365) се разменети преку каналите на ИНТЕРПОЛ, 246(201) предмети, за кои е постапено преку каналите на ЕВРОПОЛ, 84(89) предмети преку СЕЛЕК и 176(141) преку странските офицери за врска назначени за соработка со МВР на РМ.

Постапуваше и по итни барања од сите надлежни институции во Република Македонија и од странство и внесени се 2754 (2776) патни исправи во АСФ базата на ИНТЕРПОЛ за украдени и изгубени патни исправи.

## 24.1 Учество во заеднички меѓународни операции

- На иницијатива на Генералниот секретаријат во Лион, Франција реализирана е **регионална заедничка операција на ИНТЕРПОЛ, под име "Балкан Триггер",** насочена против НТ со огнено оружје;
- со поддршка од Генералниот секретаријат на ИНТЕРПОЛ во соработка со Светската царинска организација организирана е меѓународна операција "CXIMERA", која беше фокусирана на борбата против нелегалната трговија со мало и лесно оружје и нелегално пренесување на готови пари и други платежни средства;
- со Координативната канцеларија за Европа во ИНТЕРПОЛ е договорено да се спроведе **втора Операција за борба против криминал со огнено оружје (иАРМС**[7]**), Дрога (RELIEF**[8]**) и Организиран криминал_(MILLENNIUM**[9]**) – Триггер II** во март 2017 година;

[5] Проектот OC–CN (Organized Crime Coordinators Network) чиј носител е Министерство за внатрешни работи на Австрија заедно со Словенија и Грузија, ќе се спроведува во периодот 01.11.2015 – 30.04.2018 година. Во рамки на истиот предвиден е буџет од 710.880 евра.

[6] Броевите во заградата се однесуваат на 2015 година.

[7] IARMS е дата база на ИНТЕРПОЛ за огнено оружје кое е премет на потрага, кое е запленето или прокриумчарено. Македонија активно партиципира со свои податоци во оваа база.

[8] RELIEF е дата база на ИНТЕРПОЛ во која се содржани податоци за пратки на наркотични droги, особено за пратки на дроги кои се пресувани, преку чие вештачење може да се добијат подетални информации за транспортот, групата која го прокриучарила и сл.

[9] MILLENNIUM се однесува на евроазиски организиран криминал

## 24.2 Одделение за НЦБ Интерпол

Националното централно биро (НЦБ) на ИНТЕРПОЛ во Р.Македонија преземаше активности во обласа на меѓународните потраги по лица[10] и возила, насилниот криминал, финансискиот криминал, недозволената трговија со дроги и оружје, проверки за оригиналност на документи и идентификација на лица:

- извршени се **34.789** (35287) проверки на увезени странски возила; од наши служби се одземени 15 (17) возила кои се пријавени за украдени во странски држави, вратени се вкупно 4 (18) и внесени се 96(43) меѓународни објави за возила украдени на територијата на Република Македонија.
- **Во делот на насилниот криминал**, вршени се проверки за убиства во 56(41)случаи, разбојништва- 74(62) , тешки кражби-62(54), кражби- 41(38), закани-28 (22) уцени-21(17, изнуда-19(14), насилство 16 (12) нанесување на тешки телесни повреди-18(15), киднапирање 17 (14), силување-14 (11), криумчарење на културни добра 7(5) тероризам 43(24) случаи во кои се инволвирани вкупно 65(61) македонски државјани.
- **Во делот на трговијата со луѓе и кримчарење на мигранти** вршени се проверки за **42 (**39) случаи на криумчарење мигранти, **41**(37) случаи на трговија со луѓе, трговија со малолетни лица-8(9) и сексуално злоставување -14(9), илегално преминувањње на државната граница во 24(19)случаи и други.
- **Од областа на финансискиот криминал** вршени се проверки за 61(53) македонски фирми, каде се инволвирани 65(61) македонски државјани, и 68(72) странски фирми а се инволвирани 71(74)странски државјанин од обласа на перење пари во 39(24) случаи, во 116(91) случаи на компјутерски криминал, измами – 72(62)случаи, потоа даночно затајување – 30(23), злоупотреба на фалсификувани кредитни картички 35(19) злоупотреба на службена положба и овластување во 22(19) случаи, фалсификување на документи во 20(12) случаи, фалсификувани банкноти во 21(18) случаи;
- во **обласа на недозволената трговија со дроги и оружје** вршени се проверки на лица во 34(21) случаи каде се лишени од слобода 53(54) македонски државјани, во делот на проверки на документи извршени се проверки на 84(79) патни исправи, за седум(осум) од нив утврдено е дека се фалсификувани, 73(68) возачки дозволи, од кои 5(7)се фалсификувани, 39(40) сообраќајни дозволи, девет(осум) дозволи за престој, за 6(8) од нив утврдено е дека се фалсификувани и 41(35) други документи (лични карти, уверенија, сертификати, договори). Извршени се проверки и за 38(41) дипломи, од кои четири(пет)се фалсификувани.

## 24.3 Одделение за ЕВРОПОЛ

Одделението за Европол и Бирото за врска на Р.Македонија во Европол, во 2016 година продолжи со координативни стратешки и оперативни активности за интензивирање на соработката со Европската полициска канцеларија - ЕВРОПОЛ, при што се интензивира оперативната соработка на националните органи (МВР,

[10] Иако Отсекот за меѓународни потраги се наоѓа во Одделението за потраги

ЦУ, УФП, УФР) со оваа европска полициска институција, при што македонски институции за спроведување на законот  учествуваа во повеќе меѓународни операции:

- заедничките оперативни денови  (ЈАД) на оперативните акции CICONIA ALBA во рамки на **EMPACT** (European Multidisciplinary Platform Against Criminal Threats);
- регионална оперативна акција за сузбивање на илегалната миграција **SIROCCO 2;**
- во периодот  03.-12.10.2016 на границата од РМакедонија кон Србија **беше спроведна Операцијата AVALA** за илегалната миграција;
- регионална оперативна акција  за сузбивање на трговија со луѓе и илегална миграција **"LARGE SCALE JAD CICONIA 2016";**
- билатерална операција во областа на илегалната миграција иницирана од Германија, каде беше реализиран случај на криумчарење на 50 мигранти пронајдени во с. Лојане – Куманово и беа приведени шест странски државјани од Пакистан и Авганистан;
- во тек се активности за реализирање на мултитерална истрага во областа на недозволена трговија со дрога, која е иницирана од Македонија, а во која беа вклучени Албанија, Бугарија, Швајцарија, Германија, Хрватска, Италија, Црна Гора, Холандија, Србија, Шведска, Словенија и Велика Британија.

**Стратешките** активности на Одделението за Европол беа насочени кон информирање на националните органи за можностите и услугите кои ги дава Европол, со интенција за поголема застапеност и учество на конференции, семинари, обуки, состаноци на претставници од Одделението за Европол (како состаноците на Раководителите на Одделенијата за Европол– HENU),  и на припадниците на службите за спроведување на законот.

Актуелната состојба во однос на тероризмот и терористичките напади во земјите од Европската унија, наложија дополнителни активности за координација на разузнавачки информации и сознанија и размена на информации, како и секојдневно информирање за состојбите преку неделните нотификации од ЕУ IRU (Internet Referral Unit).

Инаку, во 2016 година. продолжи и секојдневното информирање за состојбите со илегалната миграција и миграциските токови од страна на ЕВРОПОЛ, а воспоставена е практика и на дневна достава на информации до ЕВРОПОЛ за состојбите во оваа област во РМакедонија од страна на Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа.

Реализирана е соработка со ЕВРОПОЛ во врска со достава на одговор на прашалници::

- „Проценка од закани од областа на организираниот криминал преку интернет"-Internet Organised Crime Threat Assessment –IOCTA;
- прашалник за „Проценка на заканите од областа на сериозен и организиран криминал"-Seriuos and Organised Crime Threat Assessment-SOCTA,

одговорени од страна на Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа, а воедно е доставена информација до ЕВРОПОЛ за изработената Национална проценка на закани од областа на сериозен и организиран криминал изработена од истиот Оддел.

## 24.4 Активности на офицерот за врски со СЕЛЕК

Во 2016 активностите на Офицерот за врска со СЕЛЕК од Националната канцеларија во Министерството за внатрешни работи и Офицерот за врска од МВР во Центарот во Букурешт, Романија беа насочени кон реализирање на зацртаните стратешки и оперативни цели согласно Акцискиот план за 2016, Националната програма за работа како и преземање на конкретни оперативни задачи за тековната размена на информации и сознанија со земјите членки на СЕЛЕК, земјите набљудувачи и надлежните министерства и институции за борба против криминалот во Република Македонија. На планот на стратешкиот развој на СЕЛЕК Центарот во 2016 беа одржани три состаноци на Советот на СЕЛЕК на кој беа одобрени предлог Буџетот, Финансискиот план, Акцискиот план за 2017 и беше избран генерален директор на СЕЛЕК;

Активностите на оперативен план беа насочени кон организација и учество на работни состаноци на Работните групи на СЕЛЕК, спроведување регионални обуки и оперативни средби.

Од посебно значење се спроведените европски заеднички операции во делот:

- на трговијата со дроги;
- спроведените билатерални и трилатерални операции во делот на борбата со трговијата со луѓе и илегална миграција, финансискиот и компјутерскиот криминал како и тероризмот.

## 24.5 Одделение за потраги

Со новите организациски промени во рамки на СМПС функционира и Одделението за потраги, кое е составено од Отсек за меѓународни потраги по лица, Отсек за национални потраги и Отсек за потраги по цел.

Во делот на меѓународните потраги по лица:

- распишани се 332(344) меѓународни потерници, врз основа на распишаните потерници од РМ,
- во странски држави пронајдени се и лишени од слобода 131(108) лице;
- во Република Македонија лишени се од слобода 26(24) лица;
- екстрадирани се 117(84) лица од кои: од Р.Македонија во странски држави предадени се 20(19) странски државјани, и од странски земји превземени се 97(65) лица;
- реализирани се 20(16) трансфери од кои шест(шест) се преземени од странски служби а 14 лица се предадени од Р.Македонија во странски држави;

- од странски држави во Р.Македонија депортирани се пет(седум) лица;
- распишани се 3083(3086) објави по странски државјани и 19(16) објави по исчезнати лица.

Од страна на Одделението за потраги-**Отсек за национална потрага**:

- распишани се централни потерници за 1068 (1587) лица, запрени централни потерници-1186(1378);
- барања за распишување на меѓународни потеници–200(424);
- поднесени барања за запирање на меѓународни потерници – 210(203);
- распишани потраги по лица – расписи –200(261);
- запрени потраги по лица– расписи– 208(213);
- распишани објави по изчезнати лица- 124(148) запрени објави по изчезнати лица –118 (147);
- распишана објава за НН леш-три(три) ;
- пронајден НН леш-еден(два);
- распишани објави за одземени МВ-120(89);
- запрени објави за одземени МВ-43(42); распишани објави за украдени предмети –102(246);
- запрени објави за украдени предмети-90(74));
- извршени проверки по барање на СВР и ПС – 170(180);
- изготвени одговори и писма до други служби во МВР-356(322);
- изготвен е Регистар за потерници, 39(44) гласници;
- 23(31) службени белешки; 48(55) оперативни извештаи;
- 12(11) проверка на украдено оружје;
- во базата за украдено, изгубено оружје извршени се 25(21) проверки.

**Одделението за потраги по цел** во 2016 година во соработка со единицата АЛФА И ОСПО лиши од слобода четири(11) лица кои се бараат по централни и меѓународни потерници; изготвени се планови за преземени мерки и активности за **12** лица кои пружаат отпор кон органите на прогон; изготвени се **20**(35) службени белешки, **27** (41) оперативни извештаи, **шест**(осум) планови за преземени мерки и активности за лица кои се наоѓат во Р.Македонија и континуирана сорабока со единицата Алфа.

# 25. ОДДЕЛОТ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН И СЕРИОЗЕН КРИМИНАЛ

Безбедносната состојба во земјата силно се рефлектираше врз работењето на ОСОСК, го понесе товарот за справување со сите поголеми безбедносни предизвици, особено во делот на водењето на крајно комплексни криминалистички истражувања во координација со надлежните јавни обвинители.

Преку имплементација на моделот на полициското работење водено од разузнавање и процесот на давање задачи и координација, беше изработена стратешка проценка и донесена е контролна стратегија, преку која се дефинираа приоритети на Одделот. И покрај големиот број на приоритети во различни криминални области, во работењето на Одделот се наметнаа активности и криминалистички истражувања, кои одземаа голем број на човечки ресурси и материјално технички средства.

Преземените мерки и активности резултираа со:

| ОСОСК | | | |
|---|---|---|---|
| | **2016** | 2015 | зголемување /намалување |
| **Регистрирани кривични дела** | **114** | 136 | **-16%** |
| **Поднесени кривични пријави** | **61** | 71 | **-14%** |
| **Регистрирани сторители** | **296** | 454 | **-34,8%** |

Табела бр.16 Вкупен криминалитет

Во текот на 2016 година, ОСОСК согласно своите стратешки определби, акцентот на своето работење го базираше на идентификување и справување со организираните облици на криминал и сузбивање на организираните криминални групи, кои делуваат на регионално, национално и меѓународно ниво. Сузбиени се 12 криминални групи со 103 члена на криминалните групи. Се работи за криминални групи од областа на насилниот и компјутерскиот криминал.

| | **Криминални групи** | | **Членови на Криминални групи** | | **реализирани крим.групи со примена на ПИМ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **област на криминал** | **2016** | **2015** | **2016** | **2015** | **2016** | **2015** |
| **НТ со дрога** | **5** | **5** | 24 | 41 | 4 | 4 |
| **трговија со луѓе и криумчарење мигранти** | **1** | **1** | 7 | 22 | 1 | 1 |
| **насилен криминал** | **1** | **1** | 15 | 12 | 1 | 1 |
| **корупција** | **1** | **2** | 8 | 25 | 1 | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **организиран економски криминал и перење пари** | **2** | **2** | 37 | 30 | - | - |
| **кривични дела против државата** | **1** | **3** | 7 | 76 | - | 3 |
| **компјутерски криминал** | **1** | **0** | 5 | - | - | - |
| **ВКУПНО** | **12** | **14** | **103** | **206** | **7** | **10** |

Табела бр.17 Реализирани криминални групи – по област на криминал во текот на 2016/2015 година

Во делот на **Недозволената трговија со дрога** сузбиени се вкупно пет криминални групи и пријавени се 24 лица, членови на криминалните групи, пресечен е еден меѓународен канал, поднесени се вкупно 13 кривични пријави против 33 физички лица. Важно е да се истакне дека во 2016 година реализирани се три заплени на недозволена трговија со марихуана надвор од територијата на РМ, односно во Р.Турција, Р.Албанија и Холандија.

| заплена на дрога | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| хероин | 102,94 гр | 4 кг.280,02гр. |
| марихуана | 117 кг 629,78 гр | 191 кг.318,61гр. |
| | / | 105 стебла |
| | 16 семки | 91 семка |
| кокаин | 599,6 гр | 24,21 гр. |
| амфетамин | / | 10,70 гр. |
| МДМА | / | 0,325 гр. |
| | / | 2,5 таблети |
| хашиш | / | 388,21гр. |

Табела бр.18 Заплена на дрога

- Од областа на **насилниот криминал**, сузбиена е една 15- члена криминална група, која од почетокот на 2015 година до јули 2016 година делувала на подрачјата на Скопје, Велес, Неготино и Гевгелија, при што континуирано вршела кривични дела од областа на насилниот криминал, недозволената трговија со droги, криумчарење мигранти, недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи.
- Сузбиена е и седумчлена криминална група која извршувала кривични дела **против државата,** односно лицата-македонски државјани од Скопје, Куманово и Тетово кривично се пријавени дека активно учествувале како припадници на терористичката организација „исламска држава".
- Од областа на **корупцијата** (злоупотреби со коруптивни влијанија) сузбиена е криминална група составена од осум лица, чии членови од

студенти директно или индиректно преку посредници барале парични средства за да им овозможуват да се стекнат со преодна оцена по предметите кои тие ги предаваат, без притоа студентите да покажат соодветно знаење.

- Од областа на **организираниот економски криминал**, сузбиена е една криминална група, а дел од членовите со злоупотреба на службената положба и со и измама при добивање кредит или други погодности им овозможиле на останатите членови незаконски да се стекнат со право на субвенции на штета на буџетот на РМ. Од областа на **перење пари** сузбиена е една криминална група за која постојат сомненија за сторување на кривичното дело „перење пари и други приноси од казниво дело“, а за која криминална група претходно е поднесено кривична пријава за кривичното дело “здружување заради непријателска дејност” и “терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста”.
- Од областа на **компјутерскиот криминал** сузбиена криминална група која неовластено прибавувала уреди за снимање на банкарски податоци, потоа банкарски податоци од вистински платежни картички, како и податоци за носители на истите со цел изработување на лажни платежни картички.
- Од областа на **трговијата со луѓе** и посредување во вршење проституција е сузбиена една криминална група, која делувала на подрачје на Охрид, а се занимавала со врбување, наведување и поттикнување на проституција на женски лица од повеќе градови во државата.

## 25.1 Меѓународна соработка на ОСОСК

Во текот на 2016 година, во делот на соработката на меѓународен план, при постојана размена на податоци и информации со странските служби кои се занимаваат со спречување недозволена трговија со дроги, пред се со ДЕА, службите на Р. Албанија, Р. Косово, Р. Србија, како и Р. Бугарија и други држави во три поединечни случаи, по информации од ОСОСК во странски држави се запленети поголеми количини на наркотични дроги, пред се марихуана и тоа:

- Во еден случај во РТурција откриена е илегална лабораторија за производство на наркотична дрога марихуана и запленети се околу 250 килограми марихуана во вредност од околу 500.000 американски долари.

- Во вториот случај во Кралството Холандија откриена е илегална лабораторија и од слобода се лишени двајца српски државјани со престој во Холандија, а запленети се 267 садници од растението Canabis sativa.

- Исто така, во рамките на едно од криминалистичките истражувања разменети се информации и податоци со Р.Албанија и од страна на албанските власти во Р. Албанија запленети се 83 килограми и 896 грама наркотична дрога марихуана и 650 стебла канабис сатива.

Продолжи размената на информации со полициски службеници од

Р.Турција започната во 2015 година преку СЕЛЕК Центарот во Букурешт, а во врска со лица инволвирани во меѓународен канал за криумчарење на мигранти, со користење на оригинални патни исправи од земјите членки на ЕУ, врз основа на која во февруари во Турција беше реализирана истрагата. Од страна на СЕЛЕК Центарот заради успешна соработка и реализација на истрага од страна на земји членки на СЕЛЕК, **Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал беше награден со втора награда.**

## 25.2 Останати активности во меѓународната соработка

- ОСОСК и годинава беше носител на активностите во Р.Македонија по Операциите „Blue Amber-Sirocco“ и JAD CICONIA ALBA организирани од Европол, како и на Операцијата „Мираж 2016“ организирана од СЕЛЕК центарот во Букурешт.
- Остварена е соработка со косовската полиција и претставници од Амбасадата на РФранција заради сузбивање на организирана криминална мрежа која врши фалсификување патни исправи, одржани се три трилатерални средби со високи претставници на службите за организиран криминал на РСрбија, РУнгарија и РМакедонија, со цел унапредување и подобрување на меѓусебната регионална соработка и координација помеѓу трите земји,
- реализиран е состанок со високи претставници на македонската и грчката полиција на Граничниот премин „Богородица“ за подобрување на полициската соработка и размената на информации од областа на илегалната миграција,
- со полициските служби на РКосово разменети се податоци за истраги кои се водат од нивна страна, а остварена е соработка и со други држави, како РСловенија, РИталија, Австралија, РСрбија и сл.

## 25.3 Посебни истражни мерки

Во текот на 2016 година постапено е по вкупно 126 (291) наредби за примена на посебни истражни мерки, односно за 56,7% помалку во споредба 2015 година, а во врска со 27 (37) случаи од кои:

| издадени наредби | | | |
|---|---|---|---|
| | 2016 | 2015 | |
| **Судија за претходна постапка** | **112** | **126** | |
| **Јавен обвинител** | **14** | **33** | |
| **Истражен Судија за ПИМ мерка 1** | **0** | **132** | |
| **ВКУПНО** | **126** | **291** | |

Табела бр.19 Издадени наредби за примена на посебни истражни мерки

Издадените 126 Наредба за примена на посебни истражни мерки се однесуваат на 27 (37) криминалистички истраги, од кои 20 (25) случаи се по предлог на Единиците од ОСОСК, а останатите се по предлог на организациони единици на МВР и Управата за финансиска полиција. Од наведените 27 криминалистички истраги за кои секторот преземаше мерки и активности, осум криминалистички истраги се започнати во 2016 година, а додека во врска со 19 случаи се прелеани од 2015 година и по истите е продолжено да се постапува и во текот на 2016 година.

## 25.4 Криминалистичко разузнавање-организиран криминал

Во текот на 2016 година Единицата за прикриени човечки извори на информации (ЕПЧИИ), даде значаен придонес во собирањето на информации и податоци за актуелните кривично правни настани, информации од прикриени човечки извори (информатори), граѓани, прибирање на информации во затвори и дополнителни информации и нивна дисеминација до корисниците, а по воспоставените приоритети на ОСОСК , СВР , и РЦ за ГР како и по начелото за полициско работење водено од разузнавање усвоено како метод на полициско работење. Бројот на оперативни информации од граѓани во однос на минатата година е во постојан пораст, забележително е зголемување на нивниот квалитет – особено на оние информации што се однесуваат на организираните криминални групи.

## 25.5 Криминалистичко разузнавање и анализа

Во текот на 2016 година, Единицата за криминалистичко разузнавање и анализа (ЕКРА), работеше на процес на проценка, обработка и споделување на информациите собрани за криминалистичко-разузнавачки цели. Добиените оперативни информации и оперативни извештаи беа обработувани, дополнително проверувани сѐ со цел да се обезбедат корисни и употребливи криминалистичко-разузнавачки информации за водење на криминалистичките истраги, како и да се обезбеди стабилен проток на информации. Годинава, Единицата започна со нов пилот проект – имплементација на аналитичкиот софтвер I base на ниво на единица, а истиот технички е поддржан од страна на Одделот за информатичка технологија.

## 25.6 Насочено собирање на информации

Во текот на 2016 година, во Единицата за криминалистичко-разузнавачка анализа беа примени вкупно 87 барања за обезбедување на податоци, кои се однесуваат за физички лица.

# 26. АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ И ДИГИТАЛНА ФОРЕНЗИКА

Се поголемата застапеноста и зависност од Информатичката технологија (интернетот, компјутерите и телефонските уреди), претставува голем предизвик за институциите кои се задолжени за спроведување на закононите во Република Македонија пред се Министерството за внатрешни работи.




Предизвиците се однесуваат на промените во процедурите и пристапите на истражувања на кривичните дела кои се извршени преку компјутер или преку компјутерски систем. Имено поголем број на кривични дела го променија модусот на нивното извршување со помош на достигнувањата на информатичката технологија, но всушност се работи за конвенционални кривични дела. Сите овие кривични дела во минатото беа истражувани и третирани без помош на информатичката технологија, но сега ги идентификуваме истите кривични дела но со променет начин на извршување.

Самата промена на начинот на извршување на кривичните дела значи промена на начинот на третирање и начинот на обезбедување на докази за овие кривични дела. Голем број на докази се во дигитална форма односно се работи за обезбедување на дигитални докази.

За успешно справување со посериозни истраги за компјутерски криминал, спроведени се обуки на полициски службеници во полето на компјутерскиот криминал и зголемување на капацитетите за дигитилната форензика со цел побрзо и поефикасно добивање на електронски докази потребни за истрагата со што се овозможи јакнење на капацитетите за учество во интернационални истраги.

Со развојот на технологијата и нејзината секојдневна примена и експанзијата на употребата на интернетот кој се повеќе станува основна средина за социјален живот и работа, се зголемува и бројот на кривични дела од областа на компјутерскиот криминал.

Во текот на 2016 година, Секторот беше вклучен во:

- национални и интернационални истраги поврзани со кривични дела од областа на компјутерскиот криминал како неовластено навлегување во компјутерски систем, изработка и употреба на лажна платежна картичка, производство и дистрибуција на детска порнографија, злоупотреба на лични податоци, интернет измама и др;
- форензичка анализа на различни видови уреди кои содржат електронски доказен материјал и поднесување на извештаи за пронајдените докази до судските органи;
- учество во судски расправи;

| |
|---|
| изработка на страндардни оперативни процедури за истраги во областа на компјутерскиот криминал и Образец за форензичка анализа на електронски доказен материјал |
| обука и сертификација на лица во полето на дигиталната форензика и компјутерски криминал; |
| надградба на форензичката лаболаторијата со нови форензички алатки за анализа на електронски докази; |
| учество во проекти, семинари и конференции; |
| соработка со судските органи и други државни институции; |
| соработка со Интернет сервис провајдерите на територијата на РМ и надвор од неа; |
| соработка со Интерпол, ЕВРОПОЛ , ОБСЕ и други полициски служби; |
| асистенција на останатите организациони единици во рамките на МВР во случаи поврзани со електронски докази. |

Во текот на 2016 година, од физички лица добивани се пријави од областа на компјутерскиот криминал и тоа: за злоупотреба на платежна картица, за интернет измами и злоупотреби, злоупотреба на деца и детска порнографија, неовластено навлегување во компјутерски систем.

Од правни лица добиени се пријави, од кои повеќето пријави се од банки во Р.Македонија. Пријавите од банки во најголемиот број се однесуваат на сомнителни нелегални трансакции со фалсификувани платежни картици при купување на техничка стока преку интернет и плаќање на сметки преку интернет (e-commerce). Пријавите од останатите правни лица се однесуваат на неовластено навлегување во компјутерски систем, најголемиот дел извршени со промена на содржината на веб страниците на правните лица и оставање на пораки на истите.

Постапувајќи по пријавите од граѓани, банки и правни лица за дел од пријавите е утврдено постоење на кривични дела за што до надлежните јавни обвинителства поднесени се соодветни поднесоци, дел од пријавите согласно сложеноста и надлежностите се препратени до надлежните Сектори за внатрешни работи за понатамошно постапување, а по дел се уште се постапува.

Од страна на Секторот поднесени се 10 кривични пријави, доставени се 210 известувања до јавен обвинител, откриени се осум кривични дела извршени од 12 сторители, а во еден случај е применета посебна истражна мерка. Секторот зеде учество и во 134 истраги на други организациони единици.

Во текот на 2016 година, примени се следните предмети за обработка:

| | Во 2016 |
|---|---|
| Мобилни уреди | 324 |
| Компјутери | 144 |

| | |
|---|---|
| СИМ картички | 219 |
| Таблети | 10 |
| Надворешни харддиск | 14 |
| ЦД/ДВД | 13 |
| УСБ меморија | 34 |
| СД картички | 38 |
| DVR | 14 |
| Скенер/принтер | 2 |
| GPRS | / |

Одговорени барања за анализа од страна на Секторот доставени од претходни години и тековната година.

| | од 2016 | од 2015 | од2014 | од2013 | од2012 | од 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Мобилни уреди | 64 | 25 | 9 | / | / | |
| Компјутерска опрема | 33 | 14 | 2 | / | / | 2 |
| вкупно | | 149 | | | | |

## 27. АКТИВНОСТИ НА ЕДИНИЦИТЕ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

**Одделот за специјални полициски операции** согласно своите надлежности и оваа година продолжи со континуирано преземање активности кои придонесоа за одржување поволна и стабилна безбедносна состојба во државата, како и исклучителен придонес во справување на мигрантската криза при справување со напливот на мигранти на јужната државна граница. Посебен придонес имаа активностите на припадниците на **Единицата за специјални задачи** кои беа ангажирани при спроводи на опасни лица до одредени градови во државата заради тековни судски процеси -720, понатаму спроводи на опасни лица (екстрадиции) - 18, обезбедување ВИП - 243, транспорт на пари од Македонски поштиосум и сл.

**Единицата за брзо распоредување** реализираше активности во делот на различни видови обезбедување, како што се спортски натпревари од висок ризик, траси, судови, КПУ, резиденцијални објекти и сл. при што изврши вкупно 4.547 активности.

Единицата за обука и поддршка, преку припадниците на ПЕП беа ангажирани за зајакнато обезбедување на казнено поправните установи во Скопје, Битола и Прилеп, потоа при вршење на спроводи на притворените лица од казнено поправните установи до Основниот суд во Скопје, зајакнато обезбедување на државната граница, протестите во Скопје, елементарната непогода и поплава која

го зафати подрачјето на град Скопје за евакуирање на загрозени лица и давање помош на месното население, при спроведување на изборниот процес на подрачјето на Секторите за внатрешни работи Скопје, Куманово и Тетово и др.

**Единицата за службени кучиња** по претходно доставени барања од страна на други организациони единици во рамките на Министерството за внатрешни работи, постапи во вкупно 1.421 случај, а по барање на Оддел за антитероризам и заштита заради вршење на антитерористички преглед постапапено е во вкупно 1.360 случаеви, по барање на СВР и ОГРМ постапено е во 43 случаеви, со употреба на тимови со службени кучиња за откривање на опојни дроги, по барање на СВР употребени се тимови на службени кучиња за трагање по човечки мирис во вкупно 10 случаеви и во осум случаеви е постапено по барање на други организациони единици во рамките на МВР, за откривање на оружје и муниција.

**Хеликоптерската единица** од вкупно планираниот налет за тренажа за 2016 година кој изнесуваше 280:25 часови, реализира налет во износ од 70:10 часот околу 25%, со напомена дека налетот за посебни задачи не е вклопен во налетот за тренажни летови, а единицата оствари вкупен налет 297:40 часови.

Инаку, Единицата извршуваше и задачи за потребите на МВР, ОСПО, АРМ и Министерството за правда, а може да се напомене дека изврши транспорт на припадници од ОСПО за обезбедување на северната и јужната граница, како и транспорт на притворени лица од Битола и Прилеп до Скопје и обратно за потребите на Министерството за правда за случајот „Диво Насеље".

## 27.1 Активности на Аеродромската полициска база

Во текот на 2016 година, вработените во Аеродромската полициска база опслужуваа со воздухопловни мазива, масла и горива за хеликоптерите на Бирото за јавна безбедност, како и редовно сервисирање на уредите- агрегатите за стартување на воздухоплови – хеликоптер МИ17/171В.

Покрај ова, беа извршени редовни месечни, периодични и годишни прегледи на целокупната противпожарна опрема во базата на сите противпожарни апарати.

Реализиран е Проектот „Електрично осветлување на базата" изработен од страна на Енерго План ДООЕЛ-Скопје за поставување на електрично осветлување по периметарот на Аеродромската полициска база, а реализацијата на проектот ја изврши фирмата „ДОРА" ДОЕЛ-Скопје. Надворешно осветлување е поставено во западниот и југозападниот дел од базата долж периметарската ограда, поставени се каделабри со 24 монтажни столбови, а три од столбовите непосредно до хеликопотерската платформа дополнително се означени со црвени предупредувачки светла.

# АКТИВНОСТИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

# 28. СВР СКОПЈЕ

Безбедносната состојба на територијата на град Скопје во текот на 2016 година беше стабилна. Карактеристични настани и појави кои ја одбележаа оваа година беа: голем број на протести организирани во најголем дел од страна на политички партии, како и од невладини организации, групи на незадоволни граѓани, стечајни работници и други, временска непогода- поплава која го погоди подрачјето на град Скопје на 06.08.2016 година, серија земјотреси кои го погодија подрачјето во септември, авионска несреќа која се случи на 06.09.2016 година и др. Меѓутоа професионализмот и посветеноста на полициските службеници, брзината и ефикасноста при преземање на мерки и активности, овозможија брзо воспоставување на контрола при што беше спречена ескалација на одредени настани кои според проценката на ризикот, можеа да ја влошат безбедносната состојба од аспект на граѓански, политички, економски и севкупен општествен живот.

## 28.1 Криминалитет

Во 2016 година, на подрачјето на СВР Скопје регистрирани се **11.875 кривични дела** кои се гонат по службена должност, што преставува зголемување на вкупниот криминал за 6,26% споредбено со 2015 година. Мерки на кривичен прогон се преземени:

- против 3.966 сторители
- Материјалната штета од регистрирани кривични дела изнесува 554.813.139 денари.
- Зголемување на регистрираните кривични дела е забележано на подрачјата на ПС од ОН Аеродром, Кисела Вода и Карпош, додека намалување е забележано на подрачјата на ПС од ОН Бит Пазар и Чаир.

| СВР Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| | **2016** | 2015 | зголемување /намалување |
| **Регистрирани кривични дела** | **11.875** | 11.175 | **6,2%** |
| **кривични пријави** | **3.131** | 2.901 | **8%** |
| **Регистрирани сторители** | **3.966** | 3.681 | **7,7%** |
| **Вкупна ефикасност** | **34,5%** | 32,5% | |

Табела бр. 20 Вкупен криминалитет

- **Најзастапени се кривичните дела од областа на класичниот криминал** - 11.472 кои во однос на претходната година **бележат зголемување за околу 6%,** што пред се должи на порастот на бројот на имотните деликти.

> ➢ Тешките кражби се најбројни кривични дела од имотниот криминал, кој учествуваат со 65%, по што следат кражбите со учество од 28%.

- ➢ Станбените објекти и возилата се најчест објект на напад од извршените тешки кражби.
- ➢ Вкупната ефикасност во расветлување на кривичните дела од класичен криминал изнесува 30,7%
- ➢ За одбележување е реализацијата на СВР Скопје, со која се расветлени 65 кривични дела извршени во 46 станови и 19 куќи на подрачјата на Аеродром и Кисела Вода, Мерки на кривичен прогон се преземени против три лица се стекнале со противправна имотна корист од околу 3.877.700,оо денари.

- За одбележување се резултатите постигнати во областа на **недозволената трговија со droги** која резултираше со заплени на 76,4 килограми марихуана, половина килограм хероин, а ова подрачје е доминатно и по бројот на заплени на екстази.
- Зголемување е забележано и во откриените и реализирани кривични дела од областа на **економскиот криминал**, а најзастапено е кривичното дело е „вршење јавен превоз без лиценца“.
- Во овој период од страна на СВР Скопје се реализирани 24 кривични дела од областа на **организираниот криминал**, од кои 21 кривично дело „фалсификување пари“ и три „примање поткуп“.
- Од извршените споредби со мината година е констатирано намалување, кое пред се се должи на намалениот број на регистрирани кривични дела од областа на јавните финансии, платниот промет и стопанството.

## 28.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир

Во овој период, во областа на јавниот ред и мир, преземените мерки и активности од страна на СВР Скопје, резултираа со **намалување на барањата за поведување на прекршочна постапка за 16,81%** споредбено со 2015 година кај сите видови на прекршоци.
Најголемиот процент од прекрошоците, за кои се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка се „физичките напади“ со 33%, по што следат „учество, предизвикување или поттикнување тепачка“ и „карање, викање и непристојно однесување“ со по 12%. Барањата се поднесени против 4095 сторители, од кои 88% се од машки пол. Најголем дел од сторителите, прекршоците ги извршиле самостојно -73%.Од вкупниот број на прекршоци 13% се извршени под дејство на алкохол, а при извршување на прекршоците повредени се вкупно 1.931 лица.

**Припадниците на Единицата за прв одговор и интервенција–АЛФА** при вршење редовна дејност, по разни законски основи привеле вкупно 2.443 лица. Од нив врз основа на телеграма, потерница, гласник и судска наредба приведени се 461 лице, потоа непосредно по извршување на кривично дело 109, на лице место при извршување на кривично дело затекнати се 74 лица и слично.

Исто така, приведени се 454 лица кај кои при претрес се пронајдени наркотични дроги, додека при нарушување на јавниот ред и мир интервенирано е во 290 случаи, во 2.286 случаи е дадена асистенција при претрес на дом и други

простории и под сомнение за сторен царински прекршок или кривично дело фалсификување на исправа, од страна на припадниците на оваа единица одземени се 12 патнички возила.

## 28.3 Превенција

Превенцијата, како во изминатите години, така и во текот на 2016 година се имплементираше преку активностите на Одделението за превенција во Секторот за внатрешни работи Скопје чија основна задача е градење на позитивен однос со заедницата, развивање на програми за превенција, идентификување на фактори на ризик и предлагање на мерки и активности за намалување односно отстранување на негативните влијанија. Во 2016 година на ова подрачје беа реализирани низа проекти и проектни активности насочени кон намалување на асоцијалното и криминално однесување, јавниот ред и мир и превенција во сообраќајот.

# 29. СВР БИТОЛА

Одржувањето на поволна безбедносна состојба на патиштата, зголемување на нивото на доверба кај граѓаните, како и превентивното делување, откривање и спречување на криминалот во сите негови облици беа дел од активностите за одржување на поволна безбедносна состојба на подрачјето на СВР Битола. Во текот на 2016 година се продолжи со примена на новиот модел на работа „Полициско работење водено од разузнавање“, при што главните индикатори и приоритети беа тешките кражби во куќи и станови, намалување на присуството и зголемување на заплената на наркотични дроги, засилено откривање на возачи кои управуваат со возила со брзина поголема од дозволената и возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол, како и одржување на поволен јавен ред и мир на културни манифестации и спортски натпревари.

## 29.1 Криминалитет

На подрачјето на СВР Битола регистрирани се вкупно 3.305 кривични дела, за што кривично пријавени се 1.687 сторители, при што зголемена е ефикасност во откривањето за 35%.

| СВР Битола | | | |
|---|---|---|---|
| | **2016** | 2015 | зголемување /намалување |
| **Регистрирани кривични дела** | **3.305** | 3.288 | **1%** |
| **кривични пријави** | **1.315** | 1.369 | **-0,04** |
| **Регистрирани сторители** | **1.687** | 1.703 | **1%** |
| **Вкупна ефикасност** | **35%** | 31% | |

Табела бр.21 Вкупен криминалитет

**Најзастапени се кривичните дела од областа на класичниот криминал-**

3.045, а најбројни се кривичните дела кои спаѓаат во кривични дела против имотот – околу 75%.

Учеството на малолетници и деца во вкупно извршените кривични дела изнесува 7%, а истите најчесто вршат кривични дела кражби и тешки кражби, но се јавуваат и како сторители на други кривични дела. Инаку, констатирано е намалување од 15% на семејно насилство на подрачјето на СВР Битола, што се должи на преземени конкретни мерки и активности против сторителите на истите.

По нив следуваат кривичните дела од областа на недозволената трговија со дроги -89 каде бележиме значително зголемување на запленатa кај наркотиците „трамадол" капсули и повеќе од 22 пати кај амфетаминот.

Од областа на економскиот криминал регистрирани се 103 кривични дела, а најзастапено е кривичното дело „злоупотреба на службена положба и овластување" -28.

Причинетата материјална штета изнесува 60.685.714 денари, но во многу пријавени кривични дела материјалната штета не може точно да се утврди бидејќи се потребни стручни вештачења.

Во помал број се застапени кривичните дела од областа на недозволената трговија со оружје -12 и од областа на организираниот криминал -19 од кои 10 кривични дела „фалсификување пари".

## 29.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир

Во делот на јавниот ред и мир бележиме поволна безбедносна состојба иако во текот на година беа одржани поголем број на протести, каде беа ангажирани поголем број на полициски службеници за нивно безбедно одржување и спречување на поголеми нарушувања на јавниот ред и мир.

- За обележување беа протестите одржани заради искажување на револт и незадоволство од донесената одлука на Претседателот на РМакедонија за аболиција на одредени носители на јавни функции, потоа јавни собири во рамки на предвремените парламентарни избори, додека поради незадоволство од исклучување од напојување од електричната мрежа на ЕВН, при протестите во повеќе наврати беше блокиран магистралниот патот Прилеп-Ресен, со фрлање и палење на разновиден отпад.

- Во делот на насилничкото однесување помеѓу ученици регистрира ни се пет инциденти, при што во четири случаи е употребена физичка сила, а во еден случај тврди предмети и притоа тешко телесно е повреден еден ученик, а на шест ученици им се нанесени лесни телесни повреди. По преземени мерки поднесена е една кривична пријава, едно барање за поведување на прекршошна постапка и писмен допис до Комисија за спогодување во прекршочна постапка за малолетници.

- За време на одржување на спортските натпревари регистрирани се 15 инциденти за кои по преземени мерки поднесени се две кривични пријави и барања за поведување на прекршочна постапка од ЗСННООСН.

- Во делот на поднесените барања за поведување прекршочна постапка за сторени прекршоци од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир поднесени се 691 барање од кои најголемиот дел или 34% се однесуваат на прекршокот „физички напад“ .

- **Безбедносната состојба во областа на патниот сообраќај** во текот на 2016 година ја карактеризизира зголемување на сообраќајни незгоди за 9,6%%, додека бројот на лица загинати во сообраќајни незгоди е намален за 8%.

### 29.3 Превенција

Во рамки на превентивните активности во текот на годината, реализирани се неколку проекти на тема: „Полицијата и учениците се дружат“, „Безбедни училишта-хармонична средина“, „Полицијата-твој пријател“, „Без толеранција за алкохол и дрога“, “Внимателни заедници-безбедни заедници“, „Полицијата и заедницата заедно за побезбеден сообраќај“, „Како да ги научиме децата да го сочуваат својот живот“, „Безбедно на плажа“, „Соседска патрола“, „Како сте?“, „На кафе кај соседите“, „Нови згради-нови жители“, „Бизнисот и безбедноста“, „За спортот заедно“, „Мојот полицаец“, „Полицијата и граѓаните заедно“, „Вози мотор но биди безбеден“, „Почитувај ги правилата-почитувај го животот“. Превентивни активности беа преземени и преку остварување непосреден контакт со жртви на кривични дела.

## 30. СВР ВЕЛЕС

Безбедносната состојба на подрачјето на СВР Велес се оценува како поволна иако вкупните општествено - економски, политички и социјални услови, како и влијанијата на разни фактори условија присуство на класични облици на криминалитет, економски и недозволена трговија со дроги и оружје. Истите не предизвикаа посериозни импликации и нарушувања на севкупната безбедносна состојба. Согласно утврдените приоритети и планираните мерки и активности беа насочени кон одржување на стабилен јавен ред и мир и јакнење на професионалноста на персоналниот кадар во извршувањето на работните задачи.

### 30.1 Криминалитет

На подрачјето на СВР Велес вкупниот криминал бележи зголемување за 5% и евидентирани се 1.208 кривични дела, додека пријавените сторители бележат намалување од 11%. Како резултат на преземените мерки и активности СВР Велес оствари вкупна ефикасност од 52,9%, додека откривачката ефикасност е остварена во 49%.

| СВР Велес | | | |
|---|---|---|---|
| | **2016** | 2015 | зголемување /намалување |
| **Регистрирани кривични дела** | **1.208** | 1.150 | **5%** |
| **Поднесени кривични пријави** | **682** | 691 | **-1,3%** |
| **Регистрирани сторители** | **899** | 1.125 | **-11%** |
| **Вкупна ефикасност** | **52,9%** | 61% | |

Табела бр.22 Вкупен криминалитет

- **Најзастапени се кривичните дела од областа на класичниот криминал - 1.078** кои во однос на претходната година бележат зголемување за 7%, при што најбројни се кривичните дела од областа на имотните деликти -691 дело. Инаку, зголемување од 30% бележиме кај кривичното дело „разбојништво“, додека кај „тешките кражби“ зголемувањето е за 5%.

- од областа на **економскиот криминал** евидентирани се 48 кривични дела, каде најзастапено е кривичното дело „неовластено навлегување во компјутерски систем“.

- Во областа на **недозволената трговија со дроги** се регистрирани се 29 кривични дела извршени од 32 сторители, при што во однос на минатата година како резултат на проактивното работење се бележи зголемување од 61% на откриените кривични дела, зголемување за 33% на откриените сторителите и тренд на зголемување на заплена на наркотична дрога марихуана.

- Во областа на **организираниот криминал** се регистрирани вкупно 40 кривични дела со напомена дека од нив 27 се „кримучарење на мигранти“ за што се поднесени 27 кривични пријави против 36 лица од **страна на РЦ за ГР – Југ,** додека останатите кривични дела се „фалсификување пари“.

- од областа на **недозволената трговија со оружје** застапени се помал број на кривичние дела -12, но истите бележат зголемување за 71% во однос на претходната година.

## 30.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир

Активностите во областа на јавниот ред и мир беа насочени кон одржување на стабилна безбедносна состојба преку следење и преземање на организирани превентивно-тактички мерки за оневозможување на обидите за нарушување на јавниот ред и мир и загрозување на личната и имотната сигурност и безбедност на граѓаните. Преземените активности беа насочувани и кон намалување на

репресијата и засилување на превенцијата.

- За спречување на поголеми нарушувања на јавниот ред и мир при одржување на протестите во периодот од април до јули, се преземаа навремени мерки и активности.
- Констатирани се пет нарушувања на јавниот ред и мир во училиштата со физички напади и еден прекршок бесправно присуство во училиште, за што против сторителителите се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка.
- При одржување на спортските натпревари регистрирани се три случаи на нарушување на јавниот ред и мир за што е поднесена кривична пријава „напад над овластено службено лице при вршење на работи од безбедноста" и две барања за поведување прекршочна постапка.
- На подрачјето на СВР Велес поднесени се вкупно 519 барања за поведување на прекршочна постапка извршени од 749 сторители, при што бележиме зголемување за 17% кај барањата и зголемување за 21 % кај сторителите на прекршоците.
- **Безбедносната состојба во областа на сообраќајот** во однос на минатата година ја карактеризира намалување од 7%  на вкупно случените 648 сообраќајни незгоди, додека зголемување од 10% бележат сообраќајните незгоди со потешки последици  во кои загинале 17 лица.

### 30.3 Превенција

Во областа на превенцијата беа спроведени повеќе проекти, и тоа: „Полицијата и учениците се дружат„ и  „Најблискиот пат од училиштето до домот", во соработка со Министерството за образование и сите училишта на подрачјето, а со цел зголемување на безбедноста на учениците; Акцискиот план „Како сте" „На кафе кај соседите", „Застани и разговарај" „Мојот полицаец" и „Полицијата и граѓаните заедно".

Исто така, беа реализирани 29 едукативни работилници и предавања за превенција од употреба на алкохол; превенција од употреба на дрога ; Стоп за трговијата со луѓе; „Кажете не за насилството";„Безбедна прослава на матурските прослави"; Злоупотреба на безвизен режим;Заштити го својот дом; Криучарење на илегални мигранти; Бесправна сеча и пустошење на шума; Брзината и заморот убиваат; Да ги заштитиме децата во сообраќајот; Превенција од употреба на петарди;

## 31.СВР КУМАНОВО

Целокупните активности на Секторот беа насочени кон доследна примена на законските прописи, соработка со останатите државни и локални институции, со цел обезбедување на поволна безбедносна состојба, при што беа преземени планирани и организирани мерки за спречување и откривање на сите видови кривични дела и нивните сторители, со навремен и енергичен настап, особено за откривање на кривичните дела кои во моментот на пријавувањето биле извршени од страна на непознат сторител.

Исто така, преземени се организирани превентивно-репресивни мерки особено во делот на идентификуваните приоритети согласно Стратешката проценка и контролната стратегија на СВР Куманово, насочени кон:

- намалување на извршените тешки кражби во куќи и станови и зголемување на процентот на нивната реализација;
- зголемување на заплената на наркотичните дроги на подрачјето;
- намалување на кривичните дела разбојништва и разбојнички кражби;
- преземање превентивно-репресивни и мерки за спречување на нарушувањата на јавниот ред и мир од страна на поединци или организирани групи и сузбивање на малолетната деликвенција,
- работа по национални приоритети како миграцијата, тероризмот, спречувањето на злоупотреба на безвизниот режим, бесправната сеча и транспорт на огревни дрва.

Во 2016 година, на подрачјето на СВР Куманово, вкупниот криминал бележи **намалување од 13,6%,** но **зголемување за 14,1%** на **регистрираните прекршоци од јавниот ред и мир, особено** во делот на меѓусебните тепачки и физички напади помеѓу малолетници, со употреба на физичка сила, како и зголемување за 10,7% на случените сообраќајни незгоди.

## 31.1 Криминалитет

Во последните пет години на ниво на СВР Куманово регистрираните кривични дела бележат континуирано опаѓање. Регистрирани се вкупно **1.502 кривични дела, за кои се поднсени** 888 кривични пријави против 1.273 сторители, при што бележат намалување од 11,3% поднесени кривични пријави и **намалување од 10 %** на откриените сторителите, во однос на минатата година.

| СВР Куманово | | | |
|---|---|---|---|
| | **2016** | 2015 | зголемување /намалување |
| **Регистрирани кривични дела** | **1.502** | 1.739 | **-13,6%** |
| **Поднесени кривични пријави** | **888** | 1.002 | **-11,4%** |
| **Регистрирани сторители** | **1.273** | 1.416 | **-10%** |
| **Вкупна ефикасност** | **65,5%** | 65,3% | |

Табела бр.23 Вкупен криминалитет

Како резултат на преземените мерки и активности СВР Куманово оствари вкупна ефикасност од 65,69%, додека откривачката ефикасност на дела извршени од непознат сторител е 29,4%. Во текот на годината се откриени и сторителите на 21

кривичнио дело од претходната година.

- Најзастапени се кривичните дела од областа на **класичниот криминал**, кои во однос на минатата година бележат намалување за 13,2%, со евидентирани 1.313 кривични дела, а најголемо учество во овој вид криминал имаат кривичните дела од областа на имотните деликти со 58% и бележат намалување за 17,4%.

**Тешките кражби** оваа година, бележат намалување од 11%, а откривачката функција изнесува 36,3%. додека од евидентираните 19 разбојништва, карактеристично е што во пет случаи жртвите се странски државјани-мигранти и тоа во три случаи се државјани на Мароко, и по еден случај државјани на Ирак и Сирија.

- кривичните дела од областа на **економскиот криминал**-119 бележат намалување за 3,25%, а најзастапено е кривичното дело "злоупотреба на службена положба и овластување" -49;
- откриени се 35 кривичните дела од областа на **недозволената трговија со дрога;**
- од областа на организираниот криминал откриени се 19 кривични дела, од кои десет се за „фалсификување пари" при што се поднесени 15 кривични пријави, против 21 сторител;
- откриени се 15 кривични дела од областа на **недозволената трговија со оружје**.

## 31.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир

Во областа на **јавниот ред и мир** бележиме поволна безбедносна состојба, односно не се регистрирани нарушувања од поголем обем и прекршоци со потешки последици со национална мотовираност и нетрпеливост на поединци и групи. Имено, во текот на 2016 година, регистрирано е **зголемување од 14,1%** на прекршоците за кои се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка, односно поднесени се 690 барања за поведување прекршочна постапка извршени од 938 сторители за сторени 736 прекршоци од кои 238 се за физички напад.

***Во областа на патниот сообраќај*** состојбата се оценува како неповолна со оглед на фактот дека на јавните патишта и улиците се случиле вкупно **554 сообраќајни незгоди,** и истите бележат **зголемување од 3,1%,** додека сообраќајните незгоди со потешки последици бележат намалување од 7,7%, во кои загинале пет лица што претставува намалување за повеќе од два пати.

## 31.3 Превенција

Од областа на превенцијата спроведени се повеќе проекти и тоа:**„Безбедни училишта"**- при што се остварени 169 работни посети со стручните служби од основните и средните училишта и реализирани две манифестации за меѓуетничка комуникација; потоа **„Спорт да дрога не"** - при што е спроведено општинско

првенство во фудбал за основни училишта; **„Детски семафор“; „Безбедна матурска прослава“; „Детско престаништво со елементи на насилство“, „Дете-еден ден полицаец“; „Сообраќајна култура на младите“; „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“, „Спортски да навиваме без навреди и насилство“,„Застани и разговарај“ и по проект „Полицијата и граѓаните заедно“, каде се реализирани вкупно 12 превентивни активности. „Бизнис и безбедност„ и „Мобилен систем за снимање со камери“.**

# 32. СВР ОХРИД

Безбедносната состојба на подрачјето на СВР-Охрид во изминатата 2016 година, беше релативно стабилна. Согласно законската функција и надлежност СВР-Охрид работите ги извршуваше во сложени општествени, економски, социјални и политички услови. Динамиката и појавата на нови облици и форми на криминалитетот како и појавата на нови извршители на кривични дела, туристичката сезона, зголеменото обезбедување на објекти и личности, културни манифестации и спортски натпревари беа главни приоритети и приоритетни активности во извршувањето на работите и работните задачи.

## 32.1 Криминалитет

Во областа на општиот криминал состојбата укажува на вообичаени, инкриминации без значајни отстапувања (намалување или зголемување) односно најчесто се вршеа кривични дела од областа на имотните деликти (тешки кражби и кражби) каде објект на напад најчесто беа куќи и станови. **Во овој период не се регистрирани активности на организирани криминални групи.** Делата во голем дел се вршат од страна на лица повторници и во помал број од лица од други подрачја, чии број вообичаено се зголемува за време на летната сезона.

| СВР Охрид | | | |
|---|---|---|---|
| | **2016** | 2015 | зголемување /намалување |
| **Регистрирани кривични дела** | **1.564** | 1.858 | **-15,8%** |
| **Поднесени кривични пријави** | **866** | 911 | **-5,0%** |
| **Регистрирани сторители** | **902** | 1.052 | **-14,2%** |
| **Вкупна ефикасност** | **49%** | 45% | |

Табела бр.24 Вкупен криминалитет

Имено, на подрачјето на СВР Охрид регистрирани се вкупно 1.564 кривични дела, за што кривично пријавени се 902 сторители, што претставува намалување од 16% на бројот на регистрирани кривични дела и намалување од 14% на бројот на сторителите во однос на 2015 година.

- **Најзастапени се кривичните дела од областа на класичниот криминал-** 1.274 кои бележат намалување од 16%, а најбројни се кривичните дела „тешка кражба“- 42% и „кражба“ -18% . Според начинот на извршување најголем број од кривичните дела „тешка кражба“, се извршени со подесен алат -174, а според местото на извршување 181 од тешките кражби се извршени во куќи.
- кај кривичните дела од областа на економскиот криминал- 131, најзастапено е кривичното дело „бесправно градење“-35;
- регистрирани се 102 кривични дела од областа на недозволената трговија со дрога;
- регистрирани се 25 кривичните дела од областа на организираниот криминал, од кои најголемиот број или 20 кривични дела „фалсификување пари“;
- од областа на недозволената трговија со оружје регистрирани се 27 кривични дела.

## 32.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир

Во областа на јавниот ред и мир карактеристични се поединечни инциденти, најчесто извршени од нарушители-повторници кои без посебни причини го нарушувале јавниот ред и мир со предизвикување на тепачки, меѓутоа без поголеми последици. Се преземаа мерки при протестите одржани заради искажување на револт и незадоволство од донесената одлука на Претседателот на РМакедонија за аболиција на одредени носители на јавни функции со цел да се спречи нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем, вршење на кривични дела со елементи на насилство и сл.

На подрачјето на СВР Охрид поднесени се 718 барања за поведување на прекршочна постапка против 1.012 сторители за сторени 768 прекршоци, од кои половина од прекршоците се регистрирани на подрачјето на градот Охрид. Притоа, во најголем дел или 34% се регистрирани „физички напади“. Зголемување од 7% бележат вкупниот број на прекршоците и поднесените барања за поведување на прекршочна постапка, во однос на минатата година.

***Во областа на безбедноста на патниот сообраќај*** бележиме намалување од 2% на вкупно случените сообраќајни незгоди, односно 751(764), додека регистрирано е зголемување од 11 % на сообраќајни незгоди со потешки последици, во кои загинале 24 лица.

## 32.3 Превенција

Од областа на превенцијата спроведени се седум проекти и тоа:

- **Превенција од злоупотреба на оружје пиротехнички средства** флаери со мото „Не ја расипувај забавата -Слави со срце не со оружје„ се поделени по полициските станици и се поставени по јавни места на подрачјето на СВР;

- **Матура 2016 под мото срекни и безбедни матурски вечери;**
- **Превенција од кражби** кој ја опфаќа областа од криминалитетот за превенција на кражби по плажи, возила и џебни кражби;
- **Превенција од пороци;**
- **Превенција од провални кражби** со кој се опфатени сопственци на златарници и менувачници,, сопственици на куќи и станови, регистрирани фирми кои стопанисуваат со становите во Охрид, и граѓани со учество на представници од локална самоуправа од Охрид, инспекторот за домување, медиуми, при што од страна на самостојниот инспектор за крим.работи е користена презентација со наслов„ **„Обезбеди го твојот дом“**;.
- **Безбедни училишта-хармонична средина** инициран од страна ОБСЕ – мисија Скопје, при што беше потпишан меморандум за соработка помеѓу МВР, Министерство за образование и ЗЕЛС. Со овој проект од подрачјето на СВР Охрид се опфатени СОУ„Нико Нестор„ и „Др.Ибрахим Темо“ во Струга и „Мирко Милески„ и „Дрита од Кичево;
- **Проект Мојот пријател полицаец** „За мојата безбедност се грижиме јас и мојот пријател полицаец во рамките на кој проект е изготвена боенка под наслов „Мојот пријател полицаец“.

# 33. СВР ШТИП

Во 2016 година, по сите параметри безбедносната состојба на подрачјето на СВР Штип може да се оцени како стабилна и позитивна и тоа како според обемот и тежината на инкриминациите, така и во однос на состојбите во јавниот ред и мир кои бележат намалување во однос на нарушувањата. Согласно генералната стратегија СВР Штип беше насочен кон заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела, идентификување на непосредна и посредна имотна корист прибавена со сторено казниво дело, како и одржување на јавниот ред и мир и регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата на подрачјето кое го покрива Секторот.

## 33.1 Криминалитет

Вкупниот криминалитет на подрачјето на СВР-Штип бележи намалување од 5% со евидентирани 1.931 кривично дело, при што најбројни се кривичните дела од областа на класичниот криминал, кои во однос на минатата година бележат намалување од 5%.

| СВР Штип | | | |
|---|---|---|---|
| | **2016** | 2015 | зголемување /намалување |
| **Регистрирани кривични дела** | **1.931** | 2.026 | **-4,6%** |
| **Поднесени кривични пријави** | **1.713** | 1.774 | **-3,4%** |
| **Регистрирани сторители** | **1.102** | 1.323 | **-16,7%** |
| **Вкупна ефикасност** | **45%** | 47% | |

Табела бр.25 Вкупен криминалитет

- најголемо учество со 69 % во овој вид криминал имаат **кривичните дела од областа на имотните деликти ,** кои бележат зголемување од 5 % во однос на споредбениот период.
- **Тешките кражби** оваа година, бележат зголемување од 11 %, а причина за зголемениот број на кривични дела, односно намалената ефикасност е економската нестабилност, нискиот процент на вработеност, како и влијанието на политичката состојба врз функционирањето на полициското работење, односно одлив на полициските сили на јужната граница заради справување со мигрантската кризата, вонредни ангажирања на полициските за одржување на јавните собири и протести, кои континуирано се одвиваа еден подолг временски период.
- Намалување од 16% бележат кривичните дела од **областа на економски криминал**, односно откриени се 125 кривични дела, при што големи отстапувања се евидентирани во Кочани (намалување за 68%) и во Берово (намалување за 41%) , додека пораст бележиме во Пробиштип за 1,3 пати, во Свети Николе за 100% и во Виница од 82%. Од вкупно евидентираните кривични дела најзастапени кривични дела се „злоупотреба на службена положба и овластување“- 42, потоа 16 кривични дела “ несовесно работење во службата “и 10 кривични дела „„даночно затајување“.
- Од областа на **организираниот криминал** каде се откриени 37 кривични дела, кои бележат намалување од 10%, при што најголем дел или 26 кривични дела се „фалсификување пари“ во чии рамки се откриени и одземени **28 фалсификувани банкноти** во различни апоени;
- Зголемување од 20% бележат откриените кривични дела од **областа на недозволената трговија со дроги и оружје.**

## 33.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир

На подрачјето на СВР Штип во областа на Јавниот ред и мир бележиме стабилна безбедносна состојба, што го покажуваат сите параметрите кои бележат **намалување како во делот на пријавените прекршоци за 23 %** , така и бројот на поднесените барања за поведување на прекршочна постапка кои бележат

намалување од 11%, а воедно не беа регистрирани нарушувања од поголеми размери кои би ескалирале во потешки облици на нарушувања на јавниот ред и мир. На подрачјето на СВР Штип одржани се 90 протести организирани од здружение на граѓани „Протестирам“ и здружение на граѓани „ГДОМ“.

Во 2016 година на подрачјето на СВР Штип не се евидентирани инциденти меѓу училишната популација, а при одржување на спортски натпревари регистриран е еден инцидент .

## 33.3 Сообраќај

Покрај преземените превентивно репресивни мерки во 2016 година на подрачјето на СВР Штип, евидентирани се вкупно 651 сообраќајни незгоди, од кои 331 сообраќајни незгоди со потешки последици, од кои 17 со загинати лица (пораст за 1,5 пати), во кои животот го изгубиле 18 лица.

## 33.4 Превенција

Во текот на 2016 година, на подрачјето на СВР Штип реализирани се следните проектни активности:

- **„Информативен центар за превенција“**

- **"Превенција од пушење-Никотиноманија"-**
- **„Безбедни матурски прослави”,**

- **„Превентивно делување за заштита од пожари на отворен простор”**
- **„Планетата земја - дом за сите нас“, -прокетна активност**
- **„Безбедно да ги прославиме новогодишните и божиќните празници“-**
- **„Полицијата и граѓаните заедно“,**
- **„Соседска патрола“**
- **„Како сте“-** по кој проект вршени се посети на стари и изнемоштени лица и давани совети за превенција од кражби, провални кражби, измами или друг проблем за што можат да пријават на бесплатниот телефонски број 192;
- **„На кафе кај соседите“**, разговарано е со лица на безбедносните терени за безбедносната состојба во нивната урбана или месна заедница.
- **„Нови згради – нови жители“**, -законските обврски кои произлегуваат од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето;
- **Бизнисот и безбедност“,**
- **„За спортот заедно“,**
- **„Мојот полицаец“,**
- **Кампања на МВР „Полицијата и учениците се дружат“**

- **Сообраќајно воспитна акција „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“ –** .

За подигање на безбедносната свест на едно повисоко ниво, како и за промовирање на проектите и проектните активности, изготвени се соопштенија, давани се изјави за печатените и електронските медиуми, како и учествувано е во емисии на регионални електронски медиуми во кој се презентирани активностите во рамките на општиот проект „Соработка на полицијата со заедницата“.

# 34. СВР СТРУМИЦА

СВР Струмица во текот на 2016 година своите активности ги насочи кон одржување на поволна и стабилна безбедносна состојба со преземање на континуирани плански и организирани мерки и активности, кои придонесоа безбедносната состојба на подрачјето на СВР Струмица да се **оцени како поволна**.

Општествено - економските, политички и социјалните услови, како и влијанија на различни фактори условија за превземање на мерки за справување со мигрантската криза, одржување на јавниот ред и мир, како резултат на зголемениот број на протести како резултат на актуелната политичка состојба. Исто така, појавните облици на класичен и економски криминалитет, недозволена трговија со droги и оружје и организираниот криминал беа присутни во вообичаен обем, но истите **не предизвикаа посериозни импликации и нарушувања на севкупната безбедносна состојба.**

## 34.1 Криминалитет

Според статистичките податоци во 2016 година евидентирано е намалување на_вкупниот број на регистрирани кривични дела за 12,77 % споредбено со 2015 година, а намалувањето се должи на намалениот број на кривични дела во областа на класичниот криминалитет за 11,27%. Евидентирани се 1.202 кривични дела за кои се поднесени 1.128 кривични пријави против 1.049 сторители кои најголем дел се извршени на подрачјето на Струмица.

| СВР Струмица | | | |
|---|---|---|---|
| | **2016** | 2015 | зголемување /намалување |
| **Регистрирани кривични дела** | **1.202** | 1.378 | **-12,7%** |
| **Поднесени кривични пријави** | **1.128** | 1.378 | **-18,1%** |
| **Регистрирани сторители** | **1.049** | 1.263 | **-16,9%** |
| **Вкупна ефикасност** | **50,4** | 51,8 | |

Табела бр.26 Вкупен криминалитет

- Најголем број на кривичните дела евидентирани се во областа на **класичен криминал** 984 кривични дела за кои се поднесени 934 кривични пријави против 824 сторители. Од вкупниот број на кривични дела од општиот криминалитет, 437 се извршени со познат сторител, а 464 се извршени од непознат сторител, и постигната е **ефикасност од 50,43 %** што е незабележително намалување на ефикасноста во однос на претходната година. Најголем процент, односно околу 61,69 се кривични дела кои спаѓаат во кривични дела против имотот, ("кражба", "тешка кражба" и "одземање на моторно возило"). Истовремено во текот на годината од страна на службите постапувано е и по 1.349 кривични дела кои се гонат по **приватна тужба**, а најзастапени се "кражби" со 662 дела.
- Во областа на **економскиот криминалитет** намален е бројот на кривичните дела, односно евидентирани се 47 кривични дела помалку споредбено со претходната година, односно документирани се и 91 кривично дело против 110 сторители. Причинета е материјална штета во износ од 28.012931 денари, а најзастапено е кривично дело "злоупотреба на службена положба и овластување"., додека најголемо намалување е регистрирано кај кривичните .дела „фалсификување и уништување деловни книги", односно оваа година евидентирани се четири (24) кривични дела. Карактеристично за оваа година, е зголемениот број на кривичните дела "бесправно градење осум(три) кривични дела. Исто така, како обележје и карактеристика за оваа година се евидентираните 26 кривични дела "вршење на јавен превоз без поседување лиценца". Во врска со уништувањето на шумите, поради регистрирани најразлични злоупотреби поднесени се вкупно 20 кривични пријави против 28 службени, правни и физички лица.
- Во врска со справувањето со илегалната миграција и криумчарењето на мигранти поднесени се вкупно 36 кривични пријави против 36 сторители, од кои најголем број или 18 кривични пријава за сторено кривични дело „фалсификување исправи", потоа по седум кривични пријави „криумчарење на мигранти" и „разбојништво". Покрај ова, откриени се две кривични дела "злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската унија и на Шенгенскиот договор" извршени од страна на двајца сторители.
- Во областа на **недозволената трговија со droги** откриени се 80 (70) кривични дела за кои се поднесени 71 (69) кривични пријави против 78 (72) сторители, а запленети се 9512,6 гр. марихуана" или **49,93 % повеќе** од истиот период минатата година

## 34.2 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир

Активностите на во областа на јавниот ред и мир воглавно беа насочени кон одржување на стабилна безбедносна состојба. Пријавени се вкупно 614 (659) нарушувања на јавниот ред и мир и 1906 поплаки од граѓани. Поднесени 531 барања за поведување на прекршочна постапка за вкупно 598 регистрирани прекршоци од ЗППЈРМ против 796 сторители. Според видот на прекршоците и оваа година најзастапени се физичките напади со 291 прекршоци, потоа учество во тепачка со

75 прекршоци, оддавање на пијанство 68 прекршоци и карање, викање со 47 прекршоци.

### 34.3 Превенција

Статистиките и анализите кои се однесуваат на работата на полицијата покажуваат дека од година во година полицијата води политика на намалување и сузбивање на криминалот, ставајќи акцент на нејзината **превентивна активност**. Голем дел од активностите кои се насочени кон сузбивањето на механизмите кои доведуваат до одредени криминални дејанија ја вклучуваат превенцијата. Реализирани се активности во рамките на кампањата Ден без автомобили – „Паметно движење, силна економија", едукативно предавање во партнесрство со Отсекот за комјутерски криминал, Зајакнување на довербата на сите заедници во полицијата", како и Присуство на обука за обучувач на тема: Превенција од насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам преку полициско работење во заедницата" (ПЕРТ).

## 35. СВР ТЕТОВО

Секторот за внатрешни работи Тетово во 2016 година превземаше континуирани мерки и активности во рамките на законските овластувања со цел превенирање, спречување и сузбивање на сите форми на криминалитет и девијантни однесувања, со што обезбеди **стабилна безбедносна состојба на целото подрачје без посериозни нарушувања**. Подрачјето кое ингерентно го покрива СВР Тетово го карактеризира исклучителна секојдневна динамика, голема фреквенција на луѓе, стоки и возила, просторна и демографска различност и бројни карактеристики од општествена, економска, социјална, етничка, културна и друга природа и карактер, кои сами по себе бараат целосно расветлување и нивното безбедносно третирање и навремено постапување.

### 35.1 Криминалитет

Во текот на 2016 година на подрачјето на СВР Тетово е забележано зголемување на криминалитетот од 4,3 % во споредба со минатата 2015година .Во наведениот период вкупно се извршени **2.050 *кривични дела*** , за кои се поднесени вкупно 1169 кривични пријави против 1417 сторители. Од извршените согледувања е констатирано дека СВР Тетово **постигна ефикасност во откривачката функција на извршените кривични дела *од 68 %.*** Покрај ова, во овој период од страна на СВР Тетово до ОЈО Тетово беа поднесени и 18 кривични пријави против 19 сторители за сторени 18 кривични дела "Предизвикување игри на среќа без лиценца, односно без дозвола од надлежен орган" предвидено и казниво по чл.156 став 3 од Закон за игри на среќа и забавни игри, како и се регистрирани две дела против две правни лица кои не можат да се внесат во АОП системот.

| СВР Тетово | | | |
|---|---|---|---|
| | **2016** | 2015 | зголемување /намалување |
| **Регистрирани кривични дела** | **2.050** | 1.965 | **4,3%** |
| **Поднесени кривични пријави** | **1.169** | 1.053 | **11,0%** |
| **Регистрирани сторители** | **1.417** | 1.313 | **7,9%** |
| **Вкупна ефикасност** | **68%** | 67% | |

Табела бр. 27 Вкупен криминалитет

- За одбележување е состојбата што и понатаму **доминираат кривичните дела извршени во областа на класичниот криминалитет** -1860 или 91% пред се имотните деликти со зголемен број на извршени кривични дела кражби и тешки кражби извршени на подрачје кое безбедносно го покрива ПС од ОН Гостивар. Во овој период откриени и пријавени се вкупно **1.223 сторители**, за што се поднесени **1023 кривични пријави**. Од извршените кривични дела со непознат сторител **расветлени се вкупно 347 кривични дела** и е постигната вкупна **ефикасност од 36 %** . Притоа за одбележување е што во текот на 2016 год реализирани се и 24 кривични дела кои биле извршени во текот на изминатите години. Од имотните деликти доминираат **тешките кражби -556,** од кои реализирани се вкупно 165 кривични дела. Со овие кривични дела е предизвикана претпоставена материјална штета во износ од околу 35.687.345,оо денари, а најголем број од тешките кражби се извршени во куќи, станови и викендици.
- Во областа на **економскиот криминалитет** се откриени се **97 кривични дела** што преставува незначителен пораст на откривачката функција за 2% во споредба со минатата 2015 година. Кривичните дела се извршени од страна на **95 сторители** против кои се поднесени **67 кривични пријави,** а доминира кривичното дело "пустошење на шума" – со 52% од вкупниот број на кривични дела од оваа област.
- Во областа на **недозволената трговија со дроги и оружје** се откриени 83 кривични дела, за што мерки на кривичен прогон се преземени против 92 сторители. За обележување е **дека на ова подрачје се запленети најголемите количини на марихуана –192 килограми**.
- Во овој период СВР Тетово откри и осум кривичните дела од областа на организираниот криминал, од кои седум за „фалсификување на пари" и две кривични дела против државата. Во текот на 2016 година на ова подрачје се спроведени **22 акциски контроли** во кои се откриени 68 странски државјанки и 40 државјанки на Р. Македонија кои директно биле изложени на експлоатација од страна на нивните сопственици.

### 35.2 Прекршоци областа на јавниот ред и мир

Секторот за внатрешни работи Тетово преземаше широк сет на мерки и актививности во извештајниот период  и во сферата на јавниот ред и мир. Во оваа област е **забележано благо зголемување на прекршоците,  но за одбележување е тоа што не се регистрирани  нарушувања од поголем обем**, кои би ја нарушиле безбедносната состојба. За остварување на таа цел, со засилено полициско присуство навремено беа „покривани“ потенцијалните „жаришта“ и ризичните криминогени места на подрачјето.

Во 2016 година, се поднесени 583 барања за поведување на прекршочна постапка против 911 сторители. **Најзастапени прекршоци се „физички напад“** - 244 и „учество, предизвикување или потикнување на  тепачка“- 111 .Најголем број од прекршоците се извршени поединечно-388 во градска средина -377. Од извршената анализа произлегува дека најголем број на прекршителите се од машки пол (859), на возраст над 25 години (705) и се невработени лица (506).

### 35.3 Превенција

Во 2016 година од страна на Отсекот за превенција при СВР Тетово беа реализирани девет проекти, со кои беа опфатени учениците од основните и средните  училишта , учесници во сообраќајот  на целото подрачје на СВР Тетово,како и полициски службеници. Се работи за следните проекти : „Превенција од злоупотреба на дрога“,   „Превенција од трговија со деца “, „Биди безбеден на мотор“, „Превенција од екстремизам, радикализам и тероризам преку полициското работење во заедницата “,  „Мерки и активности по Акционен план“, „Безбедност во училиштата за меѓуетнички соживот и толеранција“, „Криминал од омраза“, “Говор на омраза“ и „ Улогата и придонесот на жената во безбедноста“.

## 36. РЕГИОНАЛНИ ЦЕНТРИ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ  - Прекугранични криминал на северната, западната,источната и јужната граница

## 37. РЦ  ЗА ГР СЕВЕР – Состојба со северната граница

Безбедносната состојба на македонската државна граница кон РСрбија и РКосово не бележи значителни промени споредено со состојбата во претходната година. До одлуката за затварање на балканската рута за движење на мигрантите, беше зголемен  бројот на илегални мигранти од земјите на Блискиот Исток  главно од земјите зафатени со воени дејствија  Сирија, Авганистан и Ирак. Исто така, во текот на годината се соочувавме со голем број на економски мигранти  од афро-азиските земји.  Со затворање на т.н.„Балканска рута“ беше намален бројот на мигранти од сите категории. Друг облик на криминална активност на подрачјето на РЦ за ГР Север е појавата на криумчарење на дрога, акцизна стока  и друг вид на стока преку државната граница, обид за внесување/изнесување на украдени моторни возила.

На граничните премини на излез од РМакедонија регистриран е зголемен

број на албански државјани кои со фалсификувани патни исправи и лични карти, се обидуваа да остварат излез од државата. На зелениот дел од границата зголемен е бројот на лица кои вршат бесправна сеча на шума и транспорт на огревно дрво.

## 37.1 Криминалитет

Поднесени се вкупно се 73 кривични пријави против 73 лица за сторени 73 кривични дела, при што откривачката функција и бројот на сторители бележат намалување за околу 69%. Најголем број или 90% од откриените кривични дела се за „фалсификување исправа", по што следат откриените седум кривични дела „криумчарење мигранти".

## 37.2 Илегални преминувања на границата

Во текот на 2016 година, откриени се вкупно 813 (417) лица илегални мигранти од кои: 68 лица се илегални мигранти откриени при обид за илегален влез/излез од РМ, додека 745 лица се економски мигранти и бегалци откриени во внатрешноста на територијата на РМ.

Во 2016 година откриени се 68 (104) илегални минувачи на државната граница, при што се забележува тренд на опаѓање на откриениот број на илегални минувачи во однос на 2015 година за 52%.

## 37.3 Илегална миграција

Во текот на 2016 година, на подрачјето на РЦ за ГР Север од страна на овластените службени лица во внатрешноста на РМ откриени се вкупно 745 (313) економски мигранти и бегалци кои претходно илегално ја поминале државната граница на РМ, што бележи тренд на зголемување за 58% во однос на 2015 година. Кумановско – Липковскиот реон е подрачје со висок ризик (откриени во с. Ваксинце, с. Лојане, м.в. Силоси кон с. Речица, Нато клучка кон с. Речица, напуштена бензинска пумпа Милано итн), бидејќи истиот е дел од западно – балканската рута на движење на илегалните мигранти.

## 37.4 Криумчарење мигранти

Во текот на 2016 година, поднесени се **седум**(29) кривични пријави за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти" и **14** известувања во врска со кривично дело „криумчарење на мигранти". Делувањето на криминалните групи на подрачјето на РЦ Север кои се занимаваат со криумчарење на мигранти го опфаќа поширокиот кумановски реон, додека дел од членовите на организираните криминални групи делуваат и во поширокиот регион, односно во соседните држави Р. Грција и Р. Србија, кои го организираат транспортот и пренесувањето на илегалните мигранти. Во зависност од нивните сознанија и проценки, криминалните групи ја одредуваат и честопати ја менуваат рутата на движење на мигрантите. Како главна рута која најчесто се користи од страна на организираните криминални групи е патниот правец **Гевгелија-Валандово-Демир Капија-Неготино-Велес–Скопје-Куманово** и споредна рута на движење преку **Струмица-Радовиш-Штип-Свети Николе до Куманово**.

### 37.5 Фалсификувани документи

При редовно извршување на работните задачи во текот на 2016 година на граничните премини откриени се **142** (97) фалсификувани документи, при што најголемиот број од откриените се албански патни исправи употребени од албански државјани најчесто на излез од РМакедонија. Лицата кои коистеле фалсификувани албански патни исправи најчесто претходно имале забрана за влез во земјите на ЕУ, додека фалсификатот најчесто се состоел во бришење на текстот во патната исправа, замена на страниците со неоригинални страници, како и механичко отстранување на страниците.

### 37.6 Криминал со возила

Во текот на 2016 година, откриени се вкупно 15(22) патнички возила на кои фалсификатот се однесува во делот на идентификациониот VIN број втиснат на возилото, кој не одговарал со идентификациониот број впишан во сообраќајната дозвола. Најголем број откриени фалсификувани VIN броеви на возила со косовски регистарски ознаки-шест, потоа со македонски регистарски ознаки- шест возила, со српски две возила и од Албанија-едно возило. Во однос на видот на возилото најчесто се фалсификуваат возила од марката Фолксваген и Мерцедес – по пет патнички возила Ауди- две патнички возила.

### 37.7 Злоупотреба на безвизниот режим на Р.Македонија со земјите членки на ЕУ

Во текот на 2016 година на граничните премини е регистриран **недозволен излез на 896** (5.264) лица македонски државјани – потенцијални баратели на азил во земјите членки на Европската унија.

Злоупотребата на безвизниот режим го вршат најчесто лица од економски ранливите категории, кои по заминувањето во некои од земјите на ЕУ од тамошните власти бараат економски азил, при што оваа активност ја вршат заради стекнување на материјална корист. Инаку, од земјите на Европската унија се депортирани 2.673 (1.619) лица лажни баратели на азил, и споредбено со претходната година бројот на депортирани лица бележи зголемување од 65%.

### 37.8 Прекршоци

Поднесени се вкупно 631 барања за поведување прекршочна постапка од кои 160 против македонски државјани и 471 против странсјки државјани, при што од поднесените барања за прекршочна постапка 67% се однесуваат на сторени прекршоци од Законот за странци.

### 37.9 Превенција

Во делот на превенцијата реализирани се 27 проекти при што се одржани 66 едукативни средби со граѓани и трибини:

- „Јас како странец и мојот привремен престој во РМ“;
- Регулирање на престој на студенти-странски државјани кои студираат на универзитетите во РМ;

- Полициско работење во заедницата;
- Превенција од миграција и здравствена заштита;
- Превенција на шумите од пожари и Заштита од топлотен удар;
- „Лето без пожари“;
- Пријавување на странец со престој во РМ;
- „Превенција за заштита на дивите животни за време на лов“;
- „Заедно до побезбедна ловна сезона 2016/2017“;
- „Справување со нелегална миграција“;
- „Превенција од криволов“,
- „Превенција од криумчарење на жива стока“;
- „Постапки при ниски температури и смрзнатини“;
- „Превенција од криумчарење на мигранти“;
- „Превенција од бесправна сеча на шумите“;
- „Превенција од илегално преминување на државната граница“,
- „Превенција од криумчарење на акцизна и друг вид на стока“;
- „Превенција и заштита при евентуално излевање и поплави по течението на река Пчиња“;
- „Превенција од прекуграничен криминал“;
- „Закон за заштита од пушењето и закон за јавна чистота“;
- „Да ги заштиттиме децата во сообраќајот“;
- „Превенција и ризици од употреба на пиротехнички средства“;
- Превенција од извршување на кривични дела „Зависност од опојни дроги кај младата популација“ и „Безбедност во урбаните и руралните средини“.

# 38. РЦ ЗА ГР ЗАПАД – Состојба со западната граница

Безбедносната состојба на македонските државна граници кон РАлабнија и на север со РКосово во текот на 2016 година, не бележи значителни промени споредено со состојбата во текот на 2015 година. Глобализацијата и интернационализацијата на пазарот на трудот, како и разликите во животниот стандард меѓу соседните држави се основни причини за појавата и интензивирањето на илегалните преминувања и недозволените активности кои се присутни на делот на прекуграничниот криминал во надлежност на РЦ за ГР Запад.

## 38.1 Криминалитет

Бројот на откриени кривично правни настани е во надолна линија, особено намалување споредбено со минатата година е забележан во откривањето на кривични дела поврзани со криумчарење. Намалување бележи и откривањето на кривични дела поврзани со пустошење на шума и кражба на огревно дрво, додека на приближно исто ниво е откривањето на кривичните дела поврзани со фалсификувани документи.

Поднесени се вкупно 39 кривични пријави против 19 лица за сторени 40 кривични дела, при што откривачката функција бележи намалување за околу 19% , а кај бројот на сторители намалувањето е за околу 50%. Половина или 52% од

откриените кривични дела се поради незаконит риболов, по што следат откриените седум кривични дела фалсификување исправа.

Во 2016 година, на подрачјето кое го покрива РЦ за ГР Запад не се регистрирани настани на „криумчарење на мигранти „ и не се откриени лица мигранти по потекло од Блискиот и Среден Исток (економски и мигранти бегалци). Во 2017 година на подрачјево на РЦ за ГР Запад можно е зголемување на бројот на мигранти од Грција преку Македонија кон Албанија, (промена на рутата на движење) од државите на Блискиот Исток зафатени со воените конфликти.

Континуирано се преземаа мерки за спречување на појавата на „злоупотреба на безвизниот режим на РМакедонија со земјите на европската унија“, при што е регистрирано намалување на лица кои сакаат да остварат излез од Рмакедонија, со цел да го злоупотребат безвизниот режим со Европските земји.

Во изминатите години забележителен е трендот на намалување на бројот на илегалните преминувања на државната граница со РАлбанија, што најверојатно се должи на визната либерализација на РАлбанија со земјите од Европската унија. Овој тренд на намалување се очекува да продолжи и во 2017 година. Илегалното преминување на државјани на Ралбанија во РМакедонија, најчесто е економски мотивирана, особено заради слаби примања во сопствената земја, како и заради лошиот економски статус во земјата.

Сите откриени илегални мигранти се со албанско државјанство, а може да се заклучи дека илегалните преминувања се заради сезонско вработување, и тоа најчесто во пограничните села (Велешта, Радолишта, Делогожда, Франгово и др) како и во поблиските градови Струга, Дебар и Гостивар, каде што се прифатени од локалното население.

Во текот на 2016 година, откриени се вкупно 122 илегални мигранти, што во споредба со минатата година претставува намалување за 29 %. Најголем број од нив се откриени во внатрешноста -102, при излез се откриени 14 и при влез во земјата се откриени 6 лица.




**Мапа бр.4** Најчесто користени правци од илегалците

### 38.2 Откриени фалсификувани документи и моторни возила

Оваа година откриени се 83 случаи на фалсификувани документи од кои 60 патни исправи, скоро сите од РАлбанија и три возила со фалсификувани броеви на шасија, при што фалсификувањето документи најчесто е вршено со преправка на текстот или бришење негови делови

### 38.3 Прекршоци

Во текот на 2016 поднесени се вкупно 322 барања за поведување на прекршочна постапка против 344 лица, при што најголем дел или 42% од поднесените барања се однесуваат на сторени прекршоци од Законот за странци.

### 38.4 Превенција

Во делот на превенцијата реализирани се пет проекти и тоа:

- Превенција од кривични дела-„Криумчарење мигранти од страна на регистрирани такси превозници како и други јавни превозници кои вршат превоз„
- „Безбедност на вода –укажување на прва помош и превентивни совети при настанување на пожар„
- Полицијата и граѓаните заедно „Мојот пријател полицаец„
- „Превенција од кражби на плажи и паркинзи, како и поголема безбедност во вода на Охридското крајбрежје и Струшкото крајбрежје„
- „Јас како странец и мојот привремен престој во Р.Македонија„.

## 39. РЦ ЗА ГР ИСТОК- Состојба со источната граница

Во текот на **2016** година **безбедоносната состојбата** на подрачјето на РЦ за ГР Исток границата на РМакедонија со РБугарија, беше **стабилна и поволна**, со тенденција истата да продолжи и во текот на наредната 2017 година.

### 39.1 Криминалитет

Бројот на откриените кривични дела во однос на претходната година е во опаѓање од 21,5%., односно во текот на годината на подрачјето на РЦ Исток откриени се 73 кривични дела, од кои најбројни се кривичните дела „фалсификување исправа“ – 42, потоа следат кривичните дела „криумчарење на мигранти“ -20 и четири кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори“.




Мапа бр. 5 На загрозеност од прекуграничен криминал

Во **2016** година **не се регистрирани гранични инциденти,** регистрирани се само **23 случаи** на илегални преминувања на државната граница од страна на **269** лица, кои бележат тренд на **зголемување** во однос на мината година кога илегално ја поминале државната граница 81 лице. За напомена е дека во 19 од овие случаи станува збор за организирано – групно поминување на македонско грчката граница од страна на лица илегални мигранти и бегалци од кои најголемиот број или 88 лица се од Авганистан и 94 од Сирија, додека во останатите случаи се работи за илегално преминување на државната граница со РБугарија од страна на македонски државјани.

**Најчесто користени рути** за илегални минувања на државната граница и вршење на прекуграничен криминал **на границата со Грција** водат кон Гевгелија, Валандово, Струмица, Радовиш, Штип, Свети Николе, Куманово - кон границата со РСрбија, и **на границата со Р.Бугарија** - најнападнати со илегални минувачи и прекуграничен криминал се: во близина на Граничните премини „Ново Село“, „Делчево“ и „Деве Баир“, како и местата во близина на ГК 3, ГК 9, ГК 32 (на реонот на ПС за ГП и ГН „Ново Село“), ГК 37, ГК 45, ГК 49 (ПС за ГН Пехчево) ГК 62, ГК 64 и ГК 78 (на реонот на ПС за ГП и ГН „Делчево“) и ГК 96 (на реонот на ПС за ГП и ГН „Деве Баир“).

### 39.2 Криумчарење мигранти

Бројот на откриени случаи на криумчарење мигранти на ова подрачје во 2016 година бележан тренд на зголемување во однос на претходните неколку години, а во однос на 2015 година зголемувањето изнесува 46%.
Во рамките на откриените 19 кривични дела "криумчарење на мигранти", од страна на РЦ за ГР Исток, во обидот да бидат прокриумчарени спречени се 263 мигранти, од кои 185 се од земјите на Блискиот Исток зафатени со воени конфлики и 78 економски мигранти од други држави.

### 39.3 Криумчарење на акцизна стока, дроги, оружје и останата стока

Откриените случаи, на криумчарење на акцизна стока, дрога, оружје и останата стока преку државната граница бележат намалување од 80% во однос на минатата година. Од откриените шест случаи, четири се за криумчарење на дроги при што се пронајдени и одземени **21 килограми и 13 грама** марихуана и **1 таблета** амфетамин, во еден случај е откриено криумчарење на оружје –воздушна пушка и муниција и во еден случај се откриени и одземени 1.505 штеки цигари.

### 39.4 Фалсификувани документи

Оваа година откриени се 61 случај на фалсификувани документи од кои 39 патни исправи, во најголем број од РАлбанија, девет бугарски зелени карти и четири возила со фалсификувани броеви на шасија.

### 39.5 Прекршоци од областа на јавниот ред и мир

Во текот на 2016 поднесени се вкупно 367 барања за поведување на прекршочна постапка против **367** физички лица и две правни лица. Од поднесените барања за прекршочна постапка само 18 се однесуваат на сторени прекршоци од Законот за странци.

Споредбено со 2015 година кога вкупниот број на патници на влез и излез изнесувал 2.200.675, во 2016 година бележиме **зголемување** од 12,3 %. во однос на фреквенцијата на патници за - 271 417 патници. Најголема фрекфенција на влез и излез на патници е регистрирана на ПС за ГП Деве Баир.




Графички приказ бр.16 Проток на патници по Гранични премини

Во текот на 2016 година од страна на полициските службеници од ПС за ГП и

ГН при РЦ за ГР Исток, откриени се вкупно 1.153 (1.225) лице, патни исправи и возила, кои што евидираат во СТОП листа на СКПВ.

Во текот на **2016** година не е дозволен влез на **274** странски државјани од кои најголем дел или **182 бугарски државјани.** Од **94** лица странски државјани, на кои што од страна на РЦ за ГР Исток не им е дозволен излез, во најголем број станува збор за **албански државјани – 38 лица**

## 40. РЦ за ГР ЈУГ- состојба со јужната граница

**Главен акцент** при постапувањето на РЦ за ГР Југ во текот на оваа година, беше ставен на справувањето со **илегалната миграција и криумчарењето мигранти**, при што беа преземени и дополнителни активности за насочување на службите на критичните места и правци од каде најчесто влегуваат илегалните мигранти, профилирање и следење на криминалните групи или лица, како и превентивни активности со одржување трибини и средби со локалното население за справување со илегалната миграција и рано информирање.




Официјалното затворање на границите допринесе кон зголемување на бројот на лица кои се обидуваат на илегален начин да ја преминат македонско-грчката граница, а со тоа се зголеми и делувањето на криминалните групи и вршењето на кривичните дела „криумчарење на мигранти“.

Исто така, затворањето на границите резултираше и со насилен и агресивен однос на мигрантите кои се наоѓаа на грчка територија, при што во текот на годината беа регистрирани **четири гранични инциденти** од страна на мигрантите и едно нарушување на воздушниот простор од страна на борбени авиони од Р Грција.

### 40.1 Криминалитет

По преземени мерки Регионалниот центар за гранични работи Југ поднесе **61 кривична пријава против 79 сторители** за сторени **61 кривично дело** од кои најголемиот дел или 45 дела се „криумчарење на мигранти“, потоа 15 дела „фалсификување исправа“ и **едно** дело „неовластено ловење, чување и отуѓување диви животни и птици“.

Од вкупниот број на поднесени кривични пријави дел од нив или 19(32) кривични пријави се поднесени против 21(38) странски државјанин од кои пет се државјани на Србија, потоа по три се државјани на Грција, Косово и Турција, двајца државјани на Италија и по еден државјанин на Албанија, Бугарија и Грузија за сторени 19(32) кривични дела.

Исто така, во овој период откриени се и дополнителни 52 кривични дела, од кои најголемиот дел или 30 кривични дела се „криумчарење на мигранти" извршени од непознати сторители, кои со посебни известувања се доставени до ОЈО Скопје, додека останатите 22 кривични дела од кои по осум кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци" и „кражба", три дела -„фалсификување на исправа„ и по едно дело „тешка кражба"„криумчарење" и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" се предадени на надлежните Сектори за внатрешни работи.

## 40.2 Илегална миграција

Во рамки на илегалната миграција континуирано се преземаа зајакнати мерки и притоа регистрирани се вкупно **126.181(838.868)мигранти,** од кои на најголемиот дел или 89.328 мигранти им се издадени потврди за искажана намера за барање на азил врз основа на Законот за азил и го продолжиле своето патување кон земјите на Европската унија, потоа **35.177(9.422) мигранти се откриени на самата граница** од страна на ПС при РЦ за ГР Југ и Армијата на РМакедонија и одвратени во РГрција, додека **останатите 1.676(1284) мигранити се откриени на влез, излез или во внатрешноста на државата.**

Најчеста причина за одвраќање на откриените 35.177 мигранти во РГрција беа поради фалсификување грчки потврди-3.323, потоа поради поседување на грчки потврди на кои стои земја на потекло на економски мигранти кои не се пропуштаат (Иран, Пакистан, Мароко и други)-2.063, поради непоседување документи-29.697 и сл.

## 40.3 Криумчарење мигранти

Во наведениот период откриени се вкупно **75 случаи на криумчарење на мигранти**, во обид да се прокриумчарат 1.178 мигранти најчесто од Сирија, Авганистан, Пакистан, Ирак и Алжир. По преземени мерки поднесени се 45 кривични пријави против 61 сторител кои се обиделе да прокриумчарат 596 мигранти (Авганистан-226, Бангладеш-5, Мароко-21, Иран-35, Пакистан-159, Сомалија-9, Алжир-5, Палестина-3, Еритреа-3, Ирак-48, Египет-3, Сирија-69, Конго-4, Индија-5 и Либија-1.), а останатите 30 случаи се извршени од непознати сторители кои откако ќе ја забележале полициската патрола ги оставале мигрантите и бегале од лице место, а и иститсе се обиделе да прокриумчарат 582 мигранти.

Најголемиот дел или 50 од сторителите против кои се поднесени пријави се државјани на РМакедонија, потоа пет се српски државјани, по двајца државјани се од Бугарија и Италија и по еден државјанин на Грција, Италија и Албанија.

**За напоменување е случајот на криумчарење на мигранти** откриен кај с.Прдејци, при што едно лице од Сарај-Скопје во товарно возило се обидел да

прокриумчари 58 илегални мигранти и тоа 50 државјани на Ирак и 8 државјани на Авганистан, кривичната пријава е поднесена од страна на ОСОСК.

При расветлување на случаите, сузбиена е една криминална група која од почетокот на 2014 година во Кавадаречкиот регион вршела кривични дела од областа на недозволена трговија со дрога и друга стока, криумчарење на мигранти, недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки матери и др.

## 40.4 Откриени фалсификувани документи

Намалување бележиме во откривањето на фалсификувани документи, односно откриени се вкупно 3.403 за разлика од минатата година, кога беа откриени само 5.740 документи. Најголемиот број од откриените фалсификувани документи или 3.370 се откриени од страна на полициските службеници ангажирани на Привремениот транзитен центар Гевгелија и од страна на полициски службеници од ПС за ГП и ГН Богородица и тоа: 3.319 фалсификувани грчки потврди, 27 фалсификувани патни исправи, 15 фалсификувани лични карти и девет фалсификувани други документи, додека останатите 32 документи се откриени на три гранични премини Богородица, Меџитлија и Стар Дојран (во најголем дел се работи за лични карти на земјите од Европската унија) и еден фалсификуван документ – потврда за редовен студент на Универзитетот во Битола е откриен во внатрешноста.

## 40.5 Прекршоци по закони

Во однос на останатите заноки во текот на годината откриени се **1.824(1.661) прекршоци**, кои во однос на минатата година бележат благо зголемување од 9%. Најголем дел од откриените прекршоци се од Законот за безбедност на патниот сообраќај-331(558) прекршоци, Закон за патни исправи 209(360), Законот за гранична контрола-999(216), Закон за странци 43(161), Закон за возила 158(168) и помал број од други закони.

Исто така, издадени се 744(1508) прекршочни мандатни и платни налози за наплата на глоба, кои во однос на минатата година бележат значително намалување од 51%, како и 531(593) барања за поведување на прекршочна постапка.

## 40.6 Присуство на странски полициски сили

Заради унапредување на меѓународната полициска соработка, а се со цел за подобро справување со мигрантската криза, министерот за внатрешни работи согласно претходно потпишани и ратификувани договори за соработка до повеќе земји испрати Покана за учество во заеднички операции, при што на истата поканата ја прифатија повеќе земји учеснички и тоа: Хрватска, Унгарија, Словенија, Чешка, Србија, Полска, Словачка, Австрија .